**УДК: 159.9** ISSN: 1857-9825

# ПСИХОЛОГИЈА
## НАУКА И ПРАКТИКА

**ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА**
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Декември, 2023
Година VII, Број 13

**ПСИХОЛОГИЈА: НАУКА И ПРАКТИКА**
Година VII, Број 13, 2023 година

**Издавач:**
Институт за психологија
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**РЕДАКЦИЈА**
Проф. д-р Калина Сотироска Иваноска, *главен и одговорен уредник*
Проф. д-р Николина Кениг
Проф. д-р Орхидеја Шурбановска
Проф. д-р Ана Фрицханд

**МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Проф. д-р Миклош Биро, Србија
Проф. д-р Вивиана Лангер, Италија
Проф. д-р Стивен Тома, САД
Проф. д-р Станислава Стојанова, Бугарија
Проф. д-р Мери Тадинац, Хрватска
Проф. д-р Еуген Аврам, Романија
Проф. д-р Панајотис Цакирпалоглу, Република Чешка

**Технички секретар:** доц. д-р Маја Корубин Ќорлука

**Лектура на македонски јазик:** Лилјана Јовановска - Филаделфија Дооел

**Компјутерска подготовка:** Европа 92, Кочани

**Адреса:** Институт за психологија, Филозофски факултет,
бул. „Гоце Делчев“, 9А, 1000 Скопје, Република Македонија

**E-mail**: pssp@fzf.ukim.edu.mk

**PSYCHOLOGY: SCIENCE AND PRACTICE**
Volume VII, Number 13, 2023

**Publisher:**
Institute of Psychology
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril & Methodius University - Skopje

**EDITORIAL BOARD**
Prof. Kalina Sotiroska Ivanoska, PhD, *Editor In Chief*
Prof. Nikolina Kenig, PhD
Prof. Orhideja Shurbanovska, PhD
Prof. Ana Frichand, PhD

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
Prof. Mikloš Biro, PhD, Serbia
Prof. Viviana Langher, PhD, Italy
Prof. Stephen Thoma, PhD, USA
Prof. Stanislava Stoyanova, PhD, Bulgaria
Prof. Meri Tadinac, PhD, Croatia
Prof. Eugen Avram, PhD, Romania
Prof. Panajotis Cakirpaloglu, PhD, Czech Republic

**Technical Secretary:** Doc. Maja Korubin Kjorluka, PhD

**Language Editing:** Liljana Jovanovska - Филаделфија Дооел

**Layout:** Evropa 92, Kočani

**Address:** Institute of Psychology, Faculty of Philosophy,
blvd. „Goce Delcev“, 9A, 1000 Skopje, Republic of Macedonia

**E-mail:** pssp@fzf.ukim.edu.mk

**Содржина**

ОД ПОДАТОЦИ ДО РЕШЕНИЈА: МЕТОДОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКАТА СТУДИЈА ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО ПОВРЗАНО СО ЗДРАВЈЕТО КАЈ ДЕЦАТА НА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ (HBSC) 2022 И СТРАТЕГИИ ЗА НАРЕДНИОТ ЦИКЛУС
**Калина Сотироска-Иваноска, Шерузе Османи Балажи, Ибрахим Незири, Лулјета Беџети, Лина Ќостарова-Унковска.............................................. 7**

КАРАКТЕРНИТЕ МОЌИ И ОПШТАТА САМОЕФИКАСНОСТ КАЈ СТУДЕНТИ
**Маја Корубин-Ќорлука...................................................................... 17**

КОРЕНИ НА ИМПЛИЦИТНАТА СОЦИЈАЛНА КОГНИЦИЈА ВО КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИИТЕ ЗА АВТОМАТИЗМОТ И ИМПЛИЦИТНАТА МЕМОРИЈА
**Васка Лешоска............................................................................... 35**

КУЛТУРОЛОШКИ НИЈАНСИ ВО ПУШЕЊЕТО КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ: УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО, НАСТАВНИЦИТЕ И ЕКОНОМСКАТА БЛАГОСОСТОЈБА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Шерузе Османи-Балажи, Лулјета Беџети, Ибрахим Незири, Калина Сотироска-Иваноска, Бехаре Касими ...................................................... 70**

ТИВКОТО ЕГО И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ЖИВОТОТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ
**Ана Ѓорѓевиќ................................................................................ 71**

ПРОВЕРКА НА ПСИХОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СКАЛА ПРИФАЌАЊЕ МОДЕРНИ МИТОВИ ЗА СЕКСУАЛНА АГРЕСИЈА
**Ана-Марија Спасовска ..................................................................... 89**

ОСВРТ НА ТРЕТМАНОТ НА РОДОТ ВО ПСИХОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА
**Анамарија Радуловска, Ана Маркоска, Јетмир Муса .............................. 111**

## Contents

FROM DATA TO SOLUTIONS: METHODOLOGY OF THE MACEDONIAN HEALTH BEHAVIOR IN SCHOOL-AGE CHILDREN (HBSC) 2022 STUDY AND STRATEGIES FOR THE NEXT CYCLE
**Kalina Sotiroska Ivanoska, Sheruze Osmani Ballazhi, Ibrahim Neziri, Luljeta Bexheti, Lina Kjostarova Unkovska ........................................................ 15**

CHARACTER STRENGTHS AND GENERAL SELF-EFFICACY AMONG STUDENTS
**Maja Korubin Kjorluka .............................................................................. 33**

THE ROOTS OF IMPLICIT SOCIAL COGNITION IN CONCEPTUALIZATIONS OF AUTOMATISM AND IMPLICIT MEMORY
**Vaska Leshoska ........................................................................................ 50**

CULTURAL NUANCES IN ADOLESCENT SMOKING: THE ROLE OF FAMILY, TEACHERS, AND ECONOMIC WELL-BEING IN NORTH MACEDONIA
**Sheruze Osmani Ballazhi, Luljeta Bexheti, Ibrahim Neziri, Behare Kasami, Kalina Sotiroska Ivanoska ........................................................................ 51**

THE QUIET EGO AND THE LIFE SATISFACTION AMONG STUDENTS
**Ana Đorđević .......................................................................................... 87**

PSYCHOMETRIC CHARACTERISTICS OF ACCEPTANCE OF MODERN MYTHS ABOUT SEXUAL AGGRESSION SCALE
**Ana-Marija Spasovska ............................................................................ 109**

A REVIEW OF THE TREATMENT OF GENDER IN PSYCHOLOGY AS A SCIENCE DISCIPLINE
**Anamarija Radulovska, Ana Markoska, Jetmir Musa ................................. 130**

УДК: 159.922-053.6-056:303.62(497.7)"2022"
Изворен научен труд

# ОД ПОДАТОЦИ ДО РЕШЕНИЈА: МЕТОДОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКАТА СТУДИЈА ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО ПОВРЗАНО СО ЗДРАВЈЕТО КАЈ ДЕЦАТА НА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ (HBSC) 2022 И СТРАТЕГИИ ЗА НАРЕДНИОТ ЦИКЛУС

**Калина Сотироска-Иваноска** [1]
*Институт за психологија, Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*

**Шерузе Османи Балажи, Ибрахим Незири, Лулјета Беџети**
*Филозофски факултет, Универзитет во Тетово*

**Лина Ќостарова-Унковска**
*Центар за психосоцијална и кризна акција – Малинска*

**Кратка содржина**

Македонската студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст собира податоци за здравјето и благосостојбата кај адолесцентите на 11, 13 и 15-годишна возраст кои одат на училиште. Претставува дел од меѓународната лонгитудинална студија која се спроведува секоја четврта година почнувајќи од 1982 година, во 51 земја од Европа, Северна Америка, Канада и Русија, во соработка со Светската здравствена организација (СЗО). Сите земји кои учествуваат во студијата, неопходно е да се придржуваат до заедничкиот меѓународен стандарден протокол направен и систематски ажуриран од целата HBSC мрежа. Република Северна Македонија во меѓународната мрежа е вклучена од 1988 година и до денес спроведени се 6 циклуси на истражувањето. Со четиридецениско спроведување на студијата на меѓународно ниво и дводецениско на национално ниво, се покажа дека користената методологија и резултатите кои се добиваат, се корисни за следење на критичните прашања во врска со здравјето и благосостојбата на адолесцентите.

**Клучни зборови:** *адолесценти, благосостојба, здравје, HBSC, методологија*

[1] kalina.sotiroska@fzf.ukim.edu.mk

**Вовед**

Адолесценцијата е онтогенетска фаза која вклучува многу промени во развојот на единката, меѓу кои е воспоставувањето на сопствено претставување на себе си, односно кој е поединецот и каде се движи. Себе-концептот е дел од системите на личноста и е поврзан со дефиницијата, квалитетот и проценката на нечии перформанси. Во текот на адолесценцијата, младиот поединец ја создава својата слика за себе и има збир на самоевалуации кои последователно се поврзани со исполнувањето на задачите за изведба како во областа на академското образование (Čerešník, Dolejš, Čerešníková, & Tomšik, 2022).

Адолесцентите се еманципираат од родителите, а нивните референтни точки стануваат врсниците и нивното прифаќање. Притоа, користат различни социјални стратегии за да бидат вклучени во одредена група врсници, вклучително и зголемување на сопствената социјална привлечност преку преземање на некој вид ризично однесување (Čerešník, & Čerešníková, 2022).

Со цел да се истражи и следи однесувањето кон здравјето на адолесцентите на возраст од 11, 13 и 15 години и да се обезбедат информации за поддршка на политиките за образование и подобрување на здравјето, истражувачите од Англија, Финска и Норвешка ја започнаа Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSC) во 1982 година (Smith, et. al., 1992). Оваа студија била меѓу првите меѓународни истражувања за здравјето на адолесцентите.

Крајната цел на студијата е насочена кон подобрување на здравјето и благосостојбата на младите луѓе. Зголемениот фокус кон резултатите од Студијата HBSC резултираше со континуирано подобрување на методологијата врз која се базира студијата. Со поддршка од Светската здравствена организација, сѐ поголем број земји се вклучувале во мрежата на студијата, а во 2002 година и Република Северна Македонија станува полноправна членка на меѓународната студија. Оттогаш во Република Северна Македонија се спроведени истражувања во 2002, 2006, 2010, 2014, 2018 и 2022 година. Истражувањата се спроведувани од страна на Центарот за Малинска под водство на Лина Ќостарова-Унковска, а во 2022 година заеднички со истражувачи од Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот во Тетово, како и неколку активни психолози практичари. Истражувањата се спроведуваат со поддршка од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

**Материјали и методи**

Истражувањето спроведено во 2022 година се базираше врз меѓународниот протокол за HBSC студијата од 2021/22 година. Протоколот ја содржи научната и концептуална рамка на која се потпираат истражувачките прашања, како и многубројните технички упатства за организација и спроведување на истражувањето, од избор на примерок, преку обуки и задавање на инструментот до администрирање на добиените податоци. Целната популација беа 11, 13 и 15 годишни машки и женски ученици.

Врз основа на комплетната листа на државни основни училишта од шесте региони во Република Северна Македонија, добиена од Бирото за развој на образованието се формираше репрезентативен примерок на паралелки на национално и регионално ниво на 11, 13 и 15-годишна возраст, на двата наставни јазици, македонски и албански.

За заштита на приватноста, беа прифатени процедурите од меѓународниот протокол за да се избегне можна идентификација на поединците. Учеството на учениците во истражувањето се базира врз основа на пасивна согласност. Пасивната согласност значи дека учесниците се смета дека дале согласност доколку тие активно не се противат на учество. Учесниците добиваа формулар за согласност за откажување, во кој родителите ја негираат согласноста за учество на нивните деца, а доколку не беше вратен потпишан формулар, се сметаше дека се подразбира согласност за учество на адолесцентите.

**Примерок**

Процедурата за формирање примерок беше базирана врз пропозициите наведени во меѓународниот протокол 2021/22. Примерокот беше изготвен по пат на систематски случаен избор, при што за единица анализа беа земени основните и средните училишта во целата земја. При изборот на испитаници беше направена и стратификација според наставниот јазик, македонски и албански.

Секое од избраните училишта беше задолжено да делегира одговорно лице за спроведување на истражувачкиот стандардизиран протокол во своето училиште, а потоа и да учествува во обуката. Одговорното лице беше задолжено да ги информира учениците од избраните одделенија и класните раководители за истражувањето и неговите цели, и да обезбеди согласност од родителите и учениците за нивно доброволно учество во истражувањето. Одговорното лице за училиштето потребно беше да обезбеди соодветни услови за спроведување на истражувањето, односно да обезбеди поединечни компјутери кои

ќе се на оддалеченост така што учениците ќе имаат приватност во одговарањето на прашалникот.

Во примерокот не беа вклучени децата од специјалните училишта, децата со посебни потреби и децата во установи како што се казнено-поправни домови, затвори за малолетници, болници и слично, како и децата кои учат во приватните училишта.

Според наведеното во меѓународниот протокол, за заштита на приватноста, донесени се процедури за да се избегне евентуална идентификација на поединците.

**Инструменти**

За собирање на податоците се користени прашалници за 11, 13 и 15 години, кои се подготвени од страна на меѓународната и националната мрежа на студијата. Прашалниците се подготвени на два наставни јазици, македонски и албански јазик. Во рамките на прашалникот постојат мандаторни прашања кои се задолжителни прашања, кои го сочинуваат главниот дел од прашалникот и се задаваат во сите земји. Потоа, прашалникот го сочинуваат опциони прашања кои се однесуваат на специфични теми, кои секоја од земјите одлучуваат дали да ги вклучат во нивните прашалници. Во прашалникот можат да се вклучат и „специфични за земјата“ прашања кои имаат национално значење. Прашањата во прашалникот опфаќаат низа индикатори поврзани со здравјето, но и животните контексти на адолесцентите. Прашањата се подложни на валидација на национално и меѓународно ниво, а резултатите од спроведените постапки се публикуваат. Определени прашања кои се однесуваат на употребата на психоактивни супстанци и сексуалното однесување се наменети само за петнаесетгодишните адолесценти. Во однос на прашањата „специфични за земјата“, освен прашањата за традиционалните родови улоги кои биле вклучени и во претходните циклуси, во 2022 година беа вклучени прашања поврзани со пандемијата со КОВИД-19.

**Имплементација на истражувањето**

При спроведувањето на циклусот во 2022 година за прв пат пополнувањето на прашалниците беше администрирано онлајн во рамките на училиштата кои ги исполнуваа критериумите во обезбедувањето услови за непречено спроведување на истражувањето. Испитаниците самостојно ги пополнуваа прашалниците, кои се анонимни и администрирани во училницата за време на училишните часови на компјутерите кои им беа достапни за користење. Неколку училишта немаа услови за онлајн спроведување на прашалникот и беа

зададени во хартиена форма. Според протоколот, прашалниците, откако беа пополнети, беа собрани и веднаш ставени во плик запечатен од истражувачите од националната мрежа на студијата во Република Северна Македонија.

Регионалните координатори ги обучуваа одговорните лица од секое училиште вклучено во примерокот, најчесто вработените во стручната служба на училиштето (психолог, педагог) или назначен наставник од страна на директорот на училиштето. Одговорното лице во училиштето, доби информации за паралелките кои се избрани во истражувањето, информирање на учениците, обезбедување на условите на денот на спроведување на истражувањето.

Со цел да се стандардизира анкетирањето во училиштата, одговорните лица добија исти информации и упатства за спроведување на прашалникот. Одговорните лица од училиштата одлучуваа за денот на спроведување на прашалникот во однос на училишните активности. Учениците влечеа шифри кои беа лозинки за пристапување кон прашалникот. Пополнувањето на прашалникот траеше околку 30 минути.

**Резултати**

Процесот на собирање податоци се одвиваше во периодот јануари и февруари 2022 година. Бројот на запишани ученици во шесто и осмо одделение и во прва година средно образование, соодветно на 11, 13 и 15-годишна возраст изнесуваше 6.977 ученици.

Финалниот примерок, прикажан во табела 1, вклучува 5.132 испитаници, од кои 67% беа ученици кои учат на македонски јазик и 33 % проценти беа ученици кои учат на албански јазик.

Вистинскиот број ученици во училиштата беше помал од очекуваното поради состојбата со КОВИД-19. Бројот на случаи на КОВИД-19 беше континуирано висок на национално ниво, што резултираше со одложување на почетокот на полугодието и изолација на учениците поради лична инфекција или инфекција на член на семејството.

Дополнително, иако истражувањето веќе било спроведено пет пати, во некои региони беше креирана негативна кампања за прашалникот, поради чувствителните прашања поврзани со ставките за менталното здравје, сексуалното однесување и сексуалната злоупотреба, како и ставките за родов идентитет. Ваквата ситуација беше покрената или од страна на малцинство од родителите или од страна на локалните медиуми, покрај поддршката за студијата од страна на Министерството за образование и наука. Притоа неколку училишта или паралелки одбија да го спроведат прашалникот, што дополнително придонесе за намалување на очекуваниот број на учениците.

**Табела 1.**

*Финален примерок во истражувањето 2021/2022 година*

| Наставен јазик | 11 години | | 13 години | | 15 години | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | момчиња | девојчиња | Момчиња | девојчиња | момчиња | девојчиња | | |
| Македонски Јазик | 539 | 577 | 558 | 596 | 579 | 577 | 3.426 | 67 |
| Албански јазик | 294 | 333 | 251 | 307 | 265 | 266 | 1.716 | 33 |
| Вкупно | 833 | 910 | 809 | 903 | 844 | 843 | 5.132 | |
| | 1.743 | | 1.712 | | 1.687 | | | |

## Дискусија

Адолесценцијата претставува период во животот на поединецот кога се јавуваат предизвици и можности, бидејќи претставува критичен временски период во однос на идентитетот и ранливоста. Адолесценцијата претставува најдобар период за унапредување на здравјето во однос на правилната исхрана, стекнување навика за вежбање, посветување внимание на менталното здравје, врски, употреба на дрога, пушење и консумирање алкохол, развивање на свесноста за семејното насилство и насилство од банди, позитивна сексуалност и активна политичка ангажираност (Lazzeri, et, al., 2022). Оттука се истакнува важноста и потребата за следење на трендовите на однесувањата поврзани со здравјето и варијациите во различни земји кај адолесцентите. Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст ефикасно и ефективно собира податоци за адолесцентите. Придржувањето кон заедничкиот протокол за спроведување на студијата овозможува собирање податоци кои може да се компарираат помеѓу различните земји кои се вклучени во меѓународната мрежа. Методологијата на спроведување на студијата се применува и во Република Северна Македонија, што овозможува платформа за систематско собирање на податоците за однесувањата поврзани со здравјето и благосостојбата на адолесцентите на 11, 13 и 15-годишна возраст. На тој начин, се следат трендови, се споредуваат резултатите во однос на адолесцентите кои учат на двата наставни јазици во земјата, македонски и албански и претставуваат водич за преземање на соодветни политики за подобрување на животот на адолесцентите. Успешното собирање податоци во 2022 година се базира на посветеноста на тимот на истражувачи вклучени во студијата, активноста на регионалните координатори и одговорните лица задолжени од училиштата.

**Ограничувања**

Следното истражување на студијата ќе се одвива во 2025/26 година. Со поддршка на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука, се планира комплетно онлајн спроведување на прашалникот во сите училипта кои ќе бидат вклучени во примерокот, со тоа се очекува зголемување на бројот на испитаници.

Меѓународната студија PISA (Programe for International Student Assessment) ги проценува способностите, знаењата и вештините на учениците во примена на она што го научиле во училиште во ситуации од животот на крајот на задолжителното образование на возраст од 15 години. Учеството на училиштата во Република Северна Македонија е задолжително во рамките на Меѓународната студија PISA, затоа има висока стапка на учество и подготвеност на училиштата активно да одговорат на процесот на спроведување на студијата. Со задолжителното спроведување на студијата HBSC во училиштата, која се фокусира на разбирање на здравјето и благосостојбата на младите луѓе во однос на нивните социјални средини, вклучувајќи ги семејството, училиштето и односите со врсниците, ќе се добијат податоци за предизвиците со кои се соочуваат адолесцентите. Со меѓусебно надополнување, студиите PISA и HBSC нудат повеќедимензионален поглед на развојот на учениците, овозможувајќи подобро разбирање за тоа како здравствените и социјалните фактори имаат интеракција со образованието. Заедно, тие обезбедуваат вредни холистички сознанија за адолесцентите, не само во однос на академските вештини, туку и во однос на здравјето, среќата и социјалната вклученост.

Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст може да биде мост помеѓу науката и политиката, поврзувајќи се со носителите на одлуки во државата да се поттикне унапредување на здравјето кај децата и адолесцентите (Currie & Alemán-Díaz, 2015). Податоците сами по себе нема да доведат до промени, доколку не им се предочат на креаторите на политиките, детерминирајќи ги нивоата на финансирање и одредувајќи ги приоритетите на владата (Currie & Alemán-Díaz, 2015).

Врз основа на четириесетгодишното опстојување на студијата на меѓународно ниво и на дваесетгодишното собирање податоци во македонското општество, може да се заклучи дека методологијата на Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст и добиените резултати се корисни за следење, детектирање и истражување на критичките проблеми од животот на адолесцентите, нивното здравје и однесувањата поврзани со здравјето.

## Литература

Currie, C. $ & Alemán-Díaz, A.Y. (2015). Building knowledge on adolescent health: reflections on the contribution of the Health Behaviour in School-aged Children (HBSC) study. *Eur J Public Health*, 25(2), 4–6.

Čerešník, M., & Čerešníková, M. (2022). Risk behaviour ofadolescents aged 10–15 in Slovakia. Relation to sex, age, and body massindex. *Adiktologie,* 22 (3), 162–170.

Lazzeri, G., Vieno, A., Charrier, L., Spinelli, A., Ciardullo, S., Pierannunzio, D., Galeone, D., & Nardone, P. (2022). The methodology of the Italian Health Behaviour in School-aged Children (HBSC) 2018 study and its development for the next round. *Journal of preventive medicine and hygiene*, 62(4), 926–933.

Moor, I., Winter, K., Bilz, L., Bucksch, J., Finne, E., John, N., & Sudeck, G. (2020). The 2017/18 Health Behaviour in School-aged Children (HBSC) study–Methodology of the World Health Organization's child and adolescent health study*. Journal of Health Monitoring,* 5(3), 88–102.

Čerešník, M. Dolejš, M., Čerešníková, M., Tomšik, R.(2022). Psychometric Analysis of Rosenberg's Self-Esteem Scale. A Specific Application of the Scale on Adolescents Aged 11–19, *TEM Journal*, 11(4), 1732–1741.

Ottova, V., Hillebrandt, D., Kolip, P., Hoffarth, K., Bucksch, J., Melzer, W., Klocke, A., Richter, M., Ravens-Sieberer, U., & HBSC-Team Deutschland (2012). Die HBSC-Studie in Deutschland--Studiendesign und Methodik [The HBSC Study in Germany--study design and methodology]. *Gesundheitswesen (Bundesverband der Arzte des Offentlichen Gesundheitsdienstes (Germany))*, 74, 8–14.

Smith, C., Wold, B., Moore, L. (1992). Health behaviour research with adolescents: a perspective from the WHO cross-national Health Behaviour in School-aged Children study. *Health Promot J Austr*, 2, 41–49.

# FROM DATA TO SOLUTIONS: METHODOLOGY OF THE MACEDONIAN HEALTH BEHAVIOR IN SCHOOL-AGE CHILDREN (HBSC) 2022 STUDY AND STRATEGIES FOR THE NEXT CYCLE

**Kalina Sotiroska Ivanoska**
**Sheruze Osmani Ballazhi**
**Ibrahim Neziri**
**Luljeta Bexheti**
**Lina Kjostarova Unkovska**

## Abstract

The Macedonian Health Behaviour in School-aged Children Study collects data on the health and well-being of school-going adolescents aged 11, 13 and 15. It is part of the international longitudinal study conducted every four years since 1982, in 51 countries from Europe, North America, Canada and Russia, in cooperation with the World Health Organization (WHO). All countries participating in the study must adhere to a common international standard protocol developed and systematically updated by the entire HBSC network. The Republic of North Macedonia has been included in the international network since 1988, and 6 research cycles have been carried out to date. With four decades of study conducted at the international level and two decades at the national level, the methodology used and the results obtained are useful in monitoring critical issues related to adolescent health and well-being.

**Keywords:** *adolescents, well-being, health, HBSC, methodology*

УДК: 159.923:179]-057.875:303.62(497.711)
*Психологија: наука и пракшика*, Vol. VII (13), 2023
Изворен научен труд

# КАРАКТЕРНИТЕ МОЌИ И ОПШТАТА САМОЕФИКАСНОСТ КАЈ СТУДЕНТИ

**Маја Корубин-Ќорлука**[1]
*Инсшишуш за психологија, Филозофски факулшеш, Универзишеш „Св. Кирил и Мешодиј" во Скопје*

**Кратка содржина**

Традиционалната психологија, особено во своите рани фази, првенствено беше насочена кон истражување и третирање на психичките растројства и проблеми. Како последица на ваквата тенденција растројствата се добро класифицирани и опишани, меѓутоа постојат малку податоци за човековите позитивни особини и квалитети. За таа цел, Петерсон и Селигман ја имаат развиено ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести, која ја сочинуваат дваесет и четири моќи распределени во шест категории на доблести. Во согласност со спроведените факторски анализи, Парк и Петерсон ги делат моќите на три категории: карактерни моќи на умот, карактерни моќи на срцето и останати карактерни моќи. Истражувањето ја испитува врската меѓу трите категории на карактерните моќи и општата самоефикасност. Примерокот е составен од 239 испитаници, студенти на еден од шесте факултети во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. За испитување на варијаблите беа користени инструментите: ВИА прашалник за моќите на Селигман и Петерсон и Скала на само ефикасноста на Шерер и соработниците. Во согласност со резултатите, дел од карактерните моќи на умот (љубопитност, отвореност на умот и креативност) и на срцето (упорност, водство, надеж, хумор, занес), како и сите останати карактерни моќи (храброст, перспектива и мудрост, саморегулација и социјална интелегенција) се позитивно поврзани со општата самоефикасност. Моќите на срцето објаснуваат најголем процент (39 %) од варијансата на општата самоефикасност, моќите на умот 13 %, додека останатите моќи 9 % од варијансата.

**Клучни зборови:** *карактерни моќи, ВИА класификација на карактерни моќи и доблести, самоефикасност.*

[1] maja.korubin@fzf.ukim.edu.mk

Во изминатиот период е постигнат значаен напредок во подобрување на методите за дијагностицирање, третман и превенција на менталните растројства. Класификациите како Дијагностички и статистички прирачник за ментални растројства (ДСМ) и Интернационалната класификација на растројства (ИСД) обезбедуваат стандардизирани категории и критериуми за класификација на различни психички состојби, обезбедувајќи конзистентност во дијагностицирањето и третманот на психичките здравствени проблеми. Меѓутоа, споредено со напредокот во областа на психичките растројства, препознавањето и изучувањето на позитивните аспекти на личноста придонесуваат кон нејзино целосно разбирање, разбирање на нејзините квалитети и предизвици, како и подобрување на терапевтските и превентивни методи. За таа цел, Петерсон и Селигман ја имаат развиено ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести (VIA Classification of Character Strengths and Virtues, 2004), која претставува обид за создавање противтежа на класификациите на менталните растројства. Оваа класификација ја обезбедува потребната терминологија за личните моќи на индивидуата, а со тоа им дава поголемо значење и им обезбедува соодветно место во рамки на психолошката наука.

Во рамки на ВИА класификацијата Петерсон и Селигман дефинираат дваесет и четири карактерни моќи. Според резултатите од повеќе факторски анализи, овие моќи се поделени во три категории: карактерни моќи на умот (почитување на убавината, креативност, љубопитност, отвореност на умот и љубов кон учењето), карактерни моќи на срцето (еднаквост, простување, благодарност, искреност, надеж, хумор, љубезност, водство, љубов, скромност, упорност, промисленост, спиритуалност, тимска работа и занес) и останати карактерни моќи (храброст, перспектива и мудрост, саморегулација и социјална интелигенција) (Park & Peterson, 2006; Peterson, 2006; Peterson & Park, 2009; Park & Peterson, 2010).

Од друга страна, луѓето сакаат да знаат како успешно да функционираат во секојдневниот живот и од што зависи успешното функционирање. Поврзано со ова, Бандура ја дефинира самоефикасноста како верување во сопствената способност за организирање и спроведување на активност насочена кон остварување на посакуваните цели (според McKnight, 2011). Ваквата определба подразбира дека индивидуата има верба во сопствените способности да ги реализира задачите кои ги има испланирано и да се справи со ситуацијата, без разлика на потенцијалните пречки и предизвици. Самоефикасноста не е пасивно верување во личните способности, туку верување кое води до конкретно поведение. Поконкретно, од самоефикасноста зависат активностите кои индивидуата ги спроведува, напорот кој го вложува, способноста

да истрае до крај, како и отпорноста на неуспесите со кои се соочува. Мадокс ја дефинира самоефикасноста како „она што верувам дека можам да го направам со сопствените способности во конкретна ситуација“ (според Rijavec, Miljković, & Brdar, 2008).

Степенот на верување во сопствените способности игра важна улога во стимулирање и контролирање на однесувањето на индивидуата. Луѓето кои веруваат дека се способни успешно да реализираат одредена задача, се повеќе спремни да преземат активни мерки и чекори во правец на реализација на задачата и покажуваат поголем успех во спроведувањето на истата, споредено со оние кои имаат низок степен на самоефикасност. Верувањето во сопствените способности има клучно значење за физичкото здравје, за психолошката адаптација на индивидуата и за успешно надминување на различните психолошки предизвици.

Мал е бројот истражувања во литературата кои ја испитуваат поврзаноста на карактерните моќи и самоефикасноста. Така според истражувањето на Макаскил и Денован, карактерната моќ љубопитност е високо поврзана со социјалната самоефикасност, со самодовербата и со автономното учење. Исто така, добиени се резултати за значајна поврзаност на социјалната самоефикасност со карактерните моќи надеж и простување, како и висока поврзаност со моќта простување. Од испитуваните карактерни моќи, единствено значајна поврзаност е најдена помеѓу надежта со општата самоефикасност (Macaskill & Denovan, 2011). Истражувањето на Хантер и Чиксентмихаљи, за поврзаноста на карактерната моќ љубопитност со самоефикасноста, оптимизмот, надежта, довербата и самодетермираноста, покажало дека децата со највисоко ниво на љубопитност манифестираат повисоко ниво на самоефикасност, оптимизам, надеж, доверба и самодетерминираност, споредени со децата со најниско ниво на љубопитност (Hunter & Csikszentmihalyi, 2003).

Од причина што прашањето за општата самоефикасност и карактерните моќи воопшто не е истражувано во нашата земја, целта на ова истражување е да даде попродлабочени сознанија во оваа област. Претпоставката од која се тргнува е дека постои поврзаност помеѓу дваесет и четирите карактерни моќи и општата самоефикасност. Поконкретно, се очекува со зголемување на моќите во рамки на трите категории (карактерни моќи на срцето, карактерни моќи на умот и останати карактерни моќи), да се зголеми и нивото на општа самоефикасност кај студентите.

## Метод

### *Примерок*

Во истражувањето учествуваа 239 испитаници, студенти од прва година, кои студираат на некој од шесте факултети во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје: Архитектонски факултет, Правен факултет, Медицински факултет, Природно-математички факултет, Филолошки факултет и Шумарски факултет. Сите посочени факултети се од Скопје, меѓутоа на овие факултети студираат студенти од сите делови на Република Северна Македонија. Во обработката на податоците беа разгледани резултатите на 231 испитаник (52 % од машки пол), од причина што тестовниот материјал на 8 испитаници не беше комплетен. Факултетите беа избрани на начин да обезбеди хетерогеност на примерокот во поглед на научните подрачја. Беше опфатен по еден факултет од секое од шесте научни подрачја, според Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражување (2001): природно-математичките науки (16,4 %), техничко-технолошките науки (18,6 %), медицинските науки (12,6 %), биотехничките науки (11,7 %), општествените науки (26,8 %) и на хуманистичките науки (13,9 %).

### *Инструменти*

Со цел да се испита поврзаноста меѓу дваесет и четирите карактерни моќи и социјалната самоефикасност, беа применети инструментите: ВИА прашалник за моќите (VIA Signature Strengths Questionnaire, Seligman, & Peterson, 2001) и Скала на самоефикасноста (The Self-Efficacy Scale, Sherer, & al., 1982).

ВИА прашалник за моќите се користи за мерење на дваесет и четири карактерни моќи од ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести. Инструментот се состои од 240 тврдења, групирани во дваесет и четири скали. Беше применета петстепена скала (1 – воопшто не личи на мене, 5 – многу личи на мене). Најнискиот резултат за секоја карактерна моќ изнесува 10, додека највисокиот изнесува 50. Истражувањата во кои е применет ВИА прашалникот, потврдуваат солидни метриски карактеристики. Пилот-истражување е спроведено на примерок од 250 возрасни испитаници, а добиениот Алфа Кромбах коефициент за сите скали надминува .70 (Peterson & Seligman, 2000). Тест-ретест корелацијата за сите скали, во период од 4 месеци, изнесува .70. Алфа Кронбах пресметан врз основа на ова истражување изнесува: .74 (креативност), .79 (љубопитност), .70 (отвореност на умот), .70 (љубов кон учењето), .74 (перспектива и мудрост), .69 (храброст), .74 (упорност), .70 (искре-

ност), .73 (занес), .77 (љубов), .74 (љубезност), .75 (социјална интелигенција), .72 (тимска работа), .74 (еднаквост), .76 (водството), .70 (простување), .74 (скромност), .76 (промисленост), .75 (саморегулација), .74 (почитување на убавината), .77 (благодарност), .76 (надеж), .74 (хумор) и .72 (спиритуалност).

Скалата на самоефикасноста од Шерер и соработниците се состои од две супскали со вкупно 30 тврдења. Првата супскала (17 тврдења) ја мери општата, додека втората (6 тврдење) социјалната самоефикасност, а се одговара на петстепена скала (1 – потполно се согласувам, 5 – потполно не се согласувам). Преостанатите 6 тврдења се внесени како филтер тврдења. Во истражувањето е користена само супскалата која ја мери општата самоефикасност. Коефициент алфа се движи меѓу .76 и .89 (Cable & Judge, 1994; Early & Lituchy, 1991; Gardner & Pierce, 1998; Riggs & Knight, 1994; Schaubroeck & Merritt, 1997; Smith & Foti, 1998). Алфа Кронбах коефициентот за општата самоефикасност во ова истражување изнесува .77.

*Постапка*

Инструментите им беа зададени на испитаниците за време на наставата, на првиот час, со цел студентите да бидат во оптимална психо-физиолошка состојба за решавање на тестовниот материјал. Истражувањето беше спроведено на шест наврати, на испитаниците кои доаѓаа од шест факултети во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Сите групи испитаници беа тестирани при крајот на првиот семестар, пред почетокот на новогодишните празници, а тестирањето се спроведе во релативно еднакви просторни услови за работа за сите групи.

Испитаниците беа информирани за целта на истражувањето, како и за должината на времето потребно да се пополнат инструментите (околу 30 минути). Беше нагласено дека испитувањето е од анонимна природа и дека можат да стават шифра на тестот доколку сакаат да бидат информирани за индивидуалните резултати.

*Резултати*

Со цел да се испита поврзаноста меѓу варијаблите, најпрво беше направена проверка на вредностите за дескриптивните статистики за 24-те карактерни моќи и за општата самоефикасност, претставени во табела 1 и табела 2.

**Табела 1.**
*Дескриптивни статистики за 24-те карактерни моќи*

| | N | M | Мин. | Макс. | SD | Sk | Ku | d / p (K-S) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубопитност | 231 | 39.47 | 27.00 | 50.00 | 4.54 | .29 | -.33 | .09/p>.05 |
| Љубов кон учењето | 231 | 36.68 | 20.00 | 50.00 | 6.76 | -.28 | -.24 | .07/p>.05 |
| Отвореност на умот | 231 | 40.76 | 30.00 | 50.00 | 4.65 | -.17 | -.25 | .07/p>.05 |
| Креативност | 231 | 39.60 | 23.00 | 50.00 | 5.15 | -.44 | .85 | .13/p>.05 |
| Социјална интелигенција | 231 | 40.08 | 29.00 | 50.00 | 4.24 | .05 | -.24 | .08/p>.05 |
| Перспектива и мудрост | 231 | 39.60 | 29.00 | 50.00 | 4.45 | .00 | -.21 | .06/p>.05 |
| Храброст | 231 | 39.21 | 23.00 | 50.00 | 5.08 | -.07 | .15 | .08/p>.05 |
| Упорност | 231 | 41.28 | 26.00 | 50.00 | 5.37 | -.58 | -.02 | .08/p>.05 |
| Искреност | 231 | 42.37 | 28.00 | 50.00 | 4.43 | -.79 | 1.18 | .10/p>.05 |
| Љубезност | 231 | 42.83 | 31.00 | 50.00 | 4.51 | -.28 | -.23 | .08/p>.05 |
| Љубов | 231 | 41.70 | 32.00 | 50.00 | 4.51 | -.12 | -.80 | .08/p>.05 |
| Тимска работа | 231 | 39.96 | 20.00 | 50.00 | 4.69 | -.50 | 1.95 | .10/p>.05 |
| Еднаквост | 231 | 41.22 | 25.00 | 50.00 | 4.85 | -.37 | 0.05 | .07/p>.05 |
| Водство | 231 | 40.27 | 28.00 | 50.00 | 4.65 | -.10 | 0.01 | .06/p>.05 |
| Саморегулација | 231 | 36.28 | 23.00 | 50.00 | 5.47 | -.09 | -0.33 | .06/p>.05 |
| Промисленост | 231 | 38.85 | 25.00 | 50.00 | 5.03 | -.17 | -0.20 | .07/p>.05 |
| Почитување на убавината | 231 | 39.68 | 24.00 | 50.00 | 5.58 | -.11 | -0.49 | .08/p>.05 |
| Благодарност | 231 | 41.00 | 22.00 | 50.00 | 5.47 | -.60 | 0.32 | .09/p>.05 |
| Надеж | 231 | 40.79 | 26.00 | 50.00 | 4.77 | -.20 | 0.41 | .08/p>.05 |
| Спиритуалност | 231 | 38.34 | 11.00 | 50.00 | 7.34 | -.62 | 0.72 | .06/p>.05 |
| Скромност | 231 | 39.34 | 21.00 | 50.00 | 5.41 | -.54 | 0.72 | .07/p>.05 |
| Хумор | 231 | 39.95 | 25.00 | 50.00 | 5.43 | -.24 | -0.41 | .07/p>.05 |
| Занес | 231 | 39.32 | 28.00 | 50.00 | 4.62 | .03 | -0.26 | .09/p>.05 |
| Простување | 231 | 38.42 | 22.00 | 50.00 | 5.63 | -.35 | 0.27 | .09/p>.05 |

Добиените аритметички средини за сите фактори се над средниот резултат на скалите на ВИА прашалникот за мерење на карактерните моќи (24-те скали на овој инструмент се движат од 10 до 50). Во согласност со резултатите на Колмогоров-смирновиот тест може да се дојде до заклучокот дека вредностите добиени за сите фактори ја следат нормалната дистрибуција и истите можат да се вклучат во понатамошните статистички постапки.

**Табела 2.**

*Дескриптивни статистики за варијаблата општа самоефикасност*

| | N | M | Мин. | Макс. | SD | Sk | Ku | d/p (K-S) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа самоефикасност | 231 | 68.16 | 43.00 | 84.00 | 7.92 | -.57 | .12 | .10/p>.05 |

Од табела 2 се гледа дека аритметичката средина на варијаблата (M = 68.16) се наоѓа над средниот резултат на скалата на инструментот. Дистрибуцијата на варијаблата социјална самоефикаснот не отстапува статистички значајно од нормалната дистрибуција (d = .10, p > .05) и добиената вредност може да се вклучи во понатамошните статистички постапки.

Резултатите за интеркорелациите на општата самоефикасност со: карактерните моќи на умот (почитување на убавината, креативност, љубопитност, отвореност на умот и љубов кон учењето), карактерните моќи на срцето (еднаквост, простување, благодарност, искреност, надеж, хумор, љубезност, водство, љубов, скромност, упорност, промисленост, спиритуалност, тимска работа и занес) и останатите карактерни моќи (храброст, перспектива и мудрост, саморегулација и социјална интелигенција) се прикажани во табела 3, 4 и 5.

**Табела 3.**

*Поврзаност меѓу карактерните моќи на умот и општата самоефикасност*

** Корелација значајна на ниво .01
* Корелација значајна на ниво .05

| | Општа самоефикас | Љубопитност | Љубов кон учењето | Отвореност на умот | Креативност | Почитување на убавината |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа самоефикасност | 1.00 | .29** | .06 | .16* | .30** | .04 |
| Љубопитност | | 1.00 | .58** | .55** | .58** | .56** |
| Љубов кон учењето | | | 1.00 | .55** | .33** | .50** |
| Отвореност на умот | | | | 1.00 | .56** | .57** |
| Креативност | | | | | 1.00 | .46** |
| Почитување на убавината | | | | | | 1.00 |

Според добиените резултати (табела 3), постои позитивна корелација меѓу општата самоефикасност со карактерните моќи љубопитност и креативност ($r = .29$, $r = .30$; $p < .01$), како и меѓу самоефикасноста со моќта отвореност на умот ( $r= .16$, $p < .05$). Не е добиена статистички значајна корелација меѓу општата самоефикасност и моќите: љубов кон учењето и почитување на убавината ($r = .06$, $r = .04$, $p > .05$).

**Табела 4.**
*Поврзаност меѓу карактерните моќи на срцето и општата самоефикасност*

| | ОС | Упорност | Искреност | Љубезност | Љубов | Тимска работа | Еднаквост | Водство | Промисленост | Благодарност | Надеж | Спиритуалност | Скромност | Хумор | Занес | Простување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа самоефикасност | 1.00 | .46** | .11 | -.04 | .12 | .00 | .02 | .25** | .13 | .10 | .49** | .10 | .04 | .20** | .42** | .01 |
| Упорност | | 1.00 | .65** | .44** | .16* | .48** | .42** | .62** | .56** | .49** | .59** | .37** | .49** | .37** | .57** | .22** |
| Искреност | | | 1.00 | .68** | .16* | .58** | .51** | .57** | .58** | .52** | .40** | .45** | .55** | .42** | .34** | .38** |
| Љубезност | | | | 1.00 | .40** | .62** | .56** | .57** | .48** | .62** | .30** | .56** | .59** | .53** | .30** | .45** |
| Љубов | | | | | 1.00 | .32** | .24** | .28** | .09 | .32** | .16* | .34** | .13 | .40** | .28** | .26** |
| Тимска работа | | | | | | 1.00 | .62** | .59** | .60** | .44** | .28** | .32** | .69** | .41** | .38** | .45** |
| Еднаквост | | | | | | | 1.00 | .59** | .55** | .53** | .33** | .41** | .58** | .34** | .35** | .62** |
| Водство | | | | | | | | 1.00 | .49** | .62** | .59** | .52** | .49** | .54** | .50** | .35** |
| Промисленост | | | | | | | | | 1.00 | .38** | .30** | .28** | .66** | .24** | .31** | .43** |
| Благодарност | | | | | | | | | | 1.00 | .45** | .68** | .54** | .50** | .37** | .42** |
| Надеж | | | | | | | | | | | 1.00 | .41** | .27** | .49** | .63** | .27** |
| Спиритуалност | | | | | | | | | | | | 1.00 | .41** | .43** | .35** | .35** |
| Скромност | | | | | | | | | | | | | 1.00 | .43** | .31** | .51** |
| Хумор | | | | | | | | | | | | | | 1.00 | .53** | .39** |
| Занес | | | | | | | | | | | | | | | 1.00 | .34** |
| Простување | | | | | | | | | | | | | | | | 1.00 |

** Корелација значајна на ниво .01
* Корелација значајна на ниво .05

Корелациите добиени за општата самоефикасност со карактерните моќи: упорност ($r = .46$, $p < .01$), водство ($r = .25$, $p < .01$), надеж ($r = .49$, $p < .01$), хумор ($r = .20$, $p < .01$) и занес ($r = .42$, $p < .01$) се статистички значајни и позитивни. Меѓутоа, не е добиена статистички значајна поврзаност на самоефикасноста со моќите: искреност, љубезност, љубов, тимска работа, еднаквост, промисленост, благодарност, спиритуалност, скромност и простување.

**Табела 5.**

*Поврзаност меѓу останатите карактерни моќи и општата самоефикасност*

| | Општа самоефикас-ност | Социјална интелигенција | Перспектива и мудрост | Храброст | Саморегулација |
|---|---|---|---|---|---|
| Општа самоефикас-ност | 1.00 | .23** | .22** | .27** | .22** |
| Социјална интелигенција | | 1.00 | .62** | .65** | .22** |
| Перспектива и мудрост | | | 1.00 | .57** | .32** |
| Храброст | | | | 1.00 | .20** |
| Саморегулација | | | | | 1.00 |

** Корелација значајна на ниво .01
* Корелација значајна на ниво .05

Во согласност со добиените податоци во табела 5, општата самоефикасност е статистички значајна ($p < .01$) и позитивно поврзана со сите карактерни моќи од оваа категорија.

Резултатите за трите категории карактерни моќи и општата самоефикасност, добиени од спроведените мултипли регресивни анализи, се претставени во табела 6, 7 и 8. Регресивните анализи се спроведени со вклучување на сите предиктори во рамки на секоја од трите категории. Во првата регресивна анализа (табела 7), каде како предиктор варијабли се внесени карактерните моќи на умот, а како критериумска е внесена општата самоефикасност, е добиен модел кој е статистички значаен ($F = 9.39$, $p < .01$), $R^2 = .13$. Од петте вклучени варијабли како значајни предиктори се издвоија три: креативноста (Beta = .24, $t = 3.08$, $p < .01$), љубопитноста (Beta = .29, $t = 3.49$, $p < .01$) и почитување на убавината (Beta = -.23, $t = 3.06$, $p < .01$). Коефициентот на детерминација покажува дека трите предиктори објаснуваат 13 % од варијансата на општата самоефикасност.

**Табела 6.**
*Регресивна анализа на карактерните моќи на умот како предиктори на општата самоефикасност*

| Предиктори | B | SE | Beta | t | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Креатив. | .36 | .12 | .24 | 3.08 | .00 |
| Љубопит. | .50 | 0.14 | .29 | 3.49 | .00 |
| Почит. на убавин. | -.33 | 0.11 | -.23 | -3.06 | .00 |
| Надеж | .57 | .11 | .34 | 5.36 | .00 |
| Упорност | .65 | .10 | .44 | 6.21 | .00 |
| Љубезност | -.52 | .12 | -.30 | -4.25 | .00 |
| Љубов | .30 | .10 | .17 | 2.98 | .00 |
| Тим. раб. | -.30 | .12 | -.17 | -2.53 | .01 |

Моделот добиен во втората регресивна анализа (табела 7), каде како предиктор варијабли се внесени карактерните моќи на срцето, а како критериумска општата самоефикасност, исто така се покажа статистички значаен ($F = 6.40$, $p < .01$), $R^2 = .39$. Од вкупно петнаесет предиктор варијабли, се издвоија пет: надеж ($Beta = .34$, $t = 5.36$, $p < .01$), упорност ($Beta = .44$, $t = 6.21$, $p < .01$), љубезност ($Beta = -.30$, $t = -4.25$, $p < .01$), љубов ($Beta = .17$, $t = 2.98$, $p < .01$) и тимска работа ($Beta = -.17$, $t = -2.54$, $p < .05$). Петте предиктор варијабли заедно објаснуваат голем дел (39 %) од варијансата на општата самоефикасност, што според насоките на Фергусон, упатува на умерена до висока големина на ефектот (Fergusson, 2009).

**Табела 7.**
*Регресивна анализа на карактерните моќи на срцето како предиктори на општата самоефикасност*

| Предиктори | B | SE | Beta | t | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Храброст | .37 | .10 | .24 | 3.69 | .00 |
| Саморегулација | .25 | .09 | .18 | 2.76 | .01 |

Во третата регресивна анализа како предиктори се внесени останатите карактерни моќи, додека како критериумска варијабла е внесена општата самоефикасност. Добиениот модел (табела 8) е статистички значаен ($F = 7.60$, $p < .01$), $R^2 = .09$. Две предиктор варијабли од оваа категорија се влезени во

моделот и имаат значаен придонес кон варијансата: храброст (Beta = .24, t = 3.69, p < .01) и саморегулација (Beta = .18, t = 2.76, p < .05). Варијаблите објаснуваат 9 % од варијансата на општата самоефикасност, што укажува на мала накај умерена големина на ефектот (Fergusson, 2009).

**Табела 8.**
*Регресивна анализа на останатите карактери моќи како предиктори на општата самоефикасност*

| Предиктори | B | SE | Beta | t | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Храброст | .37 | .10 | .24 | 3.69 | .00 |
| Саморегулација | .25 | .09 | .18 | 2.76 | .01 |

## Дискусија

Резултатите добиени во ова истражување делумно кореспондираат со оние добиени од претходните истражувања кои ја испитуваат врската меѓу карактерните моќи и општата самоефикасност. Во согласност со резултатите, со зголемување на три (од вкупно пет) моќи од категоријата моќи на умот (љубопитноста, креативноста и отвореноста на умот) се зголемува верувањето во сопствените способности кај индивидуата. Исто така, пет (од петнаесет) карактерни моќи на срцето се статистички значајно поврзани со општата самоефикасност (упорност, водство, надеж, хумор и занес). Слично, во истражувањето на Макаскил и Денован се покажало дека моќите надеж и љубопитност најдобро ја предвидуваат општата самоефикасност (Macaskill & Denovan, 2011), додека во истражувањето на Чапман исто така е добиена висока корелација меѓу надежта и самоефикасноста (Chapman, 2011). Ваквите резултати се очекувани. Индивидуата со високо ниво на моќта надеж, која се надева дека ќе се случи најдоброто и која презема конкретни чекори во насока на поставената цел, обично верува во сопствените квалитети и способности. Исто, очекувано е и индивидуите кои имаат високо ниво на занес, (поточно виталност, енергија, ентузијазам), љубопитност и креативност да имаат високо ниво на самоефикасност.

Во третата спроведена постапка сите карактерни моќи од оваа категорија (храброст, перспектива и мудрост, саморегулација и социјална интелегенција) се статистички значајно поврзани со верувањето во сопствените способности за преземање на активности насочени кон остварување на посакуваните цели. Оттука, хипотезата од која се тргна во истражувањето е делумно потврдена

само во делот на поврзаноста на оваа категорија (останатите карактерни моќи) и општата самоефикасност.

Меѓутоа, наодите покажаа дека дванаесет карактерни моќи не се статистички значајно поврзани со општата самоефикасност. Поголем дел од овие моќи се манифестираат во релациите со другите луѓе (тимска работа, простување, еднаквост, љубезност, скромност, благодарност, искреност, љубов). Различно, моќите надеж, упорност, занес, креативност и љубопитност се повеќе насочени кон поопшти аспекти на живеењето на индивидуата. Оттука може да се претпостави дека општата самоефикасност е повеќе поврзана со моќите кои се манифестираат во поопшти ситуации и искуства на индивидуата, отколку со оние кои се насочени кон другите индивидуи и социјалната средина.

Со користење на мултипла регресивна анализа беа добиени податоци за тоа колкав е придонесот на секоја од трите категории карактерни моќи во варијансата на општата самоефикасност. Во анализата во која беа внесени карактерните моќи на умот, придонесот на три моќи (креативност, љубопитност и почитување на убавината) објаснува вкупно 13 % од варијансата на самоефикасноста. Делува контрадикторен наодот каде поврзаноста на почитување на убавината и општата самоефикасност е мала и статистички незначајна, а во комбинација со креативноста и љубопитноста оваа моќ сепак има значаен придонес кон варијансата.

При спроведување на регресивната анализа каде беа внесени карактерните моќи на срцето, пет (од вкупно петнаесет) моќи на срцето (надеж, упорност, љубезност, љубов и тимска работа) објаснуваат 39 % од варијансата на самоефикасноста. Тоа значи дека доколку индивидуата покажува високи вредности за сите пет моќи, постои голема веројатност таа да покажува високо ниво на општа самоефикасност. Интересен е податокот дека резултатите не покажуваат статистички значајна корелација меѓу моќите љубов, љубезност, тимска работа и општата самоефикасност, а сепак регресивната анализа покажа дека овие три моќи имаат значаен придонес во варијансата.

Во третата пресметка, каде предиктор варијабли беа останатите карактерни моќи, храброста и саморегулацијата (од вкупно пет моќи во оваа категорија) објаснуваат 9 % од варијансата на општата самоефикасност. Моќите социјална интелигенција и перспектива и мудрост имаат индивидуален придонес кон општата самоефикасност и се статистички значајно поврзани со истата. Сепак, тие не придонесуваат кон варијансата на критериумската варијабла.

Од табелите 6, 8 и 10 може да се види дека комбинацијата на моќи кои спаѓаат во групата на карактерни моќи на срцето има најголем придонес во

варијансата на општата самоефикасност. Поточно моќите надеж, упорност, љубезност, љубов и тимска работа објаснуваат 39 % од варијансата на независната варијабла. Потоа се наоѓаат моќите на умот (креативноста, љубопитноста и почитување на убавината кои објаснуваат 13 % од варијансата. Само 9 % од варијансата се објаснува со останатите карактерни моќи (храброст и саморегулација). Сепак, од ваквите наоди не може да се заклучи дека општата самоефикасност се предвидува подобро преку карактерните моќи на срцето отколку преку карактерните моќи на умот и подобро преку моќите на умот отколку преку останатите карактерни моќи. За да се донесе ваков заклучок, потребно е да се провери статистичката значајност на ваквите разлики.

Со оглед на тоа што ова е прво истражување на карактерните моќи од ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести и нивна поврзаност со општата самоефикасност во РС Македонија, неопходно е подетално да се проучат ваквите врски  и на други популации, односно кај испитаници кои се родители, вработени, испитаници во други контексти, . Исто, потребно е да се испитаат можните интервенции за подигнување на општата самоефикасност. Истражувањата е потребно да ги вклучат карактерните моќи кои високо корелираат со самоефикасноста. Постојат одредени истражувања за тоа како да се поттикне моќта благодарност (Miller, 1995) и моќта надеж (Kilburg, 1996; Roth, & Brooks-Gunn, 2003), меѓутоа, помал е бројот на истражувања кои ги имаат испитувано моќите: љубов, занес и љубопитност. Истражувањето на ваквите интервенции, базирани на карактерните квалитети, како и нивно користење што порано во животот на индивидуата, можат да направат разлика во начинот на кој таа понатаму ќе ги вреднува сопствените способности и ќе се соочува со предизвиците во животот (DeNeve & Cooper, 1998).

**Литература**

Aspingwal, L.G., & Staudinger, U.M. (2003). *A Psychology of human strengths: fundamental questions and future directions for a positive psychology*. American Psychological Association.

Brdar, I., & Kashdan, T.B. (2010). Character strengths and well-being in Croatia: An empirical investigation of structure and correlates. *Journal of Research in Personality*, 44, 151–154. https://www.sciencedirect.com/journal/journal-of-research-in-personality.

Bruni, L., & Porta, P.L. (2007). *Handbook on the economics of happiness*. Edward Elgar.

Diener, B.R. (2011). *Positive psychology as social change*. Springer.

Diener, E. (2009). *The Science of well-being: Collected works of Ed Diener*. Springer.

Diener, B.R. (2008). *Invitation to positive psychology: Research and tools for the professionals*. Copyright Licensing Agency Ltd.

Diener, B.R., & Dean B. (2007). *Positive psychology coaching: Putting the science of happiness to work for your clients*. John Wiley & Sons, Inc.

John, O.P., Robins, R.W., & Pervin, L.A. (2008). *Handbook of personality: Theory and research*. The Gilford Press.

Linley, P.A., & Joseph, S. (2004). *Positive psychology in practice*. John Wiley & Sons, Inc.

Lopez, S.J. (2009). *The encyclopedia of positive psychology*. John Wiley & Sons, Ltd.

Park, N. (2009). Building strengths of character: Keys to positive youth development. *Reclaiming Children and Youth*, 18 (2), 42–48.

Park, N., & Peterson, C. (2010). Does it matter where we live?: The urban psychology of character strengths. *American Psychologist*, 65 (6), 535–547.

Park, N., & Peterson, C. (2010). Character strengths: Research and practice. *Journal of College & Character*, 10 (4), 1–10.

Park, N., & Peterson, C. (2008). Positive psychology and character strengths: Application to strengths-based school counseling. *Professional School Counseling,* 12 (2). https://doi.org/10.1177/2156759X0801200214.

Park, N., Peterson, C., & Seligman, M.E.P. (2006). Character strengths in fifty-four nations and the fifty US States. *The Journal of Positive Psychology*, 1(3), 118–129.

Park, N., Peterson, C., & Seligman, M.E.P. (2004). Strenghts of caracter and well-being. *Journal of Social and Clinical Psychology*, 23 (5), 603–619.

Pervin, L.A. (2003). *The science of personality* (2nd ed.). University Press.

Peterson, C. (2006). *A primer in positive psychology.* University Press.

Peterson, C., Park, N., & Seligman, M.E.P. (2006). Greater strengths of character and recovery form illness. *The Journal of Positive Psychology*, 1 (1), 17–26.

Phillips, D. (2006). *Quality of life: Concept, policy and practice.* Routledge.

Pollan, S.M., & Levine, M. (2005). *It's all in your head: Thinking your way to happiness.* HarperCollins Publishers.

Rapley, M. (2003). *Quality of life research: A critical introduction.* Sage Publications.

Спасовски, О. (2012). *Позитивна психологија.* Филозофски факултет.

Vollrath, M.E. (2006). *Handbook of personality and health.* John Wiley & Sons, Ltd.

# CHARACTER STRENGTHS AND GENERAL SELF-EFFICACY AMONG STUDENTS

**Maja Korubin Kjorluka**

## Abstract

Traditional psychology, especially in its early stages, was primarily focused on researching and treating mental disorders and problems. Because of this tendency, disorders are well classified and described, but there is little data on human positive traits and qualities. To address this gap, Peterson and Seligman developed the VIA Classification of Character Strengths and Virtues, which consists of twenty-four strengths distributed across six categories of virtues. According to factor analyses conducted by Park and Peterson, these strengths are divided into three categories: character strengths of the mind, character strengths of the heart, and other character strengths. This research examines the relationship between three categories of character strengths and general self-efficacy. The sample consists of 239 students from six faculties within the University 'St. Cyril and Methodius' in Skopje. To examine the variables, the VIA Character Strengths Questionnaire by Peterson and Seligman, and the Self-Efficacy Scale by Scherer et al. were used. According to the results, some character strengths of the mind (curiosity, open-mindedness, and creativity) and the heart (perseverance, leadership, hope, humor, and zest), as well as other character strengths (courage, perspective and wisdom, self-regulation, and social intelligence), are positively related to general self-efficacy. Character strengths of the heart explained the largest percentage (39%) of the variance in general self-efficacy, followed by character strengths of the mind (13%), and other character strengths (9%).

**Keywords:** *character strengths, VIA Classification of Character Strengths and Virtues, self-efficacy.*

*Психологија: наука и практика, Vol. VII (13), 2023*

УДК: 159.955/.4
Прегледен научен труд

# КОРЕНИ НА ИМПЛИЦИТНАТА СОЦИЈАЛНА КОГНИЦИЈА ВО КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИИТЕ ЗА АВТОМАТИЗМОТ И ИМПЛИЦИТНАТА МЕМОРИЈА

**Васка Лешоска**[1]
*Институт за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*

## Кратка содржина

По влијателната публикација на Гринвалд и Банаџи (Greenwald & Banaji, 1995), имплицитната социјална когниција се профилира како истражувачки домен кој ги обединува наодите од индиректните или имплицитни мерки кои се базираат на хронометриски процедури, наспроти мерките на самоизвестување или експлицитните мерки. Овој труд дава ограничен теоретски преглед за корените на имплицитната социјална когниција во концептуализациите за автоматизмот и моделите на двојни процеси од една страна и во концептуализациите за имплицитното помнење и нивната реинтерпретација од Гринвалд и соработниците (Greenwald & Banaji, 1995; Greenwald, Banaji, Rudman, Farnham, Nosek, & Mellot, 2002) од друга. Во таа насока, најпрво се отвора прашањето дали имплицитноста е обележје на иманентните процеси или репрезентации на социјалната когниција или е опис на емпириските конструкти кои се профилирани од процедурите на мерење. Прегледот е повеќе историски и концептуален приказ на двете интелектуални традиции и не претендира да ги сумира акумулираните наоди од имплицитните мерки, кои според некои автори повикуваат на реевалуација на постојните сфаќања за имплицитната социјална когниција.

**Клучни зборови:** *имплицитна социјална когниција, имплицитни мерки, автоматизам.*

[1]vaska@fzf.ukim.edu.mk

### Што е имплицитно?

Повеќето теориски релевантни стојалишта за социјалната когниција претпоставуваат дихотомија на рефлексивност наспроти рефлективност, без оглед дали двојноста им ја припишуваат на процесите (Devine, 1989; Fazio, 1990; Kahneman, 2011; Lieberman, 2003; Strack & Deutsch, 2004) или на менталните репрезентации (Greenwald & Banaji, 1995; Wilson, Lindsey & Schooler, 2000) или и на едните и на другите (Smith & DeCoster, 2000). Секако, помеѓу постојат и автори што не се согласуваат со двојната опозитност или барем не во термини на две дискретни категории (Bargh, 1994; De Houwer, Teige-Mocigemba, Spruyt, & Moors, 2009), како и такви што двојноста ја сведуваат само на дисоцијацијата на емпириските конструкти профилирани од имплицитните или индиректни мерки и експлицитните или мерки на самоизвестување (Nosek & Greenwald, 2009; Nosek, Hawkins, & Frazier, 2011), без да се осмелат да ја претпостават двојноста на влијателните иманентности.

Двојноста што се заговара, во текстовите за социјалната когниција по влијателната публикација на Гринвалд и Банаџи, (1995), најсоодветно може да се „дофати“ преку термините за имплицитност/експлицитност. Секој обид за дефинирање на имплицитноста како обележје на социјалната когниција треба да се соочи со многузначноста на терминот, што истовремено го ослободува од секаква консензуална определеност. Ваквата прочистеност од еднострана теориска интерпретација значи дека имплицитноста треба да се употребува само како дескриптивна ознака (Nosek & Greenwald, 2009), иако во меѓувреме се раѓаат обиди за формализирање на емпириската евиденција во теоретизации за имплицитност (пр. De Houwer, Teige-Mocigemba, Spruyt, & Moors, 2009; Gawronski & Bodenhausen, 2006; Greenwald et al., 2002; Wilson, Lindsey & Schooler, 2000).

Меѓутоа, дури и да се прифати функционалната улога на дескрипција, не е сосема јасно дали имплицитноста е особеност на предметот на мерење (Greenwald et al., 2002; Wilson et al., 2000), процедурата на мерење (Fazio & Olson, 2003) или исходот на мерење (De Houwer, Teige-Mocigemba, Spruyt, Moors, 2009).

За Пејн и Гавронски (Payne & Gawronski, 2010), сепак, многу посуштинска е тензијата на терминолошките дихотомии: имплицитни/експлицитни наспроти автоматски /контролирани, што всушност ги рефлектира двојните корени на имплицитната социјална когниција, првиот во теориите за обработка на информации (Shiffrin & Schneider, 1977; Posner & Snyder, 1975) и вториот во истражувањата за имплицитно помнење (Graf & Schacter, 1985; Schacter, 1987).

**Корени на имплицитната социјална когниција во концептуализациите за автоматизмот**

На почетокот на седумдесеттите години на минатиот век, концептот за автоматичност се применува на раните фази на сензорна и перцептивна обработка на информации и селективно внимание (Shiffrin & Schneider, 1977; Posner & Snyder, 1975). Шифрин и Шнајдер (Shiffrin & Schneider, 1977) формулираат теорија што претпоставува два начина за обработка на информации: контролиран и автоматски. Според нив, контролираните процеси се одвиваат како „серија на поодделно контролирани унитарни операции" (стр. 160) и нивната секвенцијална сукцесивност произлегува од ограничувањата на краткотрајното помнење како работен простор и привремен склад. Овие процеси волево се иницираат и се менуваат и нивното актуализирање претпоставува насочување на вниманието како локус на свесната агентност. Спротивно на нив, автоматските процеси не се ограничени од капацитетот на краткотрајното помнење и се случуваат автономно, паралелно и независно од ресурсите на внимание, а брзината со која се одвиваат оневозможува свесно да се перципираат преку нивните конститутивни елементи. Иако автоматските процеси може да бидат поттикнати со намера, нивното комплетирање е автономно и на ваквата независност ѝ претходи долготрајна увежбаност. Иако и автоматското и контролираното процесирање се користат за пребарување во долготрајното помнење, главно „автоматски асоцијативен механизам ќе предизвика моментално неактивни информации во долготрајниот склад да станат активни кога асоцијативно поврзани информации се во краткотрајниот склад" (стр. 159). Активацијата на неактивните информации од долготрајното помнење во оваа смисла е одговор што *неизбежно* се иницира поради содржината на краткотрајното помнење.

Ваквата формулација на автоматизмот е основа за Фацио, Санбонматсу, Пауел и Кардес (Fazio, Sanbonmatsu, Powell, & Kardes, 1986), кои ставот го определуваат како збирна евалуација што неизбежно се активира кога објектот на ставот е во краткотрајното помнење. Со оглед на тоа што автоматизмот произлегува од високиот степен на наученост што е особеност на утврдените секвенции или асоцијации во долготрајното помнење (Shiffrin & Schneider, 1977), достапноста на ставот во смисла на подготвеност за неизбежна активација ќе зависи од степенот на неговата усвоеност (Fazio et al., 1986; Fazio, 2007; Fazio & Olson, 2014).

Меѓутоа, според моделот Мотивација и можност како одредници – MMO (Motivation and Opportunity as DEterminants; види Fazio & Olson, 2014; Fazio, 1990), односот на ставот и однесувањето е посредуван од меѓуиграта на двата модуса на процесирање дефинирани во согласност со раните концептуализа-

ции на Познер и Снајдер (Posner & Snyder, 1975) и Шифрин и Шнајдер (Shiffrin & Schneider, 1977). Влијанието на ставовите врз однесувањето може да биде осуетено доколку постои мотивација и можност (когнитивни и временски ресурси) за вложување когнитивен напор во обработката на достапните информации што може да ја инхибираат постојната евалуативна тенденција. Според Фацио (Fazio, 2007), самоизвестувањата за ставовите се вербални однесувања и оттаму нивната манифестација на скалите на ставови е ограничена од истите детерминанти – мотивација и можност за контролирана обработка.

Првичните потврди на моделот ММО преку Задачата на евалуативна примарна активација (Evaluative Priming Task; Fazio, Sanbonmatsu, Powell, & Kardes, 1986; Fazio, Jackson, Dunton, & Williams, 1995) ја демонстрираат автоматската активација на ставовите како функција на асоцијативната јачина (Fazio, 2001) иако варијации на процедурите на примарна активација, и претходно се користеле за произведување на автоматизмот во лабораториски услови (Neely, 1977).

Слично како и Фацио, Санбонматсу, Пауел и Кардес (Fazio, Sanbonmatsu, Powell & Kardes, 1986), и Дивајн (Devine, 1989) ги усвојува концептуализациите за автоматски и контролирани процеси (пр. Shiffrin & Schneider, 1977; Posner & Snyder, 1975), фокусирајќи се на можноста за автоматска активација на стереотипите. Неизбежноста на активацијата на силно утврдените стереотипни асоцијации во првата серија истражувања Дивајн (1989) ја демонстрира преку процедура на сублиминална примарна активација[2] на стереотипот за Афроамериканците што се актуализира во евалуациите од учесниците на нејасниот опис на однесување што може, но и не мора да се интерпретира како непријателско и е дел од навидум неповрзана задача. Круцијалниот наод на Дивајн (1989) е евиденцијата дека ефектите на автоматската активација на стереотипот за хостилност кон Афроамериканците, биле еднакво силни за двете групи учесници поделени врз основа на себепроцените за расни предрасуди. Ова, според авторката, укажува на дисоцијација на автоматските и контролираните процеси што овозможува сите еднакво да сме жртви на стеротипните асоцијации кога контролираните процеси се суспендирани. Стереотпите се „културно наследство“ или асоцијации, кои поради повторената изложеност се усвоени на ниво на автоматизам. Оттаму, според Дивајн (1989), оправдано е да се интерпретираат само индивидуалните разлики во уверувањата за социјалните групи како лични обврзувања што може да ги валидираат или да ги доведат во прашање културно-условените (екстраперсонални) стереотипни асоцијации.

[2] Тахистоскопска презентација во траење од 80 милисекунди на зборовни репрезентации на стереотипот во парафовеалното визуелно поле на учесниците.

Иако и Дивајн (1989) и Фацио и сораб. (1986) го демонстрираат автоматизмот како модус на оперирање на социјалната когниција, претпоставувајќи дека услов за неизбежноста на активацијата е усвоеноста до степен на автоматизам, нивните стојалишта суштински се разидуваат. За Фацио и сораб. (1995), оправдано е индивидуалните разлики во јачината на ставот да се мерат преку неговата достапност како подготвеност за автоматска активација, додека според почетните определби на Дивајн (1989) интериндивидуалната варијанса во автоматската активација е грешка на мерење. Наодите за предиктивната вредност на индивидуалните разлики во јачината на автоматските асоцијации (пр. Fazio & Olson, 2003; Greenwald, Poehlman, Uhlmann, & Banaji, 2009) не дозволуваат да се тривијализира нивната интерпретација, иако дебатата за екстраперсонални наспроти персонални асоцијации е сѐ уште жива (види Gawronski, Peters, & LeBel, 2008) и го отвора прашањето за лична одговорност за автоматската пристрасност. Последново е особено контроверзно ако се земе предвид дека имплицитните мерки за ставови и стереотипи предвидуваат дискриминација при вработување (Agerström & Rooth, 2011; Rooth, 2010) и давање медицинска помош (Green et al., 2007; Peris, Teachman, & Nosek, 2008).

**Модели на двојни процеси**

Двојноста во процесите што се профилира во раните когнитивни теории, како што може да се забележи од погоре изложениот опис на моделите на Фацио (Fazio & Olson, 2014; Fazio, 1990) и Дивајн (1989), во социјалната психологија се применува во објаснувањето на специфични феномени, како што се: убедување и менување ставови (Chaiken & Stangor, 1987; Petty & Cacioppo, 1986), односи меѓу однесувањето и ставот (Fazio, 1990; Wilson et al., 2000), предрасуди и стереотипизирање (Devine, 1989), формирање импресии (Brewer & Harasty-Feinstein, 1999; Fiske & Neuberg, 1990), диспозициски атрибуции (Gilbert, 1989; Trope, 1986).

Сепак, вниманието на повеќе автори во последно време е насочено кон формулација на генерализирани теории на двојни процеси што ги опишуваат општите принципи на обработка на информации (Epstein, 1994; Kahneman, 2011; Lieberman, 2003; Smith & DeCoster, 2000; Strack & Deutsch, 2004) и формализирани модели на двојни процеси што се обидуваат да ги квантификуваат придонесите на дистинктивните процеси во бихејвиоралните одговори, преку техники на математичко моделирање (Conrey, Sherman, Gawronski, Hugenberg, & Groom, 2005; Jacoby, 1991; Payne & Bishara, 2009)

Еден од првите обиди за воопштување на два процесни система е двопроцесната теорија на Епштајн (Epstein, 1994, 2003) за когнитивно-искуствено себство, во која оперирањето на претсвесниот искуствен систем се формулира како автоматско, брзо, конкретно, асоцијативно, примарно невербално кодирање на реалноста преку слики, метафори и наративи наспроти оперирањето на рационалниот систем што е свесно, намерно и аналитичко кодирање на реалноста преку апстрактни симболи, зборови и бројки поврзани со каузални релации. Искуствениот систем во теоријата на Епштајн (1994, 2003) е емоционален и се доживува пасивно, а промените во него се случуваат бавно, преку повторени или релативно интензивни искуства. Промените во когнитивниот систем, пак, од друга страна, се случуваат релативно брзо и се поттикнати од евиденција за логичка оправданост. Двата система според теоријата се во интеракција иако ваквата „меѓуигра“ е асиметрична затоа што исходите на искуствениот систем секогаш не се достапни за когнитивниот систем.

И покрај тоа што обидот експлицитно да се издвои емоционалното од рационалното, не е толку типичен во поновите двопроцесни теории и модели, во повеќето од нив можат да се забележат многу од претпоставките на Епштајн (1994, 2003). На пример, во моделот на Смит и Декостер (Smith & DeCoster, 2000), кој се формулира како интеграција на постојните домен специфични двопроцесни модели, се диференцираат два система на помнење, систем што усвојува бавно и оперира брзо, репродуцирајќи ги асоцијациите што се формираат врз основа на сличност и контигвитет преку повторено искуство; и систем што усвојува брзо и оперира бавно, создавајќи нови поврзувања, структурирани врз основа на логички правила. Асоцијативниот модус на обработка на информации според авторите (Smith & DeCoster, 2000) слично како и кај Епштајн (1994, 2003) е претсвесен, што значи дека субјектот е свесен само за исходот, но не и за процесите што се случуваат паралелно, додека спротивно на него, секвенциите на процесирањето засновани врз правила, достапни му се на субјектот што може да ги вербализира правилата што се користеле за заклучување. Предуслов за актуализација на овие процеси што се водени од правила, како и во моделот на Фацио (1990), е мотивацијата и можноста за вложување когнитивен напор.

Една од поспецифичните двопроцесни теории е теоријата на Канеман (Kahneman, 2011) што разликува систем 1 профилиран преку метафората на „асоцијативна машина“ и систем 2 што авторот го „персонализира“ како „мрзлив контролор“. Специфичноста на теоријата се огледува во формулациите на системот 1 што се потпираат на раните истражувања и теориски

увидувања на авторот (Kahneman & Tversky, 1979; Tversky & Kahneman, 1974) за пристрасноста на скратените патишта на интуитивното размислување.

Еден од највлијателните е моделот на Штрак и Дојч (Strack & Deutsch, 2004), што исто така разликува два система – рефлективен и импулсивен. Моделот се обидува да ги надгради претходните теории на двојни процеси со тоа што во формулациите експлицитно интегрира концептуализации за мотивацијата на однесувањето. Според авторите, рефлективниот систем создава бихејвиорални одлуки што се засноваат врз знаење за вредноста и веројатноста на бихејвиоралните последици, додека импулсивниот систем поттикнува однесување преку асоцијативни врски и мотивациски ориентации на пристапување/избегнување. Исходите на оперирањето на двата система според моделот го детерминираат однесувањето и на синергистички и на антагонистички начин. Слично како и во претходните модели, се претпоставува дека двата система имаат различна архитектура на репрезентации и работат според различни принципи. Концептите и асоцијациите што се достапни од импулсивниот систем, рефлективниот систем ги претвора во пропозиции, поточно, слично како и Смит и Декостер (Smith & DeCoster, 2000) авторите (Strack & Deutsch, 2004) претпоставуваат дека во согласност со принципите на сличност и контигвитет, процесите на импулсивниот систем ги активираат асоцијациите, а информациите што се имплицирани од нив, преку процеси на рефлективниот систем, се подведуваат на валидација.

Од претходното изложување може да се заклучи дека сите генерализирани двопроцесни теории претпоставуваат коваријација на особеностите на процесирањето што овозможува „универзумот“ на процеси да се подели на две унифицирани категории. Иако се погодни за post hoc интерпретација и интегрирање на добиената евиденција, на формулациите на овие теории им недостасува концептуална прецизност за генерирање емпириски проверливи предвидувања.

Како реакција на неможноста за непотврдување на двопроцесните теории и модели, се развиваат формализираните модели на двојни процеси. Повеќето од нив (Conrey et al., 2005; Jacoby, 1991; Payne & Bishara, 2009) се мултиноминални, и ги опишуваат неопсервабилните процеси како веројатности, обезбедувајќи дисоцијација на придонесите на автоматските и контролирани влијанија во изведбата сумирана со одредена мерка преку математичко моделирање. Квантификувањето на придонесот на контролираните и автоматски процеси во опсервабилното однесување најчесто се обезбедува преку споредба на изведбата во услов што овозможува двата типа процеси да соработуваат олеснувајќи ја изведбата и во услов на исклучување, кога двата типа процеси работат во опозиција (Klauer, Dittrich, Scholtes, & Voss, 2015).

Суштинскиот придонес на формализирани модели на двојни процеси се огледува во концептуалното поткопување на долгата практика на изедначување на мерките со процесите, наметната од двопроцесните теории што претпоставуваат дека со имплицитните мерки се квантификуваат автоматските процеси, додека со експлицитните мерки – контролираните процеси. Кореспонденцијата на предвидените и опсервираните податоци што е услов за потврдување на формализирани модели на двојни процеси, упатува дека ниту една мерка не е процесно чиста, и според тоа, наместо за дисоцијација на мерките, треба да се зборува за дисоцијација на процесите.

Корени на имплицитната когниција во концептуализациите за имплицитното помнење и нивна реинтерпретација

Имплицитното помнење се дефинира преку опозиција со она што се нарекува експлицитно помнење или помнење што се актуализира преку присетување или рекогниција на мерки за самоизвестување (Jacoby, 1991, Schacter, 1987, Jacoby, Lindsay & Toth, 1992). Всушност, имплицитноста се определува како отсуство на експлицитност, ако последнава се изедначува со интроспекција како метод за пристап до објектот што се мери. Во неколку лаборатории (пр. Warrington & Weiskrantz, 1974) се испитува феноменот на имплицитно помнење кога пациенти со невробиолошки растројства што не се во можност да се присетат или да препознаат што им било изложено во претходна епизода на учење, манифестираат трага на запомнетото преку изведба на задачи (пр. пополнување на фрагментирани зборови) чија перформанса може да биде олеснета доколку се актуализира сеќавање за претходно изложениот материјал. Иако учесниците не помнат дека запомниле, ефектот на запомнетото се манифестира индиректно преку изведбата. Ваквата дисоцијација во исходите на индиректните задачи на изведба и директните задачи на самоизвестување за исходот од интроспекција се продуцира и кај субјекти без невролошки растројства (Schacter, 1987) на задачи во кои отсуствува барање за реферирање на епизодата на изложување во епизодата на изведба. Во овие задачи влијанието на претходно изложеното (ефект на примарна активација[3]) се манифестира како ретенција, без разлика дали кодирањето било сублиминално или елаборирано, преку зголемување на точноста и/или брзината во изведбата. Накратко, Граф и Шактер (Graf & Schacter, 1985) го дефинираат имплицитното помнење како она што „...се открива кога претходни искуства ја олеснуваат изведбата на задача што не бара свесно или намерно присетување за тие искуства“(стр. 502).

[3] Во приказот терминот priming е преведен како примарна активација, додека терминот prime, кој се однесува на стимулусот што го евоцира ваквиот ефект, се преведува како примарен активатор.

Преку формулациите за имплицитното помнење се рециклира контроверзниот концепт за несвесното што сега станува когнитивно (Jacoby, Lindsay & Toth, 1992) и токму Шахтер (1987) во својот преглед за имплицитно помнење, всушност, нагласува дека она што се означува со имплицитно помнење или „запомнување без свесност" е еднозначно со концептите за несвесно помнење (Freud & Breuer, 1966). Меѓутоа, потребно е да се нагласи дека несвесната когниција во контекст на авторите на имплицитно помнење во голема мера е ослободена од психоаналитички интерпретации (Jacoby, Lindsay & Toth, 1992; Schacter, 1987) и несвесното се определува преку отсуство на намера за евоцирање и/или отсуство на субјективно доживување за оперирањето на она што се евоцира (Jacoby, Lindsay & Toth, 1992).

Под влијание на концептуализациите за имплицитното помнење, Гринвалд и Банаџи (Greenwald & Banaji, 1995) ја воведуваат имплицитната социјална когниција како „теориска категорија" (стр. 4) со која ја реинтерпретираат емпириската евиденција во доменот на социјалната когниција заснована врз индиректни мерки, дефинирајќи ги конструктите на имплицитната социјална когниција како: „...интроспективно неидентификувани (или погрешно определени) траги на минато искуство што ги посредуваат релевантните категоријални одговори" (стр. 5). Преку концептот за интроспективна недостапност, освен старите конструкти на социјалната психологија за став и стереотип, Гринвалд и Банаџи (1995) ги редефинираат и конструктите за себепочитување како став спрема себе, и слика за себе како уверувања (стереотип) за себе.

Дефиницијата за имплицитно помнење на Граф и Шактер (1985) што доследно се употребува, погоре е цитирана за да се увиди пресликувањето во концептуализацијата на имплицитните конструкти. Во двете дефиниции резидиум на претходно искуство влијае на актуелниот одговор, иако интроспективниот пристап до влијателната иманентност отсуствува, без разлика дали затоа што не се бара (дефиниција за имплицитното помнење) или затоа што не постои (дефиниција за имплицитни конструкти).

Пресретнувањето на концептуализациите за имплицитно помнење и имплицитна социјална когниција сепак треба да се разгледува и преку пресвртот што се однесува на нивото на анализа што се употребува во дефинирањето. Отсуството на интроспективен пристап („свесна или намерна реколекција") во првата дефиниција е критериум на процедурата преку која се демонстрира феноменот, додека во втората е обележје на феноменот – првата дефиниција е повеќе операционална, а втората концептуална.[4] Второ, во дефиницијата за

[4] Интересно е да се напомене дека подоцнежните стојалишта на авторите (Greenwald & Lai, 2020) подиректно нагласуваат дека имплицитноста не треба да се поистоветува со интроспективна недостапност или несвесност за предметот на мерење, односно дека имплицитноста е синонимна само со индиректноста на мерката.

имплицитно помнење манифестацијата на феноменот е опсервабилна перформанса на експериментална задача, додека во дефиницијата за имплицитните конструкти одговорот е категоријален и не нужно видлив. Имплицитните конструкти се објективизираат како евалуации или атрибуции што се засноваат врз категоријалната, односно групната припадност на објектот на одговор (Greenwald & Banaji, 1995) и токму преку последново имплицитната когниција станува социјална.

Иако имплицитноста доследно се продуцира во когнитивните лаборатории преку процедурите на примарна активација со кои во повеќе наврати се демонстрира и автоматската активација на ставовите и стереотипите (пр. Banaji & Greenwald, 1995; Devine, 1989), ваквите истражувања се најчесто со експериментални нацрти што тестираат разлики меѓу групи. Затоа Гринвалд и Банаџи (1995) на крајот од својот преглед повикуваат на развој на мерки што ќе бидат доволно осетливи за мерење на индивидуалните разлики во имплицитната социјална когниција. Три години подоцна, Гринвалд и сораб. (Greenwald et al., 1998) го публикуваат извештајот за развојот на Тестот на имплицитни асоцијации – ТИА (The Implicit Association Test; Greenwald, Mcghee, & Schwartz, 1998) што треба да ги мери индивидуалните разлики во имплицитната социјална когниција врз основа на брзината на изведбата во збирка на задачи на категоризација.

ТИА денес е една од најупотребуваните имплицитни мерки (Greenwald et al., 2020) и акумулацијата на наодите според некои автори (Greenwald & Lai, 2019) повикува на преиспитување на првичните сфаќања за дисоцијација и интроспективна недостапност кои произлегуваат од моделите на двојни процеси. Преглед на ваквата евиденција и нејзините импликации сепак е почеток на некој нов труд.

**Литература**

Agerström, J., & Rooth, D.-O. (2011). The role of automatic obesity stereotypes in real hiring discrimination. *The Journal of Applied Psychology*, *96*(4), 790–805. http://doi.org/10.1037/a0021594

Bargh, J. A. (1994). The four horsemen of automaticity: Awareness, intention, efficieny, and control in social cognition. *Handbook of Social Cognition*.In R. S. Wyer, Jr. & T. K. Srull (Eds.), *Handbook of social cognition: Basic processes; Applications* (2nd ed., pp. 1–40). Lawrence Erlbaum Associates, Inc.

Brewer, M. B., & Harasty-Feinstein, A. S. (1999). Dual processes in the representation of persons and social categories. In S. Chaiken & Y. Trope (Eds.), *Dual-process theories in social psychology* (pp. 255–270). New York: Guilford Press. Retrieved from https://goo.gl/36O5Kl

Conrey, F. R., Sherman, J. W., Gawronski, B., Hugenberg, K., & Groom, C. J. (2005). Separating Multiple Processes in Implicit Social Cognition: The Quad Model of Implicit Task Performance. *Journal of Personality and Social Psychology*, *89*(4), 469–487. http://doi.org/10.1037/0022-3514.89.4.469

Chaiken, S., & Stangor, C. (1987). Attitudes and attitude change. *Annual review of psychology*, 38(1), 575–630.

De Houwer, J., Teige-Mocigemba, S., Spruyt, A., & Moors, A. (2009). Implicit measures: A normative analysis and review. *Psychological Bulletin*, *135*(3), 347–368. http://doi.org/10.1037/a0014211

Devine, P. G. (1989). Stereotypes and prejudice: Their automatic and controlled components. *Journal of Personality and Social Psychology*, *56*(1), 5–18. http://doi.org/10.1037/0022-3514.56.1.5

Epstein, S. (1994). Integration of the cognitive and psychodynamic unconscious. *American Psychologist*, 49(8), 709–724.

http://dx.doi.org/10.1037/0003-066X.49.8.709

Epstein, S. (2003). Cognitive-Experiential Self-Theory of Personality. *Comprehensive Handbook of Psychology: Personality and Social Psychology*, *5*, 159–184. http://doi.org/10.1007/978-1-4419-8580-4_9

Fazio, R. H. (1990). Multiple processes by which attitudes guide behavior: The MODE model as an integrative framework. *Advances in experimental social psychology*, *23* (75–109). doi:10.1016/S0065-2601(08)60318-4

Fazio, R. H. (2007). Attitudes as Object–Evaluation Associations of Varying Strength. *Social Cognition*, *25*(5), 603–637. http://doi.org/10.1521/soco.2007.25.5.603

Fazio, R. H., Jackson, J. R., Dunton, B. C., & Williams, C. J. (1995). Variability in automatic activation as an unobtrusive measure of racial attitudes: a bona

fide pipeline? *Journal of Personality and Social Psychology*, *69*(6), 1013–27. Retrieved from http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pubmed/8531054

Fazio, R. H., & Olson, M. A. (2003). Implicit measures in social cognition research: Their meaning and uses. *Annual Review of Psychology*, 54, 297–327. doi:10.1146/annurev.psych.54.101601.145225

Fazio, R. H., & Olson, M. A. (2014). The MODE model: Attitude-Behavior Processes as a Function of Motitivation and Opportunity. In *Dual process theories of the social mind* (pp. 1–34). Retrieved from http://www.unc.edu/~dcameron/dualprocess.pdf

Fazio, R. H., Sanbonmatsu, D. M., Powell, M. C., & Kardes, F. R. (1986). On the automatic activation of attitudes. *Journal of Personality and Social Psychology*, *50*(2), 229–238. http://doi.org/10.1037/0022-3514.50.2.229

Fiske, S. T., & Neuberg, S. L. (1990). A continuum of impression formation, from category-based to individuating processes: Influences of information and motivation on attention and interpretation. In Advances in experimental social psychology (Vol. 23, pp. 1–74). Academic Press.

Freud, S., & Breuer, J. (1966). *Studies on hysteria*. Retrieved from https://tinyurl.com/36xdxhde

Gawronski, B., & Bodenhausen, G. V. (2006). Associative and propositional processes in evaluation: an integrative review of implicit and explicit attitude change. *Psychological Bulletin*, *132*(5), 692–731. http://doi.org/10.1037/0033-2909.132.5.692

Gawronski, B., & Payne, B. K. (Eds.). (2010*). Handbook of implicit social cognition: Measurement, theory, and applications.* The Guilford Press.

Gawronski, B., Peters, K. R., & LeBel, E. P. (2008). What Makes Mental Associations Personal or Extra-Personal? Conceptual Issues in the Methodological Debate about Implicit Attitude Measures. *Social and Personality Psychology Compass*, *2*(2), 1002–1023. http://doi.org/10.1111/j.1751-9004.2008.00085.x

Gilbert, D. T. (1989). Thinking lightly about others: Automatic components of the social inference process. In J. S. Uleman & J. A. Bargh (Eds.), *Unintended thought* (pp. 189–211 ). New York : Guilford Press .Retrieved from https://goo.gl/kNyVON

Graf, P., & Schacter, D. L. (1985). Implicit and explicit memory for new associations in normal and amnesic subjects. *Journal of Experimental Psychology. Learning, Memory, and Cognition*, *11*(3), 501–518. http://doi.org/10.1037/0278-7393.11.3.501

Green, A. R., Carney, D. R., Pallin, D. J., Ngo, L. H., Raymond, K. L., Iezzoni, L. I., & Banaji, M. R. (2007). Implicit bias among physicians and its prediction

of thrombolysis decisions for black and white patients. *Journal of General Internal Medicine*, *22*(9), 1231–1238. http://doi.org/10.1007/s11606-007-0258-5

Greenwald, A. G., & Banaji, M. R. (1995). Implicit social cognition: attitudes, self-esteem, and stereotypes. *Psychological Review*, *102*(1), 4–27. Retrieved from http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pubmed/7878162

Greenwald, A. G., Banaji, M. R., Rudman, L. A., Farnham, S. D., Nosek, B. a., & Mellott, D. S. (2002). A unified theory of implicit attitudes, stereotypes, self-esteem, and self-concept. *Psychological Review*, *109*(1), 3–25. http://doi.org/10.1037//0033-295X.109.1.3

Greenwald, A. G., Poehlman, T. A., Uhlmann, E. L., & Banaji, M. R. (2009). Understanding and using the Implicit Association Test: III. Meta-analysis of predictive validity. *Journal of Personality and Social Psychology*, *97*(1), 17–41. http://doi.org/10.1037/a0015575

Greenwald, A. G., Brendl, M., Cai, H., Cvencek, D., Dovidio, J., Friese, M., Hahn, A., Hehman, E., Hofmann, W., Hughes, S., Hussey, I., Jordan, C. H., Jost, J., Kirby, T. A., Lai, C. K., Lang, J. W. B., Lindgren, K. P., Maison, D., Ostafin, B., … Wiers, R. (2020). The Implicit Association Test at age 20: What is known and what is not known about implicit bias [Preprint]. PsyArXiv. https://doi.org/10.31234/osf.io/bf97c

Greenwald, A. G., & Lai, C. K. (2020). Implicit social cognition. *Annual review of psychology*, 71, 419-445.

Jacoby, L. L. (1991). A process dissociation framework: Separating automatic from intentional uses of memory. *Journal of Memory and Language*, *30*(5), 513–541. http://doi.org/10.1016/0749-596X(91)90025-F

Jacoby, L. L., Lindsay, D. S., & Toth, J. P. (1992). Unconscious influences revealed: Attention, awareness, and control. American Psychologist, 47(6), 802–809.

Kahneman, D., & Tversky, A. (1979). Prospect Theory: An Analysis of Decision under Risk. *Econometrica: Journal of the Econometric Society*, *47*(3), 263–291. http://doi.org/10.1111/j.1536-7150.2011.00774.x

Kahneman, D. (2011). *Thinking, fast and slow*. New York: Farrar, Straus and Giroux. Retrieved from https://tinyurl.com/4w95p8c9

Klauer, K. C., Dittrich, K., Scholtes, C., & Voss, A. (2015). The invariance assumption in process-dissociation models: An evaluation across three domains. *Journal of Experimental Psychology: General*, *144*(1), 198–221. http://doi.org/10.1037/xge0000044

Lieberman, M. D. (2003). Reflective and reflexive judgment processes: A social cognitive neuroscience approach. In J. P. Forgas, K. R. Williams, & W. von Hippel (Eds.), *Social judgments: Implicit and explicit processes* (pp. 44–67).

New York: Cambridge University Press. Retrieved from https://tinyurl.com/fa4565mp

Nosek, B. A., & Greenwald, A. G. (2009). (Part of) the case for a pragmatic approach to validity: Comment on De Houwer, Teige-Mocigemba, Spruyt, and Moors (2009). *Psychological Bulletin*, *135*(3), 373–376. http://doi.org/10.1037/a0015047

Nosek, B. A., & Smyth, F. L. (2011). Implicit social cognitions predict sex differences in math engagement and achievement. *American Educational Research Journal*, *48*(5), 1125–1156.

Payne, B., & Bishara, A. (2009). An integrative review of process dissociation and related models in social cognition. *European Review of Social Psychology*, *20*(1), 272–314. http://doi.org/10.1080/10463280903162177

Petty, R. E., Cacioppo, J. T. (1986). The elaboration likelihood model of persuasion (pp. 1–24). Springer New York

Peris, T. S., Teachman, B. A, & Nosek, B. a. (2008). Implicit and explicit stigma of mental illness: links to clinical care. *The Journal of Nervous and Mental Disease*, *196*(10), 752–60. http://doi.org/10.1097/NMD.0b013e3181879dfd

Posner, M. I., & Snyder, C. R. R. (1975). Attention and cognitive control. In R. L. Solso (Ed.), *Information processing and cognition:* The Loyola Symposium, (55–85), Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum Associates Inc.

Schacter, D. L. (1987). Implicit memory: History and current status. *Journal of Experimental Psychology: Learning, Memory, and Cognition*, *13*(3), 501–518.

Schneider, W., & Shiffrin, R. M. (1977). Controlled and automatic human information processing: I. Detection, search, and attention. *Psychological review*, 84(1), 1–66. https://psycnet.apa.org/doi/10.1037/0033-295X.84.1.1

Smith, E. R., & DeCoster, J. (2000). Dual-process models in social and cognitive psychology: Conceptual integration and links to underlying memory systems. *Personality & Social Psychology Review,* 4(2), 108–131.

Strack, F., & Deutsch, R. (2004). Reflective and impulsive determinants of social behavior. *Personality and Social Psychology Review* , *8*(3), 220–247. http://doi.org/10.1207/s15327957pspr0803_1

Trope, Y. (1986). Identification and inferential processes in dispositional attribution. *Psychological Review*, *93(3)*, 239–257.

Tversky, A., & Kahneman, D. (1974). Judgment under Uncertainty: Heuristics and Biases. *Science*, *185*(4157), 1124–1131. http://doi.org/10.1126/science.185.4157.1124

Warrington, E. K., & Weiskrantz, L. (1974). The effect of prior learning on subsequent retention in amnesic patients. *Neuropsychology,* 12(4), 419– 428.

Wilson, T. D., Lindsey, S., & Schooler, T. (2000). A model of dual attitudes. Psychological Review, 107(1), 101–126.

Wood, W., & Eagly, A. H. (2010). Gender. In S. T. Fiske, D. T. Gilbert, & G. Lindzey (Eds.), *Handbook of social psychology* (5th ed., pp. 629–667). John Wiley & Sons, Inc.. https://doi.org/10.1002/9780470561119.socpsy001017

# THE ROOTS OF IMPLICIT SOCIAL COGNITION IN CONCEPTUALIZATIONS OF AUTOMATISM AND IMPLICIT MEMORY

**Vaska Leshoska**

Following Greenwald & Banaji's (1995) influential publication, implicit social cognition is profiled as a research domain that integrates findings from indirect or implicit measures based on chronometric procedures, as opposed to self-report or explicit measures. This paper provides a limited theoretical overview of the roots of implicit social cognition in conceptualizations of automaticity and dual-process models on the one hand, and in conceptualizations of implicit memory and their reinterpretation by Greenwald and colleagues (Greenwald & Banaji, 1995; Greenwald, Banaji, Rudman, Farnham, Nosek, & Mellot, 2002) on the other. In this direction, the question arises: first of all, whether implicitness is a feature of immanent processes or representations of social cognition, or is it a description of empirical constructs profiled by measurement procedures. The review is more of a historical and conceptual account of the two intellectual traditions and does not claim to summarize the accumulated findings from implicit measures, which, according to some authors, call for a reevaluation of existing understandings of implicit social cognition.

**Keywords:** *implicit social cognition, implicit measures, automaticity.*

УДК: 316.613-053.6:178.7]:364-787(497.7)
Изворен научен труд

# CULTURAL NUANCES IN ADOLESCENT SMOKING: THE ROLE OF FAMILY, TEACHERS, AND ECONOMIC WELL-BEING IN NORTH MACEDONIA

**Sheruze Osmani Ballazhi[1], Luljeta Bexheti, Ibrahim Neziri, Behare Kasami**
*Faculty of Philosophy, University of Tetovo, Tetovo*

**Kalina Sotiroska Ivanoska**
*Institute of Psychology, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje,*

## Abstract

The epidemic of smoking bears grave implications for the health of individuals, escalating mortality rates in alarming numbers globally. This circumstance has compelled institutions and policymakers to implement diverse strategies to alleviate this challenging issue. Concurrently, researcheres are focused on identifying various social and personal factors to increase the efficacy of these strategies, particularly during adolescence, a highly susceptible age prone to risky behaviors. The support from family and teachers, as well as communication with parents, emerge as predictors of smoking, although findings are varying in research conducted in different countries. This study aims to predict smoking based on family and teacher support, communication with the father and mother, and family financial well-being among Macedonian and Albanian adolescents. The sample encompasses 5144 adolescents aged 11, 13, and 15 from North Macedonia, with 48.4% being male and 51.6% female. Reflecting the population structure, 66.6% are Macedonian adolescents, and 33.4% are Albanians. The data presented is part of the cross-sectional study Health Behaviour in School-aged Children collected during 2022.

The findings derived from binary logistic regression indicate that the communication with the father and the support from the teachers serve as predictors for smoking in both ethnic groups. Family support, communication with the mother, family structure, and economic well-being resulted as smoking predictors in Macedonian adolescents but not in their Albanian counterparts. Differences in smoking concerning the gender and age of adolescents are additionally discussed. Devising policies to reduce smoking must address the cultural specificities of different ethnic groups within countries.

**Keywords:** *smoking, family support, school support, family affluence, adolescences*

[1] sheruze.osmani@unite.edu.mk

## Introduction

Zimet, D.G., Dahlem, W.N., Zimet, G.S. & Farley, K.G. (1988) The Multidimensional Scale of Perceived Social Support. *Journal of Personality Assessment, 52*(1), 30–41.

# КУЛТУРОЛОШКИ НИЈАНСИ ВО ПУШЕЊЕТО КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ: УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО, НАСТАВНИЦИТЕ И ЕКОНОМСКАТА БЛАГОСОСТОЈБА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Шерузе Османи-Балажи**
**Луљета Беџети**
**Ибрахим Незири**
**Калина Сотироска-Иваноска**
**Бехаре Касими**

**Апстракт**

Пушењето носи сериозни импликации за здравјето на поединците, зголемувајќи ја стапката на смртност со алармантни бројки на глобално ниво. Оваа околност ги принуди институциите и креаторите на политиките да имплементираат различни стратегии за да го ублажат ова предизвикувачко прашање. Истовремено, истражувачите се фокусирани на идентификување на различните социјални и лични фактори за да се зголеми ефикасноста на овие стратегии, особено за време на адолесценцијата – возраст подложна на ризично однесување. Поддршката од семејството и наставниците, како и комуникацијата со родителите, се појавуваат како предиктори на пушењето, иако наодите се различни во истражувањето спроведено во различни земји. Ова истражување има за цел да го предвиди пушењето врз основа на поддршката од семејството и наставниците, комуникацијата со таткото и мајката и семејната финансиска состојба кај адолесцентите Македонци и Албанци. Примерокот опфаќа 5.144 адолесценти на возраст од 11, 13 и 15 години од Северна Македонија, од кои 48,4 % се момчиња и 51,6 % се девојчиња. Презентираните податоци се дел од Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст, собрани во текот на 2022 година.

Наодите добиени од бинарна логистичка регресија укажуваат дека комуникацијата со таткото и поддршката од наставниците служат како предиктори за пушењето кај адолесцентите од двете етнички групи. Поддршката од семејството, комуникацијата со мајката, структурата на семејството и економската состојба резултираа како предиктори за пушењето кај македонските адолесценти, но не и кај нивните албански врсници. Дополнително се дискутира за разликите во пушењето во однос на полот и возраста на адолесцентите. Смислувањето политики за намалување на пушењето мора да се однесува на културните специфичности на различните етнички групи во земјите.

**Клучни зборови:** *пушење, семејна поддршка, поддршка од училиштето, материјална добросостојба, адолесценти*

УДК: 159.923.2:159.947.2-057.875(497.7)
*Психологија: наука и пракشика, Vol. VII (13), 2023*

# ТИВКОТО ЕГО И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ЖИВОТОТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ

**Ана Ѓорѓевиќ**[1]
*Факултет за психологија*
*МИТ Универзитет, Скопје*

**Кратка содржина**

Целта на овој труд е да се утврди дали постои поврзаност помеѓу тивкото его и задоволството од животот кај студентите во македонски општествено-културен контекст. Тивкото его се однесува на сочувствителниот идентитет кој го надминува егоизмот, без истовремено да се игнорира личниот интерес, додека задоволството од животот се однесува на когнитивната проценка на сопствениот живот. Истражувањето беше спроведено на 243 студенти од прва до четврта година на Медицинскиот, Педагошкиот, Економскиот, Правниот и Православниот богословски факултет. На испитаниците им беа зададени *Скалата за тивко его* и *Скалата за задоволство од животот*. Резултатите покажаа дека постои позитивна поврзаност помеѓу тивкото его и задоволството од животот ($r = .14$; $p < .05$), во согласност со очекувањата и во склад со наодите од релевантните истражувања.

**Клучни зборови:** *тивко его, задоволство од животот*

[1] dordevic_ana@hotmail.com

## Вовед

Објавувањето на зборникот на трудови со наслов *Надминување на личниот интерес: психолошки истражувања на тивкото его* во 2008 година, каде Бауер и Вајмент се јавуваат како автори и уредници (Bauer & Wayment, 2008), го отвори патот за проучувањето на концептот *тивко его* во психологијата. На појавувањето на овој концепт во психологијата му претходат неколку значајни фактори. Едниот фактор е појавата на новото движење во психологијата на почетокот на овој милениум, познато под името позитивната психологија, која го зголеми интересот на психологијата за проучување на факторите кои придонесуваат за оптимално функционирање на личноста.

Проучувањето на неколку теми во позитивната психологија кои се однесуваат на мотивацијата за надминување на границите на личниот интерес, на еден или друг начин се поврзани појавата на концептот тивко его. Такви се темите за благодарноста (Emmons & Shelton, 2002), понизноста (Tangney et al., 2005), простувањето (McCullough, 2000), алтруизмот (Batson et al., 2005). Другиот фактор релевантен за појавата на концептот тивкото его, е поврзан со себеценењето, кое во психологијата се сметало за решение за бројни лични пречки во ефикасното и продуктивно психолошко функционирање. Имено, истражувањата укажуваат на негативните последици од превисокото себеценење (Baumeister & Tierney, 2011). Тивкото его е концепт во позитивната психологија кој се раѓа како реакција на растечкото ниво на егоизам и сознанијата за неговите негативни последици (Bauer & Wayment, 2008).

Тивко его се развива како реакција на академската заедница на ширењето на егоизмот, на нереално високото себеценење, поттикнувањето и наметнувањето да се биде број 1, најдобар, најспособен, најуспешен. Едно од клучните обележја на „генерацијата јас“ и „селфи генерацијата“ е тенденцијата да се биде број 1 и да се биде чекор пред другите (затоа што така ќе се постигне успех, а штом се постигнува успех, се достигнува и среќа). Проблематичното во оваа ситуација, е дека себеценењето во овој случај се гради врз информации за себеси добиени преку споредба со другите, при што другите се перципираат како послаби, помалку способни, помалку добри, понегативни од себеси. Егоизмот подразбира фокусираност исклучиво врз себеси, врз сопствените потреби за внимание и признание, користејќи ги притоа другите единствено во интерес на задоволување на сопствените потреби. Тука спаѓа и потребата да се гради сопствениот идентитет само врз основа на селективна споредбата со другите, при што другите се перципираат негативно (или барем понегативно од себеси).

Кога станува збор за концепт кој во својот состав го вклучува терминот *его*, важно е да се утврди сфаќањето за егото во психологијата. Егото е комплексен

концепт кој во себе вклучува повеќе фактори (Bauer & Wayment, 2008). Прво, егото се однесува на афективната проценка на себеси, што во себе вклучува себеценење и самодоверба. Второ, егото вклучува анализа на интерперсоналните односи, вклучително и идентификување со другите, поврзаност со другите, вклучување (наспроти исклучување) на другите во себеси. Трето, егото подразбира свесност за себеси, што вклучува препознавање на личните перспективи и референтни рамки, односно свесност за личните вредности и ставови. Овие фактори заедно го сочинуваат концептот за себеси, односно за егото. На нив се однесува делот *его* од концептот тивко его.

Бауер и Вајмент (Bauer & Wayment, 2008) го воведуваат концептот *тивко его* во психологијата, со цел да опишат модел кој ќе опфаќа реална слика за себеси, како и баланс помеѓу свесноста за сопствените потреби и нивното задоволување од една страна, и потребите на другите и нивото задоволување, од друга страна. Овој концепт е замислен како личен идентитет кој го надминува егоизмот, без истовремено да се игнорира личниот интерес. Тивкото его се опишува како стивнување на егото со цел личноста да може да ги слушне и другите како себеси, во обидот да се живее похумано и посочувствително (Bauer & Wayment, 2008). Термините *стивнување на егото* и *тивко его*, произлегуваат токму од потребата да се именуваат, како *процесот* на надминување на егоизмот, така и *состојбата* во која на индивидуално и колективно ниво егоизмот е стивнат, односно намален (Wayment & Bauer, 2017). Концептот *тивко его* во себе интегрира неколку концепти (постојана свесност, преземањето перспектива, инклузивниот идентитет и психолошкото растење) од позитивната психологија, за кои постојат докази дека имаат позитивен удел во психичката добросостојба, но кои досега не биле препознаени како компоненти на еден заеднички концепт (Wayment et al., 2015).

Спротивно на тивкото его е *гласното* его, чија гласност во основа ја има потребата за внимание и од чија гласност е неможно да се слушнат другите, односно да се биде во контакт со нив на начин кој овозможува да се согледаат потребите на другите и да се разбере нивниот светоглед (Bauer & Wayment, 2008). Тивкото его, во споредба со гласното его, е побалансирано во проценката на личните силни и слаби страни, што пак, претставува чекор кон личен раст, кон поголемо сочувство и подобро разбирање на себеси и на другите. Гласното его подразбира фокус исклучиво врз сопствените потреби во одреден момент кои сакаат да бидат задоволени веднаш, дури и на штета на сопствените цели на долгорочен план. Гласното его е фокусирано врз моменталните ефекти од активноста, како што се сочувување на позитивната слика за себеси или на сопствениот социјален статус. Доколку пак, гласното его е насочено кон долгорочни цели, таа насоченост својот фокус го има врз

материјалниот или социјалниот напредок (зголемување на материјалното богатство или на подобрување на социјалниот статус), а не врз личниот раст и развој (Mor & Winguist, 2002).

Гласното его според своите карактеристики е блиско до нарцисоидноста (Boin, & Voci, 2019) и се карактеризира со нереално висока самодоверба, грандиозна перцепција на сопствената важност, проследена со висока потреба за внимание, како и одобрување и потврдување на сопствената доминантност (Campbell, & Buffardi, 2008). Луѓето со овие карактеристики се уверени дека заслужуваат посебен третман, бидејќи се доживуваат себеси како посебни, уникатни, специјални. Може да се чини дека овие позитивни перцепции на себеси може да бидат позитивно поврзани со личната добросостојба – но тоа е само илузија (Robins & Beer, 2001) и ефектот може да биде само краткотраен, бидејќи при соочување со нереалната слика за себеси, се јавуваат негативни емотивни состојби, кои понекогаш подразбираат дури и агресивност кон другите (Baumeister et al., 1996).

Личностите кои имаат висок степен на егоизам, покажуваат ограничени капацитети за перципирање на себеси од друга перспектива, што е проследено со ниско ниво на емпатија (Twenge et al., 2015), како и намалена добрина и подготвеност да се помогне (Konrath et al., 2011). Овие резултати се показател за тешкотија во балансирањето помеѓу свесноста за сопствените потреби и потребите на другите. Истовремено, и претераниот фокус врз другите доведува до проблематично функционирање. Имено, многу стивнатото его има тенденција кон негативно проценување на себеси и доминантно фокусирање на потребите и желбите на другите (Lutz-Zois et al., 2013). Стивнатото его го зголемува ризикот од развивање емоции како што се огорченост и бес, било да се насочени кон другите, или кон себеси (Duarte & Thompson, 1999).

Постојаната фокусираност врз другиот, како и самопожртвуваноста во знак на грижа за другиот, поттикнува негативно самоосудување и влијае негативно врз интерперсоналните односи, што потенцијално води кон намален ангажман и зголемена самоизолација. Самопожртвуваноста ја спречува личноста да гради автентичен однос со другиот, од причина што создава поголема нерамнотежа помеѓу себе и другиот. Тивкото его не е ниту претерано фокусирано врз себеси, ниту е претерано фокусирано врз другиот. Фокусираноста врз себеси или пак, фокусираност врз другиот, не се инхерентно негативни. Сепак, соодветна рамнотежа помеѓу овие две страни обезбедува структура на егото која е способна за интеракција со светот. Поединците со оваа рамнотежа се способни да ги согледаат прашањата од туѓа перспектива, да се вклучат на помалку одбранбен начин во односите со другите и да го балансираат својот идентитет со идентитетот на другиот, без себеси да се

изгубат од фокусот. Личностите кои во оваа смисла имаат балансирано его, покажуваат инклузивен идентитет, зголемувајќи ја веројатноста за соработка со другиот, истовремено намалувајќи ја распространетоста на своите одбранбени ставови насочени кон другиот (Montoya & Pittinsky, 2011). Самото прикажување на инклузивен идентитет не е доволно за соодветна рамнотежа меѓу себеси и другиот. Наместо тоа, личностите исто така мора да развијат способност да гледаат ситуации од перспектива на другиот и да поттикнат свест за нивните емоционални одговори.

Балансираноста, како централна карактеристика на тивкото его, може да се објасни и преку концептот за животни, односно егзистенцијални позиции во теоријата за трансакциска анализа (White, 1994). Животните позиции претставуваат базични верувања на личноста за себеси и за другите. Од нив произлегуваат заклучоци, одлуки, ставови и однесувања кои една личност ги манифестира во односите со другите. Постојат четири животни позиции: јас сум ок, ти си ок (јас и ти сме подеднакво важни и значајни и стапуваме во рамноправен однос); јас не сум ок, ти си ок (мојот живот не е значаен и вреден колку твојот, јас можам помалку, ти можеш повеќе и си подобар/ра од мене); јас сум ок, ти не си ок (твојот живот не вреди колку мојот, мојот вреди повеќе, моите потреби, интереси, ставови се поважни од твоите) и јас не сум ок, ти не си ок (ниту мојот живот, ниту твојот живот се важни и значајни, ниту моите потреби, ниту твоите заслужуваат труд за да бидат задоволени). За претерано стивнатото его карактеристична е позицијата јас не сум ок, ти си ок, додека за гласното его карактеристична е позицијата јас сум ок, ти не си ок. Тивкото его, пак, за споредба, ја има доминантно позицијата јас сум ок, ти си ок, која во психолошка смисла е најздрава позиција. Оваа позиција овозможува градење рамноправни и здрави интерперсонални односи.

Тивкото его го сочинуваат четири компоненти (Bauer & Wayment, 2008). Првата компонента е *објективна свесност*, која се однесува на согледување и интерпретирање на сегашната ситуација, без притоа да ѝ се припишува поголема тежина заради личните очекувања или претходното искуство. Перципирањето на ситуацијата без суд за истата, овозможува стивнување на егото. Оваа компонента овозможува фокусирање врз сегашниот момент, врз согледување и интерпретирање на сегашната ситуација, ослободена од тежината на претходното искуство и од личните очекувања за тоа какви треба да бидат луѓето или настаните. Важно е да се нагласи дека оваа компонента од тивкото его не е идентична со постојаната свесност (анг. mindfulness), иако се слични. Постојаната свесност се карактеризира со фокус врз себеси, додека тивкото его се карактеризира со балансиран фокус помеѓу себеси и другите.

Втората компонента е *инклузивен идентитет*. Таа се однесува на идентитет кој во себе ги вклучува и другите. Тоа подразбира согледување и прифаќање, пред сè, на сличностите помеѓу луѓето, а не примарно на нивните разлики. Таа подразбира зголемено ниво на сочувство и соработка со другите.

Третата компонента е *преземање на перспектива*, што подразбира можност да се разбере гледната точка на другиот, да се биде емпатичен и алтруистичен. Четвртата компонента е *растење* и таа подразбира перципирање на ситуациите како можност и за лично растење и личен развој на долгорочен план.




**Слика 1.** *Структурни компоненти на тивкото его*

Овие четири компоненти придонесуваат за личносна ориентација кон балансирање помеѓу себеси и другите, како и психолошки развој на себеси и на другите. Тивкото его ги интерпретира и евалуира себеси и другите низ рамките на балансирање и растење. Балансирањето подразбира грижа за себеси и за другите, додека растењето се однесува на грижата како за сопственото психолошкото растење, така и за психолошкото растење на другиот (Bauer & Wayment, 2008).

Една од вродените карактеристики на егото е неговата социјална природа и потекло, односно тоа произлегува и се развива од интеракциите помеѓу личноста и нејзината социјална средина. Налик на она што Харис (Harris, 1990) го зборува: „Јас сум човек. Ти си човек. Без тебе јас не сум човек, бидејќи само преку тебе е можен јазикот, а само преку јазикот е можно размислувањето, а само преку размислувањето е можна човечноста“. Тивкото его, од оваа перспектива, не е исклучок: и тоа произлегува од интеракцијата со социјалната средина (Bauer & Wayment, 2008; Wayment et al., 2015). Исто како што индивидуалистичкото, конкурентно, себеориентирано опкружување поттикнува егоистичко его, така и средината во која личностите се заемно зависни, сочувствителни и ориентирани кон другите поттикнува тивко его (Campbell & Buffardi, 2008). Поинаку кажано, за да се развие тивко его, потребна е социјална средина или култура која ги поддржува, признава, препознава и потврдува овие квалитети кои го надминуваат егоизмот.

Со оглед на тоа што тивкото его е понов концепт во психологијата, постои интерес продлабочено да се разбере природата на тивкото его. За таа цел се спроведуваат теоретски и емпириски истражувања за корелатите и антецедентите на овој концепт. Едно од позначајните истражувања се оние кои се однесуваат на поврзаноста на тивкото его со задоволството од животот. Причината за тоа лежи во фактот што задоволството од животот е значајно да се проучува, пред сѐ, заради неговата поврзаност со менталното здравје, психолошката добросостојба и оптималното психолошко функционирање.

Концептот задоволство од животот во психологијата за прв пат е употребен во шеесеттите години од минатиот век (Neugarten et al., 1961), означувајќи го резултатот добиен помеѓу тоа што личноста го сака и тоа што личноста го добива. Во седумдесеттите Шин и Џонсон го определуваат задоволството од животот како глобална проценка на квалитетот на животот на една личност според од неа избраните критериуми (Shin & Johnson, 1978). Неколку години подоцна, Динер и соработниците (Diener et al., 1985) ја прошируваат оваа определба, сметајќи дека задоволството од животот се однесува на личните судови на луѓето за тоа колку се задоволни со нивната сегашна состојба, во споредба со стандардот кој секој поединец си го поставува за себе. Фенховен во 1996 година го дефинира задоволството од живот како степенот до кој личноста позитивно го евалуира својот живот во целина, односно степенот до тоа колку личноста е задоволна од животот кој го живее (Veenhoven, 1996). И покрај проучувањето на овие теми низ историјата на психологијата, интересот за систематско и емпириско занимавање со овие теми го достигнува свој процут дури со појавата на позитивната психологија.

Задоволството од животот е психолошки конструкт кој се однесува на когнитивната проценка за тоа колку сме задоволни од начинот на кој го живееме нашиот живот во целина (Спасовски, 2012). Задоволството од животот не опфаќа нужно и афективна проценка на сопствениот живот, ниту пак, нужно е поврзан со позитивните емоции кои ги доживува личноста. Задоволството од животот не е исто што и среќен и безгрижен живот. Шин и Џонсон (Shin & Johnson, 1978) го дефинираат задоволството од животот како глобална евалуација која личноста ја прави за сопствениот живот, базирана врз лични критериуми. Тоа значи дека процената на задоволството од животот зависи од споредбата на постоечките околности со некој стандард, кој не е екстерно ориентиран, туку се темели на лични критериуми кои секоја личност си ги поставува за себе. Кампбел и Буфарди (Campbell & Buffardi, 2008) задоволството од живот го дефинираат како перципирана разлика помеѓу личната аспирација и постигнувањето, кое се движи од перцепција на исполнетост, па сѐ до перцепција на депривација.

Различните дефиниции на задоволството од животот укажуваат на тоа дека задоволството од животот може да се дефинира и како еднодимензионален конструкт (на пример, глобално задоволство од животот) и како мултидимензионален конструкт кој во себе вклучува задоволство од различни животни сфери (Penezić, 2006б). Кај задоволството од животот станува збор за евалуациски процес во кој личноста го оценува квалитетот на својот живот според лични критериуми (Pavot & Diener, 1993). Проценка на сопственото задоволство од животот е субјективно и ѝ овозможува на личноста да ја користи која било информација која смета дека е релевантна за евалуација на својот живот.

Задоволството од животот е когнитивна проценка за областите во животот кои се релевантни за личноста, а кои може да се разликуваат од една до друга личност. Задоволството од животот е целосната перцепција и евалуација на својот живот и истата ја претставува когнитивната компонента на субјективната добросостојба.

Со оглед на фактот дека концептот тивко его е од понов датум, истражувањата кои ја проучуваат поврзаноста на тивкото его со задоволството од живот не се во голем број. Резултатите од тие истражувања се конзистентни и покажуваат значајна позитивна поврзаност на тивкото его задоволството од животот (Akca & Sumer, 2016; Wayment & Bauer, 2017; Wayment et al., 2016; Wayment et al., 2015), како и помеѓу тивкото его и психолошката добросостојба (Boin & Voci, 2019).

Истражувањата кои се однесуваат на поврзаноста помеѓу различните компоненти на тивкото его и задоволството од живот, се конзистентни и покажуваат значајна позитивна поврзаност. Имено, добиена е позитивна поврзаност помеѓу сочувствителноста и задоволството од животот (Anggraeni & Kurniawan, 2012; Yang et al., 2016). Истражувањето за поврзаноста на тивкото его, автентичноста и сочувствителноста со задоволството од животот спроведено на примерок од 200 возрасни испитаници од различна возраст, национална и етничка припадност, религиска припадност и професија, покажала значајна позитивна поврзаност помеѓу тивкото его и задоволството од животот (Chew & Ang, 2023). Во истото истражување регресивната анализа ги издвоила тивкото его и автентичноста како значајни предиктори на задоволството од животот.

Наодите од истражувањето кое ја испитува поврзаноста на нарцисоидноста и задоволството од животот, покажуваат значајна поврзаност на високото ниво на нарцисоидност со ниско ниво на задоволство од животот (Demirci et al., 2018). Тивкото его се покажало како значаен предиктор на психолошката добросостојба и себеценењето (Liu et al., 2022). Најдена е поврзаност

на тивкото его со субјективната добросостојба, посредно преку постојаната свесност и емоционалната интелигенција (Liu, 2022).

Ова истражување има за цел да провери *дали постои поврзаност помеѓу тивкото его и задоволството од животот кај студентите во македонски општествено-културен контекст*? Претпоставениот одговор на истражувачкиот проблем е формулиран во претпоставката дека *со зголемување на нивото на тивко его, се зголемува нивото на задоволство од животот кај студентите.*

Гласноста, или пак, стивнатоста на егото, се рефлектираат врз начинот на кој личноста се перципира и евалуира себеси, другите луѓе и случувањата околу неа. Личноста која има оптимално ниво на стивнато его, има објективна свесност за случувањата околу неа во даден момент, се грижи не само за своите, туку и за потребите на другите (Akca & Sumer, 2016; Wayment & Bauer, 2017; Wayment et al., 2016; Wayment et al., 2015). Истовремено, таа има сочувствителен однос кон себеси и кон другите, што пак, игра важна улога во задоволувањето на потребата за емотивна поврзаност и припадност (Anggraeni & Kurniawan, 2012; Yang et al., 2016). Личноста која е сочувствителна, има здрав и позитивен став и однос кон себеси и кон другите, свесна е за сопствените слабости без да се осудува себеси, и има тенденција кон личен раст и развој. Овие карактеристики ѝ овозможуваат да формира позитивна когнитивна оценка на сопствениот живот, односно да има високо ниво на задоволство од животот.

## Метод

### *Примерок*

Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 243 испитаници, сите студенти на Медицинскиот факултет, Педагошкиот факултет, Економскиот факултет, Правниот факултет, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и Православниот богословски факултет во Скопје.

### *Инструменти*

#### *Скала за тивко его*

За мерење на тивкото его е употребена *Скалата за тивко его* (Quiet Ego Scale, Wayment, et al., 2015). Таа се состои од вкупно 14 тврдења кои се одговара на шестостепена скала од Ликертотв тип (од „1“ што означува речиси

секогаш, до „6“ што означува речиси никогаш). Тврдењата 2, 6, 10, 11 и 14 се бодуваат обратно. Резултатот се добива како збир од поединечните тврдења Највисокиот резултат изнесува 84, а најнискиот 14. Повисок резултат означува повисоко ниво на тивко его. Добиениот Кронбах алфа- коефициент во истражувањето е со вредност 0,64.

*Скала за задоволство од животот*

За мерење на задоволството од животот беше користена *Скала за задоволство од животот* (Penezić, 2006a). Скалата има еднофакторска структура и се состои од 20 тврдења (17 тврдења се однесуваат на проценка на глобалното задоволство, а 3 тврдења се однесуваат на ситуациско задоволство) на кои се одговара на петостепена скала од Ликертов тип (од „1“ што означува „воопшто не се согласувам“, до „5“ што означува „сосема се согласувам“). Резултатот се добива како збир од сите тврдења, при што тврдењата 10 и 11 се бодуваат обратно. Највисокиот резултат изнесува 100, а најнискиот 20. Повисок резултат означува повисоко ниво на задоволство од животот, а понизок резултат означува пониско ниво на задоволство од животот. Во ова истражување Кронбах алфа-коефициентот изнесува 0,94.

Испитувањето беше спроведено за време на редовната настава на студентите во периодот од декември 2022 до април 2023 година, по претходно дадено објаснување за целта на истражувањето и употребата на податоците. Учеството на студентите беше доброволно, а одговорите беа дадени анонимно.

## Резултати

Во табела 1 се прикажани дескриптивните статистики за варијаблите тивко его и задоволство од животот.

**Табела 1**

*Дескриптивни статистики за тивкото его и задоволството од животот*

| | *N* | *Min* | *Max* | *M* | *SD* | *Sk* | | *Ku* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | SE | | SE |
| Тивко его | 243 | 30 | 64 | 49.83 | 5.78 | -0.29 | 0.16 | 0.36 | 0.31 |
| Задоволство од животот | 243 | 26 | 100 | 78.15 | 14.62 | -1.06 | 0.16 | 1.01 | 0.31 |

Вредностите за варијаблата тивко его прикажани во табела 1 покажуваат мала тенденција на дистрибуцијата на резултатите кон повисоки вредности,

како и ниска лептокуртична распределеност на резултатите за варијаблата тивко его.

Теоретската највисока вредност на скалата за мерење на тивкото его изнесува 70, а најниската изнесува 14. Највисокиот постигнат резултат на оваа скала изнесува 64, додека најнискиот добиен резултат е 30. Ова укажува дека не се достигнати крајните теоретски вредности. Просечната вредност која студентите ја добиле на оваа скала изнесува M = 49.83, додека дисперзијата на скоровите изнесува SD = 5.78. Оттука, може да се увиди дека добиените вредности за варијаблата тивко его се во насока благо повисока од теоретската средна вредност.

Добиените статистики за варијаблата задоволството од животот, прикажани во табела 1, покажуваат релативно висок негативен скјунес, како и релативно висок позитивен куртозис. Ова укажува дека дистрибуцијата на резултатите од задоволството од животот е искривена кон десно, лептокуртична е и ги достигнува граничните вредности за прифатливост на нормалната распределба.

Резултатите кои се однесуваат на поврзаноста помеѓу тивкото его и задоволството од животот, покажуваат дека постои позитивна поврзаност помеѓу овие две варијабли $r = .14$, $p < ,05$.

Дискусија

Добиените резултати на дескриптивно ниво во поглед на варијаблата тивко его покажуваат умерено високо ниво на застапеност на тивкото его помеѓу студентите, што е видливо од негативниот скјунес. Истовремено, распрсканоста на резултатите добиени за варијаблата тивко его е релативно голема. Причината за овој резултат може да се бара во структурата на примерокот, односно во рамномерната распределеност на испитаници од т.н. помагачки (насочени кон другите), наспроти т.н. непомагачки струки (насочени кон себеси).

Резултатите добиени за варијаблата задоволство од животот покажуваат тенденција на испитаниците кон високо задоволство од животот, што е воочливо и од негативниот скјунес добиен за оваа варијабла. Овој резултат е очекуван кога станува збор за варијаблата задоволство од животот. Имено, очекувана тенденција е добиените вредности да ја надминуваат хипотетички неутралната вредност, бидејќи личноста има биолошка и психолошка предиспозиција да биде наклонета кон благо позитивна емоционална состојба. За тоа постојат еволуциски основи, односно ја поттикнуваат личноста на активност (Спасовски, 2012).

Наодот за поврзаноста помеѓу тивкото его и задоволството од животот ги потврди очекувањата. Имено, добиена е позитивна поврзаност помеѓу

тивкото его и задоволството од животот, што означува согласност помеѓу ваквата поврзаност кај примероци од други земји, со македонски примерок (Chew & Ang, 2023; Demirci et al., 2018; Liu et al., 2023; Wayment & Bauer, 2018). Потеклото на оваа поврзаност може да се бара во неколку причини. Едната се однесува на отворениот став кој тивкото его го гради кон другите – без осудување, емпатично и сочувствително. Овие карактеристики на тивкото его се надополнуваат со отвореноста за промена и насоченоста кон психолошко растење и кај личноста создаваат начин на размислување преку кој личноста се евалуира себеси и другите како значајни и вредни личности. Тенденцијата на личноста позитивно да се евалуира себеси и другите околу неа се рефлектираат и врз тенденцијата таа позитивно да го евалуира и сопствениот живот. Сочувствителноста и емпатијата се основни фактори за градење блиски односи со другите. Тие во основа се тесно поврзани и со факторите простување и благодарност, кои се здрав потенцијал за одржување на интерперсоналните односи.

Апликативната функција на овој наод може да пронајде во воспитната пракса. Во процесот на социјално учење добро е децата да се идентификуваат со позитивните примери на емпатично, грижливо, топло и сочувствително однесување на своите родители, применувајќи ги тие обрасци на однесување не само во рамките на семејството туку и надвор од него. Овој образец на однесување дава основа и за позитивен поглед кон себеси и другите, стекнувајќи навика да ги согледува добрите и убавите аспекти кај себеси и кај другите луѓе.

Развивањето на тивкото его започнува од состојба на целосно гласно его. Луѓето се раѓаат со гласно его. Малото бебе е сосема егоистично, во таа смисла што неговата свест е ограничена единствено на барање да се задоволат неговите физиолошки потреби. Истовремено тоа е целосно зависно од другите, без нив не може да ги задоволи сопствените потреби и следствено не може да преживее. Од овој развоен почеток, па понатаму низ развојните фази, егото поминува низ транзицијата од целосна зависност од другите и тенденција да ги перципира другите како некои кои постојат во светот за да му помогнат да преживее, но и за да му служат, до намалување на зависноста од другите и зголемување на свесноста за сопствената индивидуалност и автономија. Личноста која ја има задоволено адекватно својата базична потреба за автономија, може слободно да одлучи да се реализира себеси во служењето на нешто надвор од неа или во љубовта кон некого (Франкъл, 2001). Овие форми на самонадминување се одлики на тивкото его. Овие сознанија упатуваат на можноста да најдат своја практична примена во советодавната и психолошката пракса, во рамките на кои може да се поттикнува и учи личноста

на кој начин адекватно да ја задоволува својата потреба за автономија, без да се занемари потребата за поврзаност со другите.

**Литература**

Akca, E., & Sumer, N. (2016). The quiet ego and its predictors in Turkish culture. Во Roland-Lévy, C., Denoux, P., Voyer, B., Boski, P., & Gabrenya, W. K. (Ур), *Unity, diversity and culture. Proceedings from the 22nd Congress of the International Association for CrossCultural Psychology*,1–13.

https://scholarworks.gvsu.edu/iaccp_papers/165/

Anggraeini, D. T., & Kurniawan, I. N. (2012). Self-compassion and Satisfaction with Life: A Preliminary Study on Indonesian College Students. *Conference: 3rd International Conference on Behavioral, Cognitive and Psychological Sciences, Volume: 53*. https://doi.org/10.7763/IPEDR

Batson, C. D., Lishner, D. A., Cook, J., & Sawyer, S. (2005). Similarity and Nurturance: Two Possible Sources of Emphaty for Strangers. *Basic and Applied Social Psychology, 27*(1), 15–25. https://doi.org/10.1207/s15324834basp2701_2

Bauer, J. J., & Wayment, H. A. (2008). The psychology of the quiet ego. Во Wayment, H.A. & Bauer J.J. (Ур), *Transcending self-interest: Psychological explorations of the quiet ego*, 7–19. American Psychological Association.

Baumeister, R. F., & Tierney, J. (2011). *Willpower: Rediscovering the greatest human strenght*. Penguin Press.

Baumeister, R. F., Smart, L., & Boden, J. M. (1996). Relation of threatened egotism to violence and aggression: The dark side of high self-esteem. *Psychological Review, 103*(1), 5–33. https://doi.org/10.1037/0033-295X.103.1.5

Boin, J., & Voci, A. (2019). Quiet ego and noisy ego: A useful distinction in the investigation of individual well-being and intergroup relations. *TPM-Testing, Psychometrics, Methodology in Applied Psychology*, *26*(3), 347–362. DOI: 10.4473/TPM26.3.2

Campbell, W. K., & Buffardi, L. E. (2008). The lure of the noisy ego: Narcissism as a social trap. Во H. A. Wayment & J. J. Bauer (Ур.), *Transcending self-interest: Psychological explorations of the quiet ego,* 23–32. American Psychological Association. https://doi.org/10.1037/11771-002

Chew, L. C., & Ang, C. S. (2023). The relationship among quiet ego, authenticity, self-compassion and life satisfaction in adults. *Current Psychology, 42*, 5254–5264. https://doi.org/10.1007/s12144-021-01867-5

Demirci, I., Erci, H., & Erci, F. (2018). Narcissism, Life Satisfaction, and Harmony: The Mediating Role of Self-Esteem and Self-Compassion. *Eurasian Journal of Educational Research 84*, 159–176.

Diener, E., Emmons R. A., Larsen R. J., & Griffin, S. (1985). The Satisfaction With Life Scale, *Journal of Personality Assessment, 49*:1, 71–75. https://doi.org/10.1207/s15327752jpa4901_13

Duarte, L. M., & Thompson, J. M. (1999). Sex Differences in Self-Silencing. *Psychological Reports, 85*(1), 145–161. https://doi.org/10.2466/pr0.1999.85.1.145

Emmons, R. A., & Shelton, C. M. (2002). Gratitude and the Science of Positive Psychology. Во C. R. Snyder, & S. J. Lopez (Ур.), *Handbook of Positive Psychology,* 459-471. Oxford University Press.

Harris, T. A. (1990). *Ja sam ok, ti si ok.* Medicinska knjiga.

Konrath, S. H., O'Brien, E. H., & Hsing, C. (2011). Changes in Dispositional Empathy in American College Students Over Time: A Meta-Analysis. *Personality and Social Psychology Review*, *15*(2), 180–198. https://doi.org/10.1177/1088868310377395

Liu, G. (2022). *Quiet Ego and Well-Being: The What, Why, and How -- An Investigation of the Implications of the Quiet Ego for Psychological Well-Being*. Doctoral Dissertations. https://doi.org/10.7275/27122433

Liu, G., Isbell, L. M., & Leidner, B. (2022). How Does the Quiet Ego Relate to Happiness? A Path Model Investigation of the Relations Between the Quiet Ego, Self-Concept Clarity and Well-Being. *Journal of Happiness Study, 23*, 1007–1020. https://doi.org/10.1007/s10902-021-00438-6

Lutz-Zois, C. J., Dixon, L. J., Smidt, A. M., Goodnight, J. A., Gordon, C. L., & Ridings, L. E. (2013). An examination of gender differences in the construct validity of the silencing the self-scale. *Personality and Individual Differences, 55*(1), 35–40. https://doi.org/10.1016/j.paid.2013.01.012

McCullough, M. E. (2000). Forgiveness as human strength: Conceptualization, measurement, and links to well-being. *Journal of Social and Clinical Psychology*, *19*, 43–55. https://doi.org/10.1521/jscp.2000.19.1.43

cMontoya, R. M., & Pittinsky, T. L. (2011). When increased group identification leads to outgroup liking and cooperation: The role of trust. *The Journal of Social Psychology*, *151*(6), 784–806. https://doi.org/10.1080/00224545.2010.538762

Mor, N., & Winquist J. (2002). Self-focused attention and negative affect: a meta-analysis. *Psychological Bulletin.*, *128*(4), 638–632. https://doi.org/10.1037/0033-2909.128.4.638

Neugarten, B. L., Havighurst, R. J., & Tobin, S. S. (1961). The measurement of life satisfaction. *Journal of Gerontology, 16,* 134–143. https://doi.org/10.1093/geronj/16.2.134

Pavot, W., & Diener, E. (1993). Review of the Satisfaction With Life Scale. *Psychological Assessment, 5*(2), 164–172. https://doi.org/10.1037/1040-3590.5.2.164

Penezić, (2006a). Skala zadovoljsvo zivota. Во Adorić, V. C., Propoković, Penezić, Z. & Tucak, I. (Ур) (2006). *Zbirka psihologijskih skala I upitnika*, *Svezak 3*, 20–22, Sveučilište u Zadru.

Penezić, Z. (2006б). Zadovoljsvto životom u adolescentnoj i odrasloj dobi. *Društvena istraživanja, 15*, 643–669.

Robins, R. W., & Beer, J. S. (2001). Positive illusions about the self: Short-term benefits and long-term costs. *Journal of Personality and Social Psychology, 80*(2), 340–352. https://doi.org/10.1037/0022-3514.80.2.340

Shin, D. C., & Johnson, D. M. (1978). Avowed happiness as an overall assessment of the quality of life. *Social Indicators Research, 5*, 475–492. https://doi.org/10.1007/BF00352944

Tangney, J. P., Mashek, D., & Stuewig, J. (2005). Shame, Guilt, and Embarrassment: Will the Real Emotion Please Stand Up? *Psychological Inquiry, 16*(1), 44–48.

Twenge, J. M., Exline, J. J., Grubbs, J. B., Sastry, R, Campbell, W. K (2015). Generational and Time Period Differences in American Adolescents' Religious Orientation, 1966–2014. *PLoS ONE 10*(5): e0121454. https://doi.org/10.1371/journal.pone.0121454

Veenhoven, R. (1996). The study of life satisfaction. Во Saris, W.E., Veenhoven, R., Scherpenzeel, A.C. & Buting, B. (Ур). *A comparative study of satisfaction with life in Europe*. Eotvos University Press, 11–48.

White, T. (1994). Life Positions. *Transactional Analysis Journal*, *24*(4), 269–276. https://doi.org/10.1177/036215379402400406

Wayment, H. A., & Bauer, J. J. (2018). The quiet ego: Motives for self-other balance and growth in relation to well-being. *Journal of Happiness Studies: An Interdisciplinary Forum on Subjective Well-Being, 19*(3), 881–896. https://doi.org/10.1007/s10902-017-9848-z

Wayment, H. A., & Bauer, J. J. (2017). The Quiet Ego: Concept, Measurement and Well-being. Во Robinson, M.D. & Eid, M. (Ур) *The Happy Mind: The Cognitive Contributions to Well-being*, 77–94, Springer International Publishing. https://doi.org/10.1007/978-3-319-58763-9_5

Wayment, H. A., West, T. N., & Craddock, E. B. (2016). Compassionate Values as a Resource During the Transition to College: Quiet ego, Compassionate Goals

and Self-compassion. *Journal of The First Year Expirience & Students in Transition, Vol. 28, No. 2,* 93–114.

Wayment, H. A., Bauer, J. J. & Sylaska, K. (2015). The quiet ego scale: Measuring the compassionate self-identity. *Journal of Happiness Studies, 16*, 999–1033. https://doi.org/10.1007/s10902-014-9546-z

Yang, Y., Zhang, M., & Kou, Y. (2016). Self-compassion and life satisfaction: The mediating role of hope. *Personal and Individual Differences*, *98* 91–95. http://dx.doi.org/10.1016/j.paid.2016.03.086 0191-8869

Спасовски, О. (2012). *Позитивна психологија*. Скопје, Филозофски факултет.

Франкъл, В. (2001). *Лекарят и душата. Основи на логотерапията и екзистенциалната анализа*. Леге Артис.

# THE QUIET EGO AND THE LIFE SATISFACTION AMONG STUDENTS

**Ana Đorđević**


## Abstract

The aim of this paper is to determine if there is a connection between the quiet ego and the life satisfaction among students in the Macedonian social-cultural context. Quiet ego refers to a compassionate identity that transcends egoism without simultaneously ignoring self-interest, while life satisfaction refers to a cognitive evaluation of one's own life. The research was conducted on 243 students from the first to the fourth year of the Faculty of Medicine, Pedagogy, Economics, Law and Orthodox Theology. Respondents were given the Quiet Ego Scale and the Life Satisfaction Scale. The results showed that there is a positive relationship between quiet ego and life satisfaction ($r = .14$; $p < .05$), according to expectations and in line with the findings of relevant research.


**Keywords:** *quiet ego, life satisfaction*

УДК: 159.938.072.59:364.633
*Психолоīија: наука и ӣракѿика, Vol. VII (13), 2023*

# ПРОВЕРКА НА ПСИХОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СКАЛА ПРИФАЌАЊЕ МОДЕРНИ МИТОВИ ЗА СЕКСУАЛНА АГРЕСИЈА

**Ана-Марија Спасовска**[1]

**Кратка содржина**

Истражувањето е фокусирано на проверка на психометриските карактеристики на скалата за мерење на прифаќањето модерни митови за сексуална агресија во македонски контекст. Пригодниот примерок го сочинуваат 216 учесници од кои 53,2 % беа жени. Нивната возраст е меѓу 18 и 71 години (M = 35,25; SD = 13,78) и сите се имаат стекнато најмалку со средно образование. Психометриските карактеристики на скалата на Гергер и соработниците беа проверени со спроведување анализа на тврдењата односно утврдување на нивната тежина и дискриминативност. За проверка на факторската валидност на скалата беше применета експлораторна факторска анализа (метод на главни компоненти – со ротација Варимакс). Резултатите покажаа дека добиената структура не одговара на еднодимензионален модел како што предложиле авторите на скалата. Скалата има задоволителна внатрешна хомогеност и релијабилност.

Врз основа на анализата, заклучено е дека со оглед на метриските карактеристики скалата може да се користи на наша популација. Се предлага повторување на анализата на поголеми примероци со цел да се обезбедат докази за бројот на фактори на моделот.

**Клучни зборови:** *сексуална аīресија, миѿови, факѿорска сѿрукѿура*

[1] anamarijaspasovska@gmail.com

**Вовед**

Проценките објавени од Светската здравствена организација покажуваат дека на глобално ниво, околу една од три од жените ширум светот биле изложени на физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер или сексуално насилство надвор од романтична врска во текот на нивниот живот. Поголем процент од ова насилство е насилство извршено од страна на интимен партнер. Во светот, речиси една третина од жените на возраст од 15 до 49 години кои биле во врска, изјавиле дека биле изложени на некаков облик на физичко и/или сексуално насилство од страна на нивниот интимен партнер. Низ литературата има бројни истражувања кои укажуваат на крајно негативни ефекти од сексуален напад и другите форми на насилство врз физичката, психолошката и емоционалната благосостојба на жртвите (Briere & Jordan, 2004; Dutton et al., 2006; Resnik et al., 1995).

Во литературата за социјална перцепција на сексуално насилство, верувањата кои се гледаат како поврзани со потеклото и продолжувањето на сексуалното насилство се групирани заедно под називот „митови за силување" (Brownmiller, 1975; Burt, 1980). Прифаќањето на митовите за силување – (ПМЗС) има врска со стереотипните идеи на луѓето за силување, како што е идејата дека жените лажно ги обвинуваат мажите за силување, дека силувањето не е болно, дека жените сакаат или уживаат во силувањето или дека самите жени се причина на силување или заслужуваат да бидат силувани поради инволвираност во одредени несоодветни или ризични однесувања (Burt, 1980).

Бохнер (Bohner, 1998) предложил митовите за силување да не се дефинираат како лажни, туку како „погрешни" од етичка перспектива и нивната распространетост со текот на времето да се смета за емпириски проблем, а не за дефинирачки елемент. Бохнер (Bohner, 1998) се осврнал на содржината и функциите на митовите како централни компоненти и ги дефинирал како „описни или прописни верувања за силувањето (т.е. за неговите причини, контекст, последици, сторителите, жртвите и нивната интеракција) кои служат да се негира, омаловажува или оправдува сексуалното насилство на мажите врз жените".

Причините за поддржување на митовите за силување се гледаат во нивното одржување на различни психолошки функции (Bohner, 1998; Brownmiller, 1975; Burt, 1980, 1991; Lonsway & Fitzgerald, 1994). Тие можат да им помогнат на луѓето кои имаат релативно негативен став кон жените да ги разберат и објаснат настаните во нивниот социјален свет, да ја задржат когнитивната конзистентност, да ги одвратат негативните афекти и намалувањето на самодовербата и да го рационализираат проблематичното однесување (Bohner et al., 2009).

Една предложена функција на митовите за силување е тоа што тие придонесуваат за култура на обвинување на жртвите, преку потхранување на верувањата дека жртвите се виновни, а истовремено ја минимизираат одговорноста на сторителите (Grubb & Turner, 2012). На когнитивно ниво, оваа функција е генерално поддржана со истражувања. Студиите користејќи филмски клипови кои опишуваат различни ситуации кои вклучуваат силување, од поединците бараат да го оценат степенот на вина што му е доделен на мажот за силување жена. Во студиите постојано откриваат дека учесниците кои во поголем степен ги одобруваат митовите за силување, исто така, имаат тенденција да припишуваат поголема вина на жртвата, а помалку на сторителот (Abrams et al., 2003; Frese et al., 2004; Gerger et al., 2007; Hammond et al., 2011; Hine & Murphy, 2019; Kopper, 1996; Krahé et al., 2008; Masser et al., 2010; Newcombe et al., 2008; Workman & Orr, 1996). Понатаму, се покажало дека учесниците со висок степен на ПМЗС (наспроти тие со низок ПМЗС) ја перципирале траумата на жртвата како помалку тешка и имале помала веројатност да препорачаат жртвата да го пријави инцидентот во полиција (Frese et al., 2004; Krahé, 1988). Според тоа, ПМЗС може да се замисли како когнитивна шема која го води и организира индивидуалното толкување на конкретни информации за случаите на силување (Bohner et al., 2009).

Шемите им дозволуваат на перципирачите да „надминат подалеку од дадената информација“ (Bruner, 1957), односно да заклучат работи кои всушност не биле присутни во стимулативниот материјал. Применето во митовите за силување, тоа значи дека перципирачите кои силно ги прифаќаат митовите (висок ПМЗС), може лесно да користат одредена информација содржана во случај на силување (на пример, дека жртвата пиела алкохол) или да заклучат информации што никогаш не биле презентирани (на пример, дека жртвата можеби се има согласено затоа што го познавала сторителот), како резултат на ослободување на обвинениот (Bohner et al., 2009).

Истражувањето на Бохнер и соработниците (Bohner et al., 2009) сугерира дека прифаќањето митови за силување има дивергентни функции за двата пола. Конректно за жените, степенот на одобрување митови (ПМЗС) детерминира дали тие ја вклучуваат заканата од силување во нивниот селф-концепт или ја исклучуваат оваа закана од нивниот селф-концепт. Поточно, жените кои ги отфрлаат митовите за силување, би се согласиле дека секоја жена може да биде силувана и на тој начин го доживуваат силувањето како потенцијална закана за сите жени, вклучително и за нив самите. Спротивно на тоа, жените кои ги поддржуваат митовите за силување, веруваат дека силувањето се случува само на одреден тип жена (на пример, жена која се однесува невнимателно или неправилно), која ја доживуваат како различна

од себе (Bohner, 1998; Bohner et al., 1993). Поради тоа, за жена која ги поддржува митовите за силување може да се претпостави дека верува дека е малку веројатно таа самата да биде силувана, односно дека може лично да избегне силување сѐ додека следи одредени правила (Bohner et al., 1993). Ова укажува на тоа дека жените кои ги прифаќаат митовите за силување, може да имаат самозаштитна функција, дозволувајќи им на жените да одржуваат „илузија на контрола“ (Langer, 1975) при закана од силување.

Да се биде обвинета за сопствениот сексуален напад може да биде штетно за жртвите бидејќи може да го попречуваат закрепнувањето и да предизвикуваат дополнителна трауматизација (Campbell & Raja, 1999). Жртвите кои ја споделиле нивната траума на пријатели или семејство и резултирало со нивно обвинување, имале пониска самодоверба, повеќе негативни мисли за себе, повеќе самообвинување и повисока вознемиреност поврзана со траума, како што се депресија и анксиозност (Ahrens, 2006; Bonnan-White et al., 2015; Orchowski et al., 2013).

Митовите за силување, исто така, се опишани како пример за „феноменот на праведен свет“ (Gilmartin-Zena, 1987), што претставува предиспозиција да се верува дека светот е праведно место каде што добрите работи им се случуваат на добри луѓе, а лошите работи им се случуваат само на оние кои ги заслужуваат. За да го зацврстат ова верување, луѓето често бараат докази кои сугерираат дека жртвите ја поттикнале или ја заслужиле својата несреќа (Lerner, 1980). На тој начин, митовите за силување функционираат за да објаснат зошто жртвите на силување ја заслужиле својата судбина (на пример тие „го барале“ – со начинот на облекување или однесување) и да го потврдат лажното чувство на сигурност на поединецот дека некако се имуни на силување (Lonsway & Fitzgerald, 1994).

Конечно, една од најчесто предложените функции во литературата е угнетувањето и социјалната контрола на жените (Brownmiller, 1975; Burt, 1980, 1991).

Одобрувањето на митовите за силување може да влијае врз жртвите на сексуално насилство на индивидуално, општествено и институционално ниво (Edwards et al., 2011), што пак, може да доведе до мноштво негативни последици.

Сексизмот, клучен конструкт за создавање на хостилна средина за жените и олеснување на културата за поддршка на силување, исто така може да се поврзе со обвинувањето на жртвите (Burt, 1980; Check & Malamuth, 1985). Сексистичките верувања можат да создадат средина каде што поединците веруваат дека жените сакаат да бидат принудени на сексуален однос, имајќи предвид дека тие не можат директно да кажат дека сакаат да се вклучат во

такво однесување (Jozkowski et al., 2017). Оваа перспектива дополнително го промовира прифаќањето на митовите за силување бидејќи одобрувањето на сексистичките убедувања создава средина каде што набљудувачите се скептични за пријавите на жените за силување (Chapleau et al., 2007).

Според Шапло и соработниците (2007) добиените наоди сугерираат дека иако полот директно влијае врз прифаќањето на митови за силување, хостилниот сексизам кон жените бил најсилниот предиктор за прифаќање на митовите за силување и за мажите и за жените. Сексизмот ја има улогата на медијатор во врската помеѓу полот и прифаќањето митови за силување. За позитивната корелација на беневолентниот сексизам кон жените со одобрувањето митови за силување авторите откриле дека специфичните компоненти на беневолентниот сексизам кон жените се одговорни за оваа поврзаност. Комплементарната родова диференцијација, верувањето дека жените се дами, може да се преточи во перцепција дека жените кои го прекршуваат овој стереотип се делумно одговорни правејќи се себеси ранливи на сексуални напади (на пример, со консумирање алкохол, носење разголена облека, доверба во чудни мажи итн.)

Во преглед на литературата на оваа тема Лонсвеј и Фицџералд (Lonsway и Fitzgerald, 1994), се утврдувале врските помеѓу ПМЗС и демографски варијабли кои биле истражувани. Истражувањата покажале дека мажите повеќе ги прифаќаат митовите за силување, или, ретко во некои студии се утврдило дека нема разлика во полот. Не е изненадувачки што ниту една студија сè уште не открила дека жените повеќе ги прифаќаат митовите за силување од мажите  (Lonsway & Fitzgerald, 1994).

Во согласност со трендот кон свесност за силувањето во текот на 1970-тите, Берт (Burt, 1980) објавила дека помладите поединци помалку прифаќаат митови и стереотипно размислување. Меѓутоа, по преглед на литературата направен од Лонсвеј и Фицџералд (1994) тие заклучиле дека различни студии укажуваат на врската помеѓу возраста и прифаќање на митовите за силување како неконзистентна.

Претпоставката за поврзаноста помеѓу возраста и ПМЗС е дека не постои концептуално образложение за очекување дека само биолошката возраст би била директно поврзана со ПМЗС. Нивната поврзаност се претпоставува дека се должи на некоја трета променлива која варира со возраста, на пример, образованието, ефектите од групата, религиозноста и социјалниот притисок и треба да се користи само како водич за идно истражување. На пример, ако постои возрасна група во која ПМЗС значително се менува, истражувањето би можело да се фокусира на типични искуства во тој одреден возрасен период што може да се однесува на таква промена. Повторно, врската меѓу возраста

и ПМЗС мора да се прошири на испитаници кои не спаѓаат во популација на студенти (Lonsway & Fitzgerald, 1994). Помладите и постарите учесници не се разликувале во верувањата кои имаат тенденција да ја обвинат жената за силување, но доказите сугерираат дека од една страна, помладите луѓе можеби се со поголема веројатност да го оправдаат мажот, додека од друга страна, помала е веројатноста споредено со постари луѓе да ги поддржуваат верувањата кои би го оправдале силувањето од познато лице (Johnson et al., 1997).

**Скала за Прифаќање модерни митови за сексуална агресија**

Гергер и соработниците (Gerger et al.,2007) ја развиле скалата наречена прифаќање модерни митови за сексуална агресија (Acceptance of modern myths about sexual aggression – AMMSA), која ги мери митовите на посуптилен, помалку очигледен начин и не опфаќа исклучиво митови за силување, туку и други помалку тешки форми на сексуална агресија.

Содржината на ставките на ПММСА – (Прифаќање модерни митови за сексуална агресија) ги опфаќа следните категории: (а) негирање на обемот на проблемот („Многу жени имаат тенденција погрешно да го толкуваат добронамерниот гест како „сексуален напад“), (б) антагонизам кон барањата на жртвите („Иако жртви на вооружен грабеж потоа се плашат за своите животи, тие добиваат многу помала психолошка поддршка отколку жртвите на силување“), (в) недостаток на поддршка од политики создадени да помогнат во ублажувањето на ефектите од сексуалното насилство („Во денешно време, жртвите на сексуално насилство добиваат доволна помош во форма на засолништа за жени, понуди за терапија и групи за поддршка“), (г) верувања дека машката принуда е природен дел од сексуалните односи („Кога жената започнува врска со маж, мора да биде свесна дека мажот ќе има право да бара секс“) и (д) верувања кои ги ослободуваат машките сторители преку обвинување на жртвата или околностите („Алкохолот често е виновник кога маж силува жена“).

Скалата се состои од 30 тврдења, кои се именувани како П1 до П30 во текот на целиот текст. Испитаниците одговараат со означување на степен на согласност на Ликертовата скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 7 (целосно се согласувам). Авторите спровеле четири студии за проверка на метриските карактеристики. Испитаниците кои ја комплетирале германската верзија главно биле од Германија, додека испитаниците кои ја комплетирале верзијата на англиски јазик биле од САД.

Од експлораторната факторска анализа спроведена на примероци засебни за германска и англиска верзија во три од студиите бидејќи едната не-

мала доволен број испитаници за да биде вклучена, се утврдило дека само еднофакторско решение е високо конзистентно. Оттаму заклучиле дека скалата може да се смета како соодветна за мерење на еднодимензионален конструкт. Како што очекувале авторите, мажите имале повисоки резултати на скалата во споредба со жените, меѓутоа оваа разлика била статистички значајна само за четвртата студија.

Релијабилноста на скалата во сите четири студии на кои е испитувана се движи  од Кронбах алфа α = 0,90 до α = 0,95 за германската и англиската верзија. Во три од студиите, ја провериле тест-ретест релијабилноста на скалата со временско растојание помеѓу мерењата кои се движат од 3 до 13 недели, исто така добивајќи прифатливи вредности помеѓу α = 0,67 и α = 0,88. Распределбата на резултатите на скалата низ студиите била симетрична и блиска до нормалната дистрибуција.

Како ограничување на истражувањето авторите го посочиле користењето на пригодни примероци во сите четири студии и нивна препорака е да се земат предвид социо-демографски варијабли во идни истражувања.

## Метод

### *Учесници*

За потребите на ова истражување беше користен пригоден примерок од 216 учесници од кои 53,2 % беа жени. Нивната возраст е меѓу 18 и 71 години (M = 35,25; SD = 13,78) и сите се имаат стекнато најмалку со средно образование. Од учесниците 23,6 % изјавиле дека се во романтична врска, 40,7 % дека се во брак, додека 28,7 % не се во врска, а останатите избрале опција која не ги вклучува овие категории. Карактеристиките на примерокот се прикажани во табела 1.

**Табела 1**
*Структура на примерокот според пол, возраст и образование – N (%)*

| Образование | Возраст | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Средно | 18 – 30 | 24 | 42 | 66 (68,8) |
| | 30 – 71 | 19 | 11 | 30 (31,3) |
| Високо | 18–30 | 17 | 22 | 39 (32,5) |
| | 30 – 71 | 41 | 40 | 81 (67,5) |
| | Вкупно | 101 (46,8) | 115 (53,2) | 216 (100) |

### Инструменти користени за валидациската проверка

Глик и Фиске (Glick и Fiske, 1996) го создале Инвентарот за Амбивалентен сексизам кој го гледаат како мултидимензионален конструкт кој опфаќа две компоненти на сексистички ставови: хостилен и беневолентен сексизам. Скалата содржи 22 тврдења на коишто се одговара на Ликертова скала од 0 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам). Проверка на психометриски карактеристики на инвентарот е спроведено во нашата земја (Кениг, 2016). Коефициентот на релијабилност на целосниот инструмент и за двете супскали посебно утврдени на мажи и жени укажува на прифатлива висока внатрешна хомогеност (од α = 0,60 до α = 0,76). Иако релијабилноста е пониска во споредба со онаа што ја добиле авторите на инвентарот, се третира како соодветна за мерење на конструктот.

Скалата за благодарност била создадена од Меккалоу и соработниците (2002). Ја мери благодарноста како афективна особина што ја нарекуваат наклонетост кон благодарност. Се состои од шест тврдења од кои два се инверзни на кои се одговара на Ликертова скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 7 (целосно се согласувам). Скалата има висока внатрешна конзистентност со коефициент од α = 0,82 до α = 0,87.

### Постапка

Податоците беа собирани во периодот ноември – декември, 2022 година. Прашалникот беше објавен на социјалните мрежи (Фејсбук, Инстаграм) и поставен на Гугл Формс (Google Forms) платформата. На испитаниците им беше истакнато дека учеството е доброволно и анонимно.

### Резултати

За утврдување на релијабилноста на скалата користен е методот на интер – ајтемска хомогеност, преку Кронбах алфа коефициентот. Коефициентот на релијабилност е α = 0,90. Добиениот коефициент укажува на висока внатрешна хомогеност меѓутоа надмината е вообичаено очекуваната вредност за релијабилност. Иако добиената вредност не е многу над α = 0,90, може да сугерира дека некои тврдења се вишок и да покаже дека инструментот треба да се скрати (Tavakol & Dennick, 2011). Затоа, тестирани се интер-ајтемските корелации и коефициентот на релијабилност во случај тврдењето да се отстрани. Увидот во интеркорелациите на тврдењата покажа дека нивниот опсег се протега од 0,24 до 0,68, додека просечната интерајтемска корелација меѓу тврдењата е 0,46 чија вредност е оптимална и укажува на силна вна-

трешна конзистентност и истовремено сугерира дека нема редундантност во мерењето.

*Табелата прикажана е во прилог 1*

Експлораторна факторска анализа беше спроведена за да се направи споредба на моделот од Гергер и соработниците (Gerger, 2007), кои заклучиле за скалата дека мери унидимензионален конструкт, со еднофакторско решение и податоците добиени во нашата култура. Кајзер-Мејер-Олкин (КМО = 0,863) ја надминува критичната вредност од 0,60 и Барлетовиот тест на сферичност ($\chi2$ = 2284,34; (435), p < ,01) кој е статистички значаен, индицираат дека може да се продолжи со факторска анализа.

Факторската структура добиена со метод на главни компоненти издвои 8 фактори со латентен корен над 1, кои објаснуваат 60,3 % од вкупната варијанса. При факторската анализа претставени се ортогонални ротирани матрици (со Варимакс ротација) со факторски заситувања над 0,30. Сите вклучени тврдења имаат комуналитет повисок од 0,40.

Од табела 2 може да се увиди дека има тврдења кои се проблематични во поглед на нивната заситеност на повеќе од еден фактор. Испробано е каква матрица би се добило кога би се исклучиле тврдењата чија разлика во заситеноста е помала од 0,1 на факторите на кои се наоѓа тврдењето како што се П2, П13, П15 и П18. Со исфрлањето на овие четири тврдења се создава заситеност на повеќе фактори на тврдење кои првично биле само на еден фактор, што може да укажува на силната врска на тврдењето со останатите тврдења. Поради оваа причина за да не се загрози внатрешната структура на скалата, одлучено е тврдењата да се остават.

Поради тоа што поголем дел од тврдењата имаат заситување на повеќе од еден фактор, тврдењата беа „прилепувани“ на факторот со највисоко заситување дури и за оние тврдења каде разликата е минимална, т.е. помала од 0,1.

**Табела 2**

*Матрица на факторски заситувања (ротирана), дескриптивни статистики и дискриминативност на тврдењата на ПММСА*

| | Факторско заситување на тврдењата | | | | | | M | SD | r | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | |
| П1 | | | | 0,30 | | | -0,49 | | 4,54 | 1,61 | 0,36** |
| П2 | 0,37 | 0,39 | | | | | | | 2,80 | 1,79 | 0,56** |
| П3 | 0,75 | | | | | | | | 3,11 | 1,88 | 0,59** |
| П4 | 0,73 | | | | | | | | 3,44 | 1,82 | 0,62** |
| П5 | 0,75 | | | | | | | | 3,61 | 1,87 | 0,61** |
| П6 | | 0,65 | | | | | | | 4,03 | 2,13 | 0,60** |
| П7 | | | | | 0,67 | | | | 3,58 | 2,01 | 0,40** |
| П8 | 0,31 | | | 0,61 | | | | | 3,31 | 2 | 0,60** |
| П9 | 0,32 | | 0,42 | | | | | | 3,16 | 1,97 | 0,58** |
| П10 | | | 0,34 | 0,53 | | 0,34 | | -0,36 | 4,86 | 1,75 | 0,40** |
| П11 | | | | | | | | 0,76 | 1,77 | 1,39 | 0,40** |
| П12 | | | 0,71 | | | | | | 3,67 | 2,14 | 0,58** |
| П13 | | | 0,36 | 0,31 | | 0,3 | | | 3,98 | 2 | 0,66** |
| П14 | | | | 0,46 | | 0,64 | | | 4,18 | 1,58 | 0,37** |
| П15 | 0,44 | | 0,47 | | | | | | 4,11 | 1,94 | 0,55** |
| П16 | 0,69 | | | | | | | | 3,37 | 1,94 | 0,71* |
| П17 | | | 0,66 | | | | | | 3,13 | 1,99 | 0,48** |
| П18 | 0,49 | | 0,52 | | | | | | 3,29 | 2,01 | 0,67** |
| П19 | | | | | | 0,68 | | | 5,22 | 1,62 | 0,30** |
| П20 | | | | | | | 0,66 | | 3,03 | 2,07 | 0,42** |
| П21 | | 0,73 | | | | | | | 3,19 | 2,07 | 0,52** |
| П22 | 0,59 | | | | | | 0,41 | | 3,22 | 1,76 | 0,70** |
| П23 | 0,34 | | | | | | 0,45 | | 3,38 | 1,72 | 0,57** |
| П24 | | 0,71 | | | | | | | 3,10 | 1,84 | 0,44** |
| П25 | | 0,32 | | | 0,33 | 0,46 | | | 4,31 | 1,73 | 0,43** |
| П26 | | | | 0,71 | | | | | 3,57 | 2,05 | 0,52** |
| П27 | 0,48 | | 0,30 | 0,36 | | | 0,39 | | 3,50 | 1,88 | 0,70** |
| П28 | | | | | 0,71 | | | | 2,96 | 1,74 | 0,31** |
| П29 | | | | | 0,52 | 0,36 | | | 2,31 | 1,75 | 0,40** |
| П30 | | | | | 0,69 | | | 0,33 | 2,35 | 1,74 | 0,30** |

** $p < 0,01$

* $p < 0,05$

Иако тврдењата се распоредени на 8 фактори (табела 2), седмиот и осмиот фактор не го исполнуваат условот за минимум 3 тврдења по еден фактор (Child, 2006).

Првиот фактор има „најчиста ситуација", односно има најмногу тврдења кои не се „вмешуваат" со други фактори. Во факторот спаѓаат тврдењата П3, П4, П5, П6, П22 и П27 што по нивната содржина овој фактор може да биде именуван како Лажни обвиненија и погрешно толкување од страна на жените за сексуално насилство. Во вториот фактор се вклучени тврдењата П2, П6, П21 и П24 кои го даваат името на факторот како Сфаќање на машката сексуалност како хидрауличен механизам кој мора да се ослободи од тензија/ мажот мора да ја исфрли сексуалната тензија нанадвор. Третиот фактор не е сосема чист најверојатно поради тоа што има тврдења кои имаат заситување и на други фактори. Сепак тврдењата П9, П12, П13, П15, П17 и П18 можат да го дадат називот на факторот како Префрлање одговорност на однесувањето на жените и стереотипизирање на родови улоги/ жените првично иницираат однос, па потоа се повлекуваат. Истото се однесува и за четвртиот фактор (П1, П8, П10 и П26) се чини дека бара контекстуални фактори, но сепак би го именувале Рационализирање на  сексуална агресија. Петтиот фактор (П7, П28, П29 и П30) се однесува на реакциите на општеството и може да се именува Жртвите на сексуално насилство доволно ја добиваат потребната помош. Во шестиот фактор (П14, П19 и П25) повторно акцентот е ставен на улогата на општеството и би се именувал како Сексуалното насилство не е вистински општествен проблем. Во седмиот фактор се само тврдењата П20 и П23 кои по содржина немаат конкретна одлика што ги издвојува од другите фактори, меѓутоа сепак може да се увиди дека станува збор за Негирање на насилство во одредени контексти. Осмиот фактор не можеме да го сметаме во вистинска смисла како фактор поради тоа што содржи само еден тврдење П11 – Секоја жена која е доволно невнимателна да оди низ „темните улички" ноќе, делумно самата е виновна ако е силувана. Ова тврдење има многу висока факторска заситеност и не е лоциран на ниту еден друг фактор што укажува дека испитаниците ова тврдење го перципирале различно од останатите. Потребно е негова реформулација за користење на скалата за наша популација или негово исфрлање.

Како показател на дискриминативноста на тврдењата, беше користен внатрешен критериум за тестирање на дискриминативноста, со употреба на Пирсонов коефициент на корелација на секој поединечен тврдење со вкупниот резултат. Преку проверка на поврзаноста на тврдењата со вкупниот резултат на скалата се идентификува статистички значајна корелација на ниво 0,01 кај сите тврдења и поради тоа сите тврдењатасе третираат како дискриминатив-

ни. Опсегот на тежината на тврдењата се движи од М = 1,77 за тврдењето со П11 („Секоја жена која е доволно невнимателна да оди низ „темните улички“ ноќе, делумно самата е виновна ако е силувана.“) до најголемата тежина М = 5,22 за тврдењето П19 („Кога политичарите се занимаваат со темата за силување, тоа го прават главно затоа што оваа тема веројатно ќе го привлече вниманието на медиумите.“). Овие податоци се приложени во табела 2.

За да се провери дискриминативноста на скалата употребен е Смирнов – Колмогоров тест. Се утврди дека инструментот не дава нормална дистрибуција со М = 104,09 и SD = 28,84, со статистичка значајност од 0,01. Кај оваа група испитаници, дистрибуцијата не е доволно слична на нормалната.

За проверување на конвергентната и дискриминантната валидност на Скалата за прифаќање модерни митови за сексуална агресија, беа утврдени нејзините корелации со други инструменти. Добиените коефициенти на корелација се претставени во табела  3.

**Табела 3**

*Коефициенти на корелација помеѓу ПММСА, ХС – хостилен сексизам, БС – беневолентен сексизам, Б – благодарност*

| | ПММСА | ХС | БС | Б |
|---|---|---|---|---|
| ПММСА | - | | | |
| ХС | 0,77** | - | | |
| БС | 0,58** | 0,50** | - | |
| Б | -0,11 | -0,09 | -0,10 | - |

**p < 0,01

Од табела 3 може да се утврди дека добиена е статистички значајна позитивна корелација помеѓу ПММСА и двете супскали на амбивалентен сексизам. Добиениот наод оди во прилог на наодот од истражувањето на Чаптеу и соработниците (2007), како и од авторите кои ја конструирале скалата ПММСА. Исто така од табела 3 каде што се прикажани добиените корелации може да се забележи дека супскалата хостилен сексизам има поголема поврзаност со ПММСА од беневолентен сексизам што оди во прилог со наодите на Гергер и соработниците (Gerger et ai., 2007). Со ова, добиена е потврда во прилог на конвергентната валидност.

Во ова истражување, за да се докаже дека конструктот за прифаќање модерни митови за сексуална агресија е концептуално различен од афективните особини беше користена Скалата за благодарност. Од табела 3 се утврвува

дека нема корелација помеѓу ПММСА и Скалата за благодарност со што иницијално ја потврдува дискриминативната валидност.

Авторите кои ја конструирале скалата, немаат обезбедено податоци за разлика помеѓу групи, со исклучок на статистички значајната разлика во полот. Поради тоа што скалата во овој примерок нема нормална дистрибуција, разликите помеѓу групите беа тестирани со примена на непараметарски Mann – Whitney тест, што често се практикува во психолошки истражувања (Nachar, 2008).

Тестот утврди статистички значајна разлика помеѓу мажите и жените во однос на прифаќање модерни митови за сексуална агресија ($U = 2702{,}50$; $z = -6{,}78$; $p < {,}01$). Прифаќањето модерни митови за сексуална агресија е поизразено кај мажите ($Mdn = 139$), отколку кај жените.

Добиена е статистички значајна разлика помеѓу лицата до 30-годишна возраст и лицата над 30-годишна возраст во поглед на прифаќање модерни митови за сексуална агресија ($U = 4255{,}00$; $z = -3{,}43$; $p < {,}01$). Одобрувањето модерни митови за силување е поизразено кај лица што се над 30-годишна возраст ($Mdn = 122{,}67$), отколку лица кои се под 30-годишна возраст ($Mdn = 93{,}52$).

Со анализата не беше утврдена статистички значајна разлика помеѓу лицата што имаат завршено средно и лицата што се имаат стекнато со повисоко образование ($U = 5639{,}00$; $z = -{,}265$; $p > {,}05$). Од добиениот наод повторно не се добива конкретен заклучок во поглед на степенот на образование кај учесниците, што исто така е случај и во прегледот на литературата спроведена од Лонсвеј и Фицџералд (Lonsway и Fitzgerald, 1994).

## Дискусија

Во анализа на тврдењата П11 – Секоја жена која е доволно невнимателна да оди низ „темните улички“ ноќе, делумно самата е виновна ако е силувана е тврдење кој најмногу отстапува во однос на тежината од другите тврдења, и освен тоа, се покажа како нетипичен за било кој од генерираните фактори. Причината за несогласувањето со ова тврдење од мнозинството испитаници може да лежи во експлицитното обвинување што се префрла на жената и да имплицира на добро познатата изјава „сама си го барала“ што често може да се слушне по медиумите кога станува збор за жртва на насилство. Ова тврдење ја нема суптилноста како другите тврдења подоцна во факторската анализа се забележува дека е единствениот кој е лоциран на осмиот фактор, па поради тоа подобро би било за структурата на скалата да биде отфрлен. Интересен е фактот што П19 – Кога политичарите се занимаваат со темата за силување, тоа го прават главно затоа што оваа тема веројатно ќе го привлече

вниманието на медиумите е „најлесното тврдење" што може да биде резултат на политичката состојба и генералното незадоволство во нашата земја. Препорачливо би било овие две тврдења да се преформулираат за да одговараат на нашата популација.

Она на кое треба да се обрне внимание е спроведената експлораторна факторска анализа на македонска популација. Факторската анализа покажа дека конструктот е далеку од еднодимензионален како што установиле Гергер и соработниците (Gerger et al., 2007). Важно е да се напомене дека самите автори забележуваат на добиените неконзистентни резултати од факторските анализи што не е невообичаено за скали на традиционални митови за силување. Дополнуваат дека ниту едно истражување не обезбедува убедливо теоретско образложение за повеќедимензионален приод. Сепак според спроведеното истражување во кое ги имаме високите факторски заситувања на повеќе фактори кои содржински креираат една целина, не можеме да се одлучиме за еднофакторско решение. Поради тврдењата кои се лоцирани на повеќе фактори, не може да се добие јасна слика за колку фактори станува збор. Се забележува дека петтиот и шестиот фактор содржат тврдења кои го опфаќаат истиот домен, а тоа е односот на општеството кон жртвите на сексуално насилство, па затоа и некои од овие тврдења се лоцирани и на двата фактори.

Вреди да се спомне мета-анализата на Андерсон и соработниците (Anderson et al., 1997) која ги истражувала севкупните ставови кон силувањето. Нивните наоди откриле дека мажи, повозрасни луѓе и луѓе со низок социо-економски статус повеќе ги прифаќаат митовите за силување. Дополнително на тоа во согласност со некои теоретски рамки, традиционални верувања за родовите улоги, потреба за доминација и моќ, агресија и конзервативни политички верувања биле предиктори за прифаќање силување.

Во однос на разлики помеѓу групи на македонска популација се потврди очекувањето дека мажите повеќе ги прифаќаат митовите за силување од жените. Добиениот резултат се совпаѓа со претходните истражувања кои покажале дека мажите укажуваат на поголемо одобрување на митовите за силување отколку жените (на пример, Davies et al., 2012; Mégias et al., 2011; Reilly et al., 1992; Suarez & Gadalla, 2010; Johnson et al., 1997; Starosta & Schuller, 2020). Една причина за ваквите конзистентни резултати може да биде елаборирана преку феминистичките теории кои сугерираат дека сексуалното насилство е овековечено од патријархалниот систем каде што мажите имаат повисок статус и поголема моќ од жените. Со оглед на маргинализацијата на жените во патријархално општество и нивните искуства, митовите за силување служат за легитимизирање и толеранција на сексуалното насилство врз жените

(Edwards et al., 2011). Сепак оваа каузална врска допрва треба да се утврди, а феминистичките истражувања често ја комбинираат родовата нееднаквост со други структурни причини како што е сиромаштијата (Austin & Kim, 2000).

Резултатот каде повозрасните испитаници даваат поголема согласност на митовите за силување од помладите испитаници исто така оди во прилог на досегашни истражувања.

Во мета-анализата укажано е дека повозрасните испитаници имаат повеќе прифаќачки ставови кон силувањето од помладите испитаници. Иако е можно овој наод да претставува развоен ефект, односно како што луѓето растат, нивните ставови кон силувањето стануваат сè поприфатливи, наодот може да биде и кохерентен ефект, што укажува дека социјалните ставови кон силувањето стануваат сè помалку прифатливи, а помладите луѓе биле социјализирани со овие нови верувања (Anderson, 1997).

Добиените разлики за полот и возраста на испитаниците на нашата популација кои одат во прилог на утврдените разлики во други релевантни истражувања се од голема важност за применливоста на оваа скала во нашата земја. Степенот на образование не се покажа како предиктор, меѓутоа можно е резултатот да се должи на други фактори кои се меѓусебно поврзани со образование како, на пример, повисок социо-економски статус мерен преку варијаблите како образование и професионален статус е поврзан со пониско одобрување на митовите (Burt, 1980), меѓутоа оваа поврзаност не е опширно тестирана.

Општ заклучок што може да се донесе по спроведената анализа е дека инструментот има потенцијал да биде применлив во нашата земја. Со ова истражување се потврди дека и во нашата земја луѓето имаат верувања кои негативно се одразуваат врз безбедноста на жените и динамиката која се остварува во интерперсоналните односи.

**Литература**

Abrams, D., Viki, G. T., Masser, B., & Bohner, G. (2003). Perceptions of stranger and acquaintance rape: The role of benevolent and hostile sexism in victim blame and rape proclivity. *Journal of personality and social psychology*, *84*(1), 111–125. https://doi.org/10.1037/0022-3514.84.1.111

Ahrens, C. E. (2006). Being Silenced: The Impact of Negative Social Reactions on the Disclosure of Rape. *American Journal of Community Psychology*, *38*(3–4), 31–34. https://doi.org/10.1007/s10464-006-9069-9

Anderson, K., Cooper, H., & Okamura, L. (1997). Individual differences and attitudes toward rape: A meta-analytic review. *Personality and Social Psychology Bulletin, 23*, 295–315.

Austin, R. L., & Kim, S. Y. (2000). A cross-national examination of the relationship between gender equality and official rape rates. *International Journal of Offender Therapy and Comparative Criminology, 44*, 204–221.

Bohner, G. (1998) *Vergewaltigungsmythen* [*Rape Myths*]. Landau, Germany: Verlag Empirische Pädagogik.

Bohner, G., Eyssel, F., Pina, A., Siebler, F., & Viki, G. T. (2009). Rape myth acceptance: Cognitive, affective, and behavioural effects of beliefs that blame the victim and exonerate the perpetrator. In M. A. H. Horvath & J. M. Brown (Eds.), *Rape: Challenging contemporary thinking* (pp. 17-45). Cullompton, UK: Willan. https://doi.org/10.4324/9781843927129

Bohner, G., Weisbrod, C., Raymond, P., Barzvi, A. and Schwarz, N. (1993) ‘Salience of rape affects self-esteem: the moderating role of gender and rape myth acceptance’, *European Journal of Social Psychology*, 23: 561–79.

Bonnan-White, J., Hetzel-Riggin, M. D., Diamond-Welch, B. K., & Tollini, C. (2015). “You Blame Me, Therefore I Blame Me”: The Importance of First Disclosure Partner Responses on Trauma-Related Cognitions and Distress. *Journal of Interpersonal Violence*, *33*(8), 1260–1286. https://doi.org/10.1177/0886260515615141

Briere J, Jordan CE. (2004). Violence against women: Outcome complexity and implications for assessment and treatment. *J Interpers Violence* 19:1252–1276.

Brownmiller, S. (1975). Against our will: Men. *Women and Rape*, *15*, 105.

Bruner, J. S. (1957) ‘Going beyond the information given’, in J. S. Bruner, E. Brunswik, L. Festinger, F. Heider, K. F. Muenzinger, C. E. Osgood and D. Rapaport (eds), *Contemporary Approaches to Cognition*. Cambridge, MA: Harvard University Press, pp. 41–69.

Burt, M. R. (1980) ‘Cultural myths and supports of rape’, *Journal of Personality and Social Psychology*, 38: 217–30.

Burt, M. R. (1991) 'Rape myths and acquaintance rape', in A. Parrot and L. Bechhofer (eds), *Acquaintance Rape: The Hidden Crime*. New York: Wiley, pp. 26–40.

Campbell, R., & Raja, S. (1999). Secondary Victimization of Rape Victims: Insights From Mental Health Professionals Who Treat Survivors of Violence. *Violence and Victims*, *14*(3), 261–275. https://doi.org/10.1891/0886-6708.14.3.261

Chapleau, K. M., Oswald, D. L., & Russell, B. L. (2007). How ambivalent sexism toward women and men supports rape myth acceptance. *Sex Roles*, *57*, 131–136. https://doi.org/10.1007/s11199-007-9196-2

Check, J. V. P., & Malamuth, N. (1985). An empirical assessment of some feminist hypotheses about rape. *International Journal of Women's Studies*, *8*, 414–423.

Child, D. (2006). The Essentials of Factor Analysis. (3rd ed.). New York, NY: Continuum International Publishing Group.

Davies, M., Gilston, J., & Rogers, P. (2012). Examining the Relationship Between Male Rape Myth Acceptance, Female Rape Myth Acceptance, Victim Blame, Homophobia, Gender Roles, and Ambivalent Sexism. *Journal of Interpersonal Violence*, *27*(14), 2807–2823. https://doi.org/10.1177/0886260512438281

Dutton MA, Green BL, Kaltman SI, Roesch DM, Zeffiro TA, Krause ED. (2006). Intimate partner violence, PTSD, and adverse health outcomes. *J Interpers Violence* 21:955–968.

Edwards, K. M., Turchik, J. A., Dardis, C. M., Reynolds, N., & Gidycz, C. A. (2011). Rape Myths: History, Individual and Institutional-Level Presence, and Implications for Change. *Sex Roles*, *65*(11–12), 761–773. https://doi.org/10.1007/s11199-011-9943-2

Frese, B., Moya, M. and Megías, J. L. (2004) 'Social perception of rape: how rape myth acceptance modulates the influence of situational factors', *Journal of Interpersonal Violence*, 19: 143–61.

Gerger, H., Kley, H., Bohner, G., & Siebler, F. (2007). The acceptance of modern myths about sexual aggression scale: Development and validation in German and English. *Aggressive Behavior: Official Journal of the International Society for Research on Aggression*, *33*(5), 422–440.

Gilmartin-Zena, P. (1987). Attitudes toward rape: Student characteristics as predictors. *Free Inquiry in Creative Sociology*, *15*(2), 175–182.

Glick, P., & Fiske, S. T. (1996). The Ambivalent Sexism Inventory: Differentiating hostile and benevolent sexism. *Journal of Personality and Social Psychology, 70*(3), 491–512. https://doi.org/10.1037/0022-3514.70.3.491

Grubb, A., & Turner, E. (2012). Attribution of blame in rape cases: A review of the impact of rape myth acceptance, gender role conformity and substance use

on victim blaming. *Aggression and Violent Behavior*, *17*(5), 443–452. https://doi.org/10.1016/j.avb.2012.06.002

Hammond, E. M., Berry, M. A., & Rodriguez, D. N. (2011). The influence of rape myth acceptance, sexual attitudes, and belief in a just world on attributions of responsibility in a date rape scenario. *Legal and criminological psychology*, *16*(2), 242–252. https://doi.org/10.1348/135532510X499887

Hine, B., & Murphy, A. (2019). The influence of 'High' vs. 'Low' rape myth acceptance on police officers' judgements of victim and perpetrator responsibility, and rape authenticity. *Journal of Criminal Justice*, *60*, 100–107. https://doi.org/10.1016/j.jcrimjus.2018.08.001

Johnson, B. E., Kuck, D. L., & Schander, P. R. (1997). Rape Myth Acceptance and Sociodemographic Characteristics: A Multidimensional Analysis. *Sex Roles*, *36*(11/12), 693–707. https://doi.org/10.1023/a:1025671021697

Jozkowski, K. N., Marcantonio, T. L., & Hunt, M. E. (2017). College students' sexual consent communication and perceptions of sexual double standards: A qualitative investigation. *Perspectives on Sexual and Reproductive Health*, *49*, 237–244. https://doi.org/10.1363/psrh.12041

Кениг, Н. (2016). Психометриски карактеристики на Инвентарот на амбивалентен сексизам и можностите за негово користење. *Годишен зборник на Филозофски факултет, 67*, 67–82.

Kopper, B. A. (1996). Gender, gender identity, rape myth acceptance, and time of initial resistance on the perception of acquaintance rape blame and avoidability. *Sex Roles*, *34*(1–2), 81–93. https://doi.org/10.1007/bf01544797

Krahé, B. (1988) 'Victim and observer characteristics as determinants of responsibility attributions to victims of rape', *Journal of Applied Social Psychology*, 18: 50–8.

Langer, E. J. (1975). The illusion of control. *Journal of Personality and Social Psychology,* 32(2), 311-328. https://doi.org/10.1037/0022-3514.32.2.311

Lerner, M. J. (1980). *The belief in a just world: Afundamental delusion.* New York: Pienam.

Lonsway, K. A. and Fitzgerald, L. F. (1994) 'Rape myths: in review', *Psychology of Women Quarterly*, 18: 133–64.

Masser, B., Lee, K., & McKimmie, B. M. (2010). Bad woman, bad victim? Disentangling the effects of victim stereotypicality, gender stereotypicality and benevolent sexism on acquaintance rape victim blame. *Sex Roles*, *62*, 494–504. https://doi.org/10.1007/s11199-009-9648-y

McCullough, M. E., Emmons, R. A., & Tsang, J.-A. (2002). The grateful disposition: A conceptual and empirical topography. *Journal of Personality and Social Psychology, 82*(1), 112–127. https://doi.org/10.1037/0022-3514.82.1.112

Nachar, N. (2008). The Mann-Whitney U: A Test for Assessing Whether Two Independent Samples Come from the Same Distribution. *Tutorials in Quantitative Methods for Psychology* 4(1), 13–20.

Newcombe, P. A., Van Den Eynde, J., Hafner, D., & Jolly, L. (2008). Attributions of responsibility for rape: Differences across familiarity of situation, gender, and acceptance of rape myths 1. *Journal of Applied Social Psychology*, *38*(7), 1736–1754.

Orchowski, L. M., Untied, A. S., & Gidycz, C. A. (2013). Social Reactions to Disclosure of Sexual Victimization and Adjustment Among Survivors of Sexual Assault. *Journal of Interpersonal Violence*, *28*(10), 2005–2023. https://doi.org/10.1177/0886260512471085

Reilly, M. E., Lott, B., Caldwell, D. & DeLuca, L. (1992). Tolerance For Sexual Harassment Related To Self-Reported Sexual Victimization. *Gender & Society*, *6*(1), 122–138. https://doi.org/10.1177/089124392006001008

Starosta, C., & Schuller, R. A. (2020). Perceptions of Sexual Assault: Effects of Victim Physiological Arousal and Victim Gender on Jurors' Decisions. *Journal of Interpersonal Relations, Intergroup Relations and Identity*, *13*, 48–60. https://doi.org/10.33921/zfhp7561

Suarez, E., & Gadalla, T. M. (2010). Stop Blaming the Victim: A Meta-Analysis on Rape Myths. *Journal of Interpersonal Violence*, *25*(11), 2010–2035. https://doi.org/10.1177/0886260509354503

Tavakol, M., & Dennick, R. (2011). Making Sense of Cronbach's Alpha. *International Journal of Medical Education*, 2, 53-55. http://dx.doi.org/10.5116/ijme.4dfb.8dfd

Workman, J. E., & Orr, R. L. (1996). Clothing, sex of subject, and rape myth acceptance as the effects of victim stereotypicality, gender stereotypicality and benevolent sexism on acquaintance rape victim blame. *Sex Roles*, *62*(7-8), 494-504. https://doi.org/10.1007/s11199-009-9648-y

## Прилог 1

### Податоци за интерајтемски корелации

М (доколку тврдењето се отстрани) SD (доколку тврдењето се отстрани)

Ајтем – тотал корелација Кронбах алфа (доколку тврдењето се отстрани)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П1 | 99,55 | 800,97 | 0,31 | 0,90 |
| П2 | 101,29 | 777,99 | 0,51 | 0,90 |
| П3 | 100,98 | 772,11 | 0,54 | 0,90 |
| П4 | 100,65 | 770,13 | 0,58 | 0,90 |
| П5 | 100,48 | 769,69 | 0,57 | 0,90 |
| П6 | 100,06 | 762,22 | 0,56 | 0,90 |
| П7 | 100,50 | 790,14 | 0,33 | 0,90 |
| П8 | 100,77 | 767,13 | 0,55 | 0,90 |
| П9 | 100,93 | 770,71 | 0,53 | 0,90 |
| П10 | 99,23 | 795,22 | 0,34 | 0,90 |
| П11 | 102,32 | 802,03 | 0,36 | 0,90 |
| П12 | 100,42 | 764,93 | 0,53 | 0,90 |
| П13 | 100,11 | 759,94 | 0,62 | 0,90 |
| П14 | 99,91 | 800,50 | 0,33 | 0,90 |
| П15 | 99,98 | 773,85 | 0,50 | 0,90 |
| П16 | 100,71 | 756,33 | 0,68 | 0,90 |
| П17 | 100,96 | 780,66 | 0,43 | 0,90 |
| П18 | 100,80 | 758,11 | 0,63 | 0,90 |
| П19 | 98,87 | 806,70 | 0,25 | 0,91 |
| П20 | 101,06 | 786,15 | 0,36 | 0,90 |
| П21 | 100,90 | 774,57 | 0,46 | 0,90 |
| П22 | 100,87 | 763,51 | 0,67 | 0,90 |
| П23 | 100,70 | 778,95 | 0,52 | 0,90 |
| П24 | 100,99 | 788,96 | 0,39 | 0,90 |
| П25 | 99,78 | 792,34 | 0,38 | 0,90 |
| П26 | 100,51 | 775,15 | 0,46 | 0,90 |
| П27 | 100,58 | 759,75 | 0,66 | 0,90 |
| П28 | 101,13 | 803,64 | 0,26 | 0,91 |
| П29 | 101,78 | 794,38 | 0,35 | 0,90 |
| П30 | 101,74 | 805,59 | 0,24 | 0,91 |

# PSYCHOMETRIC CHARACTERISTICS OF ACCEPTANCE OF MODERN MYTHS ABOUT SEXUAL AGGRESSION SCALE

**Ana-Marija Spasovska**

## Abstract

The research is focused on checking the psychometric characteristics of the scale for measuring the acceptance of modern myths about sexual aggression in the Macedonian context. The convenience sample consists of 216 participants, of which 53,2% were women. Their age is between 18 and 71 years (M = 35,25; SD = 13,78), and they all have at least a secondary education. The psychometric characteristics of the scale of Gerger and colleagues were checked by analyzing the items, that is, determining their weight and discrimination. Exploratory factor analysis (principal components method with Varimax rotation) was used to check the factorial validity of the scale. The results showed that the obtained structure does not correspond to a one-dimensional model as proposed by the authors of the scale. The scale has satisfactory internal homogeneity and reliability.

Based on the analysis, it was concluded that the scale considering the metric characteristics can be used for the covered population. It is suggested to repeat the analysis on larger samples to provide evidence for the number of factors in the model.

**Keywords:** *sexual aggression, myths, factor structure*

УДК: 159.964.2-055.1/.3
Прегледен труд

# ОСВРТ НА ТРЕТМАНОТ НА РОДОТ ВО ПСИХОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА

**Анамарија Радуловска** [1]
**Ана Маркоска**
**Јетмир Муса**

**Кратка содржина**

Во фокусот на овој труд е приказот на клучните промени во сфаќањата на родот и процесите на родова идентификација од перспектива на неколку водечки психолошки теории. На почетокот, родот бил конципиран како генетска предиспозиција, а една од првите психолошки теории за проучување на истиот била психоаналитичката теорија на Фројд, кој објаснувал дека децата развиваат различни родови идентитети низ поистоветување со родителите од сопствениот пол. На тоа се надоврзале други психоаналитички засновани теории кои ја нагласиле улогата на потребата за социјална сигурност. Наспроти ова, теориите на социјално учење сугерирале дека развојот на родовиот идентитет е одреден од социјални фактори, односно дека девојчињата и момчињата ги учат различните родови улоги преку социјализацијата низ директно поттикнување или учење по модел. Феминистички ориентираните психолози, пак, тврделе дека традиционалните психолошки теории и методи на истражување биле пристрасни и насочени против жените, како и дека родовите разлики или се преувеличувале, или, целосно се игнорирале. Во понатамошниот тек на конципирањето на развојот на родовиот идентитет, когнитивните теории дале значаен придонес, предложувајќи дека на родовиот идентитет претходи когнитивен процес, кој вклучува активно барање и организирање на информации од околината во која функционира индивидуата. Прегледот завршува со дискусија во која авторите прават кус осврт кон потребите и можностите за стимулирање на родова сензитивност и негување на благородните идеали за еднаквост врз основа на родот.

**Клучни зборови:** *родов идентитет, психоаналитички, социјални, феминистички, когнитивни теории*

[1] a.radulovska@yahoo.com

## Вовед

Интересот на психолозите за родот и родовите улоги се пројавил како резултат на разните социјални и културни промени во текот на 19-тиот век. Во овој период,  ширум Западна Европа и САД, особено актуелни биле дебатите поврзани со барањата на феминистките за право на глас, за телесна автономија, за имотни и други права на жените. Во овие дискусии, активно се вклучиле и психолозите, кои како претставници на, за тоа време, новата научна дисциплина, изнеле низа претпоставки и теоретизации за природата на жената, природата на разликите меѓу половите, родовите улоги, како и идеи за тоа како би требало да се одвиваат односите меѓу мажите и жените (Magnusson & Marecek, 2018).

Во раните денови на психологијата како наука, општото мнение било дека родот е исклучиво генетски предиспониран, па следствено на тоа, на социјалните и културните влијанија врз родовиот идентитет и манифестираното поведение бил ставен минорен акцент. Како една од првите психолошки теории во која се третирал родот, може да се спомене психоаналитичката теорија на Фројд (Freud, 1905), кој тврдел дека разликите во родовите улоги произлегуваат од вродените биолошки диференцијации меѓу мажите и жените. Имено, Фројд теоретизирал дека децата развиваат различни родови идентитети преку т.н. Едипов/Електра комплекс, низ кој момчињата се поистоветуваат со нивните татковци, а девојчињата се идентификуваат со нивните мајки, за да ја придобијат наклонетоста на родителите од спротивниот пол.

Овие ставови биле сериозно преиспитувани во текот на 20-от век, кога истражувач(к)ите почнале да ги анализираат социјалните и културолошките влијанија врз формирањето на родовиот идентитет и однесување. Притоа, како една од највлијателните теории што се појавиле во тоа време, била теоријата за социјално учење, која ја оспорила идејата дека родот е само биолошка категорија и ја истакнала значајната улога на социјализацијата во обликувањето на родовиот идентитет и пројавување.

Социо-културолошките правци, чие потекло се поврзува со теоријата на Виготски (Vygotsky, 1934), на психолозите им обезбедиле нови можности за разбирање на субјективноста и општествениот живот, во контекст на што биле креирани и нови техники за истражување, како што е тестот за имплицитна асоцијација (IAT).

Во 60-тите и 70-тите години на минатиот век, феминистичкото движење го обновило интересот за родот, што се одразило и врз истражувањата во психологијата. Феминистички ориентираните психолози тврделе дека традиционалните психолошки теории и методи на истражување биле пристрасни и хостилни кон жените, како и дека половите разлики честопати, или се

преувеличувале, или, целосно се игнорирале. Тие повикале на посеопфатно разбирање на родот, со задолжително земање предвид на социјалните и културолошките фактори кои го обликуваат родовиот идентитет и однесување (Magnusson & Marecek, 2018).

За време на овој период на активизам, во многу земји се формирале динамични интелектуални заедници на феминистички психолози (Rutherford et al., 2013). Некои од нив се обиделе сеопфатно да ги разберат општествените текови и структури кои ги одржувале социјалните нееднаквости; други својот фокус го насочиле кон изнаоѓање на соодветен начин за поддржување на жените и девојките во нивните напори за напредок и подобрување на квалитетот на својот живот; трети, пак, својот истражувачки интерес го насочиле кон мажите и момчињата и обрасците на поведенија што им ги наметнувала конвенционалната маскулиност.

Во периодот од 1980-тите до 2000-тите години се случиле и суштински промени во правниот статус на жената, нејзината телесна автономија, слободата на движење и пристапот до образование, што резултирало и со промена на нормите и практиките поврзани со бракот, грижата за децата и сексуалните слободи. Во некои делови од светот, нехетеросексуалните врски биле прифатени од социјален и правен аспект, а хомосексуалците и бисексуалците добиле значителна поддршка во нивните обиди за целосно препознавање, соодветен и егалитарен третман во јавната сфера и во приватниот живот (Bancroft, 2015; Faderman, 2015; Magnusson & Marecek, 2018).

Овој период бил одбележан и со значителен напредок во сознанијата и разбирањето на човековото однесување, во контекст на што новите технологии за невровизуализација и генетска анализа обезбедиле значајни докази за пластичноста на физичките системи и консензус дека човековиот мозок нема пол (Rippon et al., 2014; Joel et al., 2015). Оттогаш наваму, се забележува се поголемо признавање на важноста на родот во психологијата и промена кон поинклузивни и интерсекциски пристапи во неговото проучување.

Во таа насока, цели на овој труд[2] се: накусо да се прикажат клучните промени на парадигмата во теоретскиот третман на родот низ развојот на психологијата како наука, да се процени сеопфатноста и различноста на родовите теоретски перспективи, како и да се истакне важноста од создавање на посеопфатни и репрезентативни рамки, преку инкорпорирање на различни перспективи во развојот на теориите. Трудот завршува со дискусија и кус осврт

[2] Трудот произлегува од семинарска работа, изработена за потребите на предметот Род и насилство, кој е изборен предмет за студентите на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет. Трудот, како и семинарската работа, се изработени под менторство на проф. д-р Николина Кениг. Сите автори, во текот на изработката на трудот беа студенти на втора, односно на трета година на Институтот за психологија.

кон потребите и можностите за стимулирање на родова сензитивност и промовирање на родова еднаквост.

### Родот низ призмата на психодинамскиот приод

Најраните психоаналитички формулации на родовиот развој, познати под терминот психосексуален развој, биле засновани на ограниченото клиничко искуство на Фројд и неговата викторијанска пристрасност кон жените (Turkel, 2000). Тој ја нагласил улогата на искуствата од раното детство во формирањето на личноста, конципирајќи четири последователни психосексуални стадиуми во личносниот развој: орален; анален; фалусен и генитален стадиум. Дури во третиот од нив се јавува разлика во личносното формирање на момчињата и девојчињата, кога вторите ја заменуваат љубовта кон својата мајка со љубов кон таткото, поради разочарување од сознанието дека мажите имаат истакнат сексуален орган – фалус, на местото каде што тие имаат само „празнина“. Според теоријата, ова трауматско искуство доведува до јавување на „завист поради фалусот“ и пренос на чувствата кон родителот од машки пол, кој „поседува нешто што девојчето сака да го има“ (Hall et al., 1997). Притоа, овој перципиран „недостаток“, според Фројд, има централна улога во психосексуалниот развој на девојчињата, бидејќи резултира со отсуство на кастрациска анксиозност (која е карактеристична за момчињата), па така го отежнува процесот на формирање на силно суперего кај жените (Brannon, 2016).

Фројд, всушност, на тој начин сугерира дека жените се физички и морално инфериорни во однос на мажите, што влијаело врз понатамошниот тек на истражување на жените, а се разбира, имало и практични импликации. И покрај ограничената поддршка во смисла на емпириска верификација, Фројдовата теорија останала мошне долго значајна сила во концепциите за полот и родот, а нејзиното индиректно влијание и до денес е значително.

Недостигот од емпириски докази; ограничената можност за генерализација на наодите; детерминизмот; па и сексизмот и родовата пристрасност; како и прекумерното нагласување на сексуалноста се само дел од критиките упатени на Фројдовите тврдења. Проширувањето на теориите и истражувањата, како и појавата на женското ослободување, довеле до сериозно преиспитување на претходните хипотези. Во понатамошниот период, феминистички ориентираните психоаналитичар(к)и во своите ревизии, успеваат да ги задржат основните поставки на теоријата, притоа редефинирајќи ги женските атрибути како позитивни и пожелни (Turkel, 2000)

Хелен Дојч (Deutsch, 1944) била современичка на Фројд која се фокусирала на психологијата на жената. Таа се согласила со идејата дека човековото однесување е водено од несвесни импулси, но исто така верувала дека женската психологија е различна од машката (Brannon, 2016). Дојч тврдела дека жените доживуваат „завист поради фалусот“, но не затоа што сакаат да имаат фалус, туку поради тоа што ја посакуваат моќта и статусот кои мажите ги имаат во општеството.

Карен Хорнај (Horney, 1937), друга современичка на Фројд, која исто така била заинтересирана за психологијата на жената, тврдела дека Фројдовиот акцент на Едиповиот комплекс и сексуалните импулси бил премногу ограничен и не ја имал предвид сложеноста на човековата мотивација (Miletic & Price, 2002). Наместо тоа, Хорнај ја нагласила улогата на социјалните и културолошките фактори во обликувањето на човековото однесување, тврдејќи дека луѓето се првенствено водени од потребата за социјална сигурност и љубов. Таа, исто така, го критикувала ставот на Фројд, според кој жените се пасивни и мазохистички настроени, па тврдела дека овие особини не се својствени за нив, туку се резултат на општествените притисоци и очекувања (Brannon, 2016).

**Родот низ призмата на социо-психолошкиот приод**

Теориите на социјално учење (Mischel, 1968; Bandura, 1977) сугерираат дека развојот на родот доминантно го одредуваат социјалните фактори. Според овие теории, девојчињата и момчињата го стекнуваат родовиот идентитет низ учење различни улоги преку директно поттикнување; различни практики на социјализација и имитација, односно идентификација со модели. Директното поттикнување се однесува на growing срединското зајакнување на одредени облици на поведение кои трансгенерациски се пренесуваат како својствени улоги што му припаѓаат на женскиот, односно машкиот род. Понатаму, децата искусуваат различна социјализација за време на растењето, па така девојчињата стекнуваат особини кои средината ги дефинира како феминини, прифаќајќи ја женствената улога, додека момчињата се охрабруваат да бидат асертивни и маскулини. Конечно, неретка е и појавата децата да ги стекнуваат и интернализираат улогите соодветни на нивниот род преку идентификација и имитација на однесувањето на индивидуи од сопствениот пол.

Уште од најмлади години, децата учат и подоцна ги репродуцираат оние однесувања и реакции кои влегуваат во „калапот“ кој е создаден за нивниот род и во кој треба да се вклопат и тие самите. Оваа рамка се однесува на моделот на однесување кое иманентно се смета за адекватно и типично за

девојчињата, односно момчињата, врз основа на културно прифатени родови норми. Всушност, децата осознаваат дека пројавувајќи ги оние однесувања кои се стереотипни, типични за нивниот род, си обезбедуваат поголема веројатност за награда, па соодветно на тоа, во однесувањето ги задржуваат обрасците типични за полот на кој му припаѓаат (Mischel, 1968).

Повеќе современи теоретичари (пр. Maccoby, 1988; Serbin et al, 1993; Bussey & Bandura, 1999) кои го застапуваат ова гледиште, правеле истражувања со цел да обезбедат емпириска поткрепа за претпоставката дека родовиот идентитет и однесување се стекнува низ процесот на социјализација на индивидуата, па денес веќе постои сериозен корпус докази кои ја поддржуваат оваа теорија. Пристапот овозможил посеопфатно разбирање на различните социјални агенси кои влијаат врз развојот на родовиот идентитет и поттикнал на повнимателна контрола на социјалните околности во кои растат децата и родовите пораки што истите ги содржат (Bussey & Bandura, 1999).

Главните критики за овие теории се поврзани со преголемата нагласеност на улогата на посматрањето и имитирањето во процесот на учење, при што се занемарени останатите фактори како што се когнтивно-мотивациските и индивидуалните разлики (Hergenhahn & Olson, 2007). Дополнително, се замерува и за нецелосното интегрирање на важноста на поткрепувањето во процесот на обликување на однесувањето (Miller & Dollard, 1941) и минимизацијата на влијанието на генетските предиспозиции и невролошките процеси во разбирањето на учењето и поведението (Grusec, 1992), како и недоволната сензитивност за влијанието на културните разлики (Matsumoto, 2009).

Според социјално-структуралната перспектива, потеклото на родовите разлики не се лоцира во инхерентни психолошки диспозиции, туку во спротивставените општествени позиции на жените и мажите (Eagly & Wood, 1999). Оваа теорија укажува на тоа дека основната причина за родово-диференцираното однесување е диспропорционалната родова застапеност низ различни социјални улоги. Имено, различните физички атрибути, во интеракција со социјалните и еколошките услови, влијаат на улогите што конвенционално им се припишуваат на мажите и жените, поради тоа што одредени активности може поефикасно да бидат извршени од конкретен пол. Истото резултира со нивна различна поставеност во социјалната структура (Eagly & Wood, 1999). Фокусот на оваа теорија е ставена на објаснувањето како општествените структури и институции придонесуваат за развивање и зацврстување на родовите улоги и нееднаквости. Теоријата, меѓу другото, ги разгледува и нештата кои момчињата ги практикуваат со цел да ги задржат своите привилегии. Тоа може да се ситници, кои неретко жените ги сметаат за „џентлменски потези“, но во суштина се поведенија со кои тие си го обезбедуваат тронот и

*моќта над*. Ова го постигнуваат на тој начин што низ „љубезни“ гестови ги дефинираат жените како подредени, зависни од нив, додека тие автоматски и несвесно ја прифаќаат таа улога. Со отворањето на вратата од автомобилот, плаќањето на целата сметка во ресторан и сл., мажите ги конструираат жените како „другост“ во однос на нив, како нешто помалку од независните автономни мажи (Rudman & Glick, 2008).

Во суштина, теоријата сугерира дека нееднаквата социјалната моќ која ја имаат двата пола доведува до разлики во многу психолошки особини, како и во однесувањето (Ridgeway & Diekema, 1992). Како аргументи за ова гледиште, приврзаниците на оваа теорија наведуваат бројни емпириски докази. Еден од основните е тоа дека родовите разлики се поинтензивни во традиционалните општества, каде јазот во моќта е поголем, иако исклучок не се ниту оние кои се сметаат за добро развиени (пр. Wood & Eagly, 2002; Global Gender Gap Report, 2019).

Главните критики за социјално-структуралната теорија се однесуваат на тоа дека нивните сфаќања придонесуваат во зајакнувањето на традиционалната родова бинарност и превидот на различноста на родовите идентитети и изрази (Connell, 2002), занемарувањето на интерсекционалноста (Crenshaw, 1991), ненамерното зајакнување на постоечките родови стереотипи преку припишување на забележаните разлики исклучиво на општествените структури (Eagly & Wood, 2013) и несеопфатното разбирање на динамичната природа на родовите улоги (Risman, 2004).

### Родот низ призмата на когнитивистичкиот приод во психологијата

Обидувајќи се да го објаснат формирањето и развојот на родовиот идентитет и стекнувањето родови улоги кај децата, когнитивните психолози ја акцентирале улогата на сознајните процеси на собирање, процесирање и ретенција на информации поврзани со родот. Тие претпоставувале дека промените во однесувањето поврзани со родовата улога ги рефлектираат промените во начинот на кој децата го разбираат родот, изразени преку: (1) акумулација на информации за родот обезбедени од околината; (2) развојни промени во мозочните структури, што на детето му овозможуваат напредна обработка на информациите (Martin et al., 2002).

Во 60-тите години на минатиот век, Колберг (Kohlberg, 1966) ја предложил когнитивно-развојната теорија за родовите концепти, ставови и вредности кај децата. Колберг сметал дека мотивацијата на децата да учат за родот е главно интринзичка, а само во мал дел тие се стимулирани од надворешни награди или казни. Според Колберг, како што децата разбираат дека нивниот

род е постојан, мотивацијата за развој и напредок ги наведува да бараат уште повеќе информации за истиот и да се усогласат со родовите норми (Ruble et al, 2007). Тврдел дека детската когнитивна организација на светот е основа за развој на родовиот идентитет. Во тој контекст, тој говорел дека децата на возраст од 2 до 7 години прават когнитивни проценки за нивниот родов идентитет (без оглед на нивната полова припадност), за потоа да сфатат дека истиот е константен со текот на времето и низ различните ситуации. Токму ова разбирање за родот станува основа за неговиот понатамошен развој. Препознавањето на детето дека е машко или женско ја одредува и вредноста што се припишува на машките и женските особини; ја иницира желбата на детето да биде слично со истополовите деца, го стимулира развојот на родови стереотипи и ги охрабрува децата да имаат позитивни гледишта за сопствениот род.

Оваа теорија укажува дека со зголемувањето на хронолошката возраст на детето, се усложнува и неговото разбирање за родот. Според Колберг, истото претставува значаен развоен процес кој се одвива во неколку последователни фази: (1) формирање на родовиот идентитет; (2) формирање на родовата стабилност; (3) формирање на родовата постојаност (Martinez et al., 2020). Следствено, може да се говори дека теоријата на Колберг сугерирала дека родовиот развој првенствено е воден од созревањето, односно дека фазата во која се наоѓа детето одредува како тоа ги процесира информациите за родот и дека децата не започнуваат активно да ги обработуваат истите сè додека не ја достигнат родовата постојаност.

Во научните средини била водена широка дебата за тоа дали оваа теорија подразбира стекнување на родова постојаност како неопходен претходник за учење на стереотипите и следење на истополовите модели. Емпириските студии (пр. Martin & Halverson, 1981; Serbin et al., 1993; Taylor et al., 2009) сугерираат дека децата имаат само основни познавања за родот пред почетокот на процесот на родово типизирање, како и дека стереотипизацијата може да започне дури откако тие ќе можат правилно да ги означат родовите (Ruble & Martin, 1998).

Теоријата на родова шема, конципирана од страна на Бем (Bem, 1981), претпоставува дека децата учат за маскулините и феминините родови улоги од културата во која живеат. Според оваа теорија, уште од најраните фази на својот општествен развој, тие го приспособуваат своето однесување за да се усогласат со родовите норми на културата во која се развиваат.

Бем поаѓа од критиката на психоаналитичките теориите и нивната фокусираност на влијанието на биолошката основа врз развојот на родот. Спротивно од него, таа тврдела дека когнитивниот развој на детето, во комбинација со

општествените влијанија, во голема мера влијае врз моделите на размислување (т.н. шеми) што ги диктираат „машките“ и „женските“ особини.

Основата на овој модел е когнитивната структура, односно шема, што претставува констелација на асоцијации, која ја насочува и организира перцепцијата на индивидуата и помага да се поедностават и категоризираат новите информации. Шемата функционира како антиципативна структура, односно општа подготвеност да се бараат и асимилираат дојдовните информации во термини релевантни за неа. Така, шематската обработка е мошне селективна и му овозможува на поединецот да наметне структура и значење на огромната низа дојдовни стимули (Martin & Halverson, 1981). Се предлага дека децата ги развиваат и применуваат овие шеми уште на рана возраст. Дополнително, било укажано дека присуството и употребата на родовите шеми може да ги објасни начините на кои децата и возрасните ги следат, стекнуваат и помнат информациите; ставовите што ги развиваат и; начинот на кој се однесуваат.

Родовите шеми влијаат на создавање пристрасни судови и сеќавања (Ruble & Stangor, 1986; Signorella, 1987; Stangor & McMillan, 1992; Fyock & Stangor, 1994), односно одредуваат кои видови информации се забележани, кодирани и запомнети, при што оние што не се во согласност со постоечката шема, се занемаруваат, а се обработуваат само конзистентните информации (Signorella et al., 1997). Истражувањата исто така покажале дека родовите шеми можат да ги насочуваат детските преференции во изборот на играчки, бои, како и на партнер за играње (пр. Thorne, 1993; Martin & Ruble, 2010)

Бидејќи шемите се користат за интерпретација и категоризација на информациите, тие може да резултираат со носење на точни, но и неточни заклучоци. Во таа насока било утврдено дека дисторзијата на податоците од дојдовните стимули е последица на родовата шематска обработка (Bem, 1981). Промената на информациите што не се вклопуваат во тековната шема или додавањето на неутрални информации во истата, доведува до запомнување на информациите на родово конзистентен начин, што можеби не се совпаѓа со објективната реалност. Овие процеси илустрираат како родовите шеми може лесно да се одржуваат и колку истите се отпорни на промена.

Како и другите когнитивни теории, така и теоријата на родова шема, укажува на активната улога на детето во сопствениот родов развој, како и на тоа дека родовите шеми го придвижуваат и насочуваат мисловниот процес, влијаејќи на неговото поведение. Оваа теорија има значаен придонес во разбирањето на моќта и одржувањето на родовите уверувања.

Главните критики на сметка на когнитивните теории се поврзани со прекумерното нагласување на когнитивните фактори и значителното поедноставување на сложеноста на родовиот идентитет, што, според критичарите,

резултирало со занемарување на динамичната и повеќеслојна природа на родовиот развој и минимизирање на улогата на социјалните и културолошки влијанија во обликувањето на родовиот идентитет и однесување (Bussey & Bandura, 1999; Blakemore & Hill, 2007).

**Родот низ призмата на феминистички ориентираната психологија**

Феминистички ориентираните психолози не развиваат теории кои предлагаат нови механизми за стекнување родов идентитет, туку, главно се потпираат на теориите кои застапуваат сфаќање дека родот се стекнува низ социјализациските практики. Ја анализираат динамиката на моќта и ги критикуваат патријархалните структури кои придонесуваат за угнетување на жените и охрабруваат прибирање емпириски податоци за тоа како социјалните, економските и политичките системи ги зајакнуваат родовите нееднаквости. Феминистичката психологија ги предизвикува традиционалните психолошки теории и методи кои ги рефлектираат андроцентричните перспективи и ја изнесуваат на површина пристрасноста присутна во истражувањата и теоретските концептуализации на родот.

Во центарот на нивните учења се концепти како патријархат, хетеронормативност и потчинетост на жените како важни категории за родовата идентификација, но и заложби за остварување на репродуктивните права и автономијата на жената (пристап до контрацепција, права на абортус и сеопфатно сексуално образование); родовата еднаквост во можностите за кариерен напредок и еднаква платеност на работниот труд; транс-инклузивниот јазик, политики и застапување.

Современите психодинамски теории за родовиот развој се јавиле како одговор на ставот на Фројд за жените како пасивни и интелектуално инфериорни во однос на мажите. Во тој контекст, феминистките развиле психодинамски теории кои ги елиминирале проблематичните елементи во теоријата на Фројд и создале ревизии на истата кои вклучуваат позитивен став кон жените. Една од водечките претставнички на овој корпус гледишта е Ненси Чодороу (Chodorow, 1978). Таа претпоставувала дека девојчињата имаат предност во однос на момчињата во развивањето на чувството за себе, поради тоа што истите веќе се идентификувале со своите мајки. На момчињата, пак, им е потешко да развијат посебен идентитет бидејќи мора да ја отфрлат женственоста на нивните мајки (според Bueskens, 2020). Потврда за оваа хипотеза може да се најде и во емпириската студија (Benenson et al., 1998) која укажала на разлики во емоционалната блискост помеѓу мајките и ќерките, во однос на релацијата со синовите. Иако работата на Чодороу била мошне влијателна

и прифатена од многу теоретичари, сепак се јавиле и одредени критики и дебати околу нејзините идеи кои се однесувале на зајакнување на родовиот есенцијализам (идејата дека постојат вродени и фиксни разлики меѓу мажите и жените), хетеронормативност (фокус на традиционалната хетеросексуална семејна структура) и пренагласување на искуствата од раното детство (Butler & Scott, 1992; DiQuinzio, 1993).

Кетрин Мекинон (MacKinnon, 1989) ја развива својата теорија за родот како теорија на сексуалноста. Според неа, социјалното значење на родот се создава со сексуална објективизација на жените при што жените се гледаат и третираат како објекти за задоволување на машките сексуални желби. Машкоста се дефинира како сексуална доминација, а женственоста како сексуална потчинетост, при што родовите се конструираат преку еротизација на доминацијата и потчинетоста. Разликата маж/жена и динамиката на доминација/покорност меѓусебно се обликуваат. Како резултат на овој процес, родовите се по дефиниција хиерархиски организирани и оваа хиерархија е фундаментално поврзана со сексуализираните односи на моќ.

Надоврзувајќи се на работата на Џудит Батлер (Butler, 1999), Ники Саливан (Sullivan, 2003) темелно се занимава со концептот на Батлер за родова перформативност. Работата на Саливан често одразува критичко испитување за тоа како родовиот идентитет се конструира преку општествени и културни практики, предизвикувајќи ги есенцијалистичките поими за родот карактеристични за многу психолошки теории, нејзиниот придонес кон квир теоријата, се состои во деконструирањето на традиционалните норми и категории поврзани со сексуалноста и родот и критика на есенцијалистичките психолошки перспективи за идентитетот и однесувањето.

Линда Алкоф (Alcof, 2006) развива гледиште за родот како позиционираност, тврдејќи дека „самиот субјективитет (или субјективното искуство да се биде жена) и самиот идентитет на жената се конституирани од положбата на жената“ (Alcof, 2006, p.148). Алкоф смета дека постои објективна основа за разликување на поединците врз основа на (вистинските или очекуваните) репродуктивни улоги. Ова очекување ја засилува конструкцијата на родово-базираните социјални идентитети – репродуктивната улога практично одлучува развој на специфично იродени социјални идентитети.

Феминистички ориентираните психолози кои работеле кон крајот на дваесеттиот век силно се залагале за сеопфатен и интерсекциски пристап (Crenshaw, 1991; Hancock, 2016) во насока на приклонување на разни социјални категории кон родот, како што се расата, етничката припадност и социоекономскиот статус, чија различна поставеност и организираност доведува до различно искусување на родовиот идентитет од страна на индивидуата.

Социјалните норми, патријархалните околности, сликата која индивидуата ја има за своето тело, очекувањата од општеството во однос на физичкиот изглед – сите овие аспекти влијаат на нејзиното доживување на сопствениот родов идентитет (Grogan, 2021). Елизабет Спелман (Spelman, 1988) е една од најгласните противнички на т.н. родов реализам, кој претпоставува дека родот е конструиран независно од другите идентитети како раса, класа и слично. Слично, Стоун (Stone, 2007) го критикува ставот на Мекинон, дека сексуалната објективизација е состојба што го дефинира родот на жените која важи генерално, без да се земат предвид разликите низ овие категории што ја обликуваат нивната сексуалност.

Современиот феминизам во 21-от век се карактеризира со разновиден и сеопфатен спектар на перспективи, цели и стратегии. Робин Демброф, на пример, (Dembroff, 2020) смета дека сите претходни сфаќања за родот ги испуштаат од вид небинарните идентитети, заради што не може да се сметаат за доволно опфатни, а освен тоа, придонесуваат кон т.н. епистемолошка неправда. Многу феминистички ориентирани психолози се залагаат за поширока инклузивност и ја препознаваат важноста од признавањето и уважувањето на небинарните и трансродовите лица во пошироката рамка на родовата еднаквост, каде почитта кон диверзитетите е императив. Имено, во концептуализацијата на родот и родовите улоги, тие идентификуваат две доминантни гледишта: (1) традиционална, бинарна и монолитна перспектива, која признава постоење на два меѓусебно исклучувачки рода: женски и машки; (2) поотворена и пофлексибилна перспектива, според која родот е дефиниран со индивидуалната самоидентификација со повеќе можни родови идентитети (Matsuno & Budge, 2017). Спротивставените ставови меѓу претставниците на овие две гледишта може да резултира со изразено непријателство (Fausto-Sterling, 2000), чии последици не се тривијални, земајќи предвид дека доминацијата на бинарните застапници придонела кон маргинализација, вознемирување и насилство врз небинарните лица (Harrison et al., 2012). Оттука, намалувањето на оваа тензија е од големо значење за современите феминистички ориентирани теоретичар(к)и, додека идентификувањето на конструктите релевантни за прифаќањето на родовите идентитети може да обезбеди посоодветна перспектива за понатамошните интервенции, потребни за промовирање на отвореност кон небинарниот род (Molin et al., 2020).

Главната критика на феминистичките теории главно е поврзана со есенцијалистичките тенденции и широките генерализации на раниот феминизам, поврзани со искуствата и карактеристиките на жените (Butler, 1999), несеопфатното разгледување на интерсекционалноста (Crenshaw, 1991), ограничениот фокус на родовата припадност и занемарување на другите важни фактори

кои придонесуваат за индивидуалните разлики и искуства (Bem, 1993) и политичката пристрасност, односно давањето приоритет на активизмот пред научната ригорозност (Sommers, 1994).

**Дискусија**

Како што може да се види од кусиот приказ на развојот на ставовите за родот во академската психологија, тие значително еволуирале низ различните теоретски пристапи, одразувајќи ги промените во општествените ставови, културните норми и академските перспективи: од ригидни и традиционални родови улоги кои диктираат конкретни очекувања за мажите и жените, до сериозно преиспитување на бинарното разбирање на родот. Теориите за родовиот развој се клучни за поттикнување на сеопфатно разбирање за тоа како поединците го развиваат својот родов идентитет и како општествените структури влијаат врз изградбата на родовите улоги. Ова знаење има практични импликации за образованието, креирањето политики, менталното здравје и напорите за социјална правда. Со други зборови, различните доминантни академски сфаќања може значително да се рефлектираат и врз политиките и практиките во врска со третманот на половите, различните родови и сексуални идентитети.

Теориите за родовиот развој, особено оние кои ги нагласуваат срединските фактори, недвосмислено придонеле во деконструирање на штетните стереотипи поврзани со родот. Ова помага да се промовира поизразено и поппрецизно разбирање на различноста на човечките искуства и изрази. Затоа, со право се тврди дека подлабокото разбирање на родовиот развој не придонесува само за повалидно разбирање на феноменот од психолошки, социолошки и антрополошки аспект, туку придонесува и во напорите за постигнување социјална правда.

И покрај тоа што многу од теоретските стојалишта и емпириските податоци кои од нив произлегуваат, придонеле кон напредокот во смисла на егалитарно организирање на некои општества, предизвиците, како што се родовата нееднаквост, родовото насилство и постојаните стереотипизации и понатаму остануваат значајни општествени прашања, особено во земјите кои се во развој.

Земајќи ги предвид актуелните предизвици со кои се соочува GenZ генерацијата, за која родовата флуидност е мошне актуелна тема, неопходно е да се вложат поголеми напори во насока на соодветно дефинирање, разбирање и правна заштита на флуидниот родов идентитет и генерално, на небинарните родови и нехетросексуалните идентитети. За жал, дискриминацијата е сè

уште значаен проблем за овие лица, која може да биде изразена во суптилна или отворена форма, преку навредливи коментари, физички повреди, исклучување од општествените кругови и отсуство на институционална поддршка. Земајќи го предвид сè поголемиот замав и исклучително ригидната реторика на антиродовите движења, кои со своето антидемократско и популистичко дејствување претставуваат сериозна закана за севкупниот напредок во полето на родовата еднаквост, потребно е повисоко ниво на едукација на младите и граѓаните во насока на заштита на човековите права и слободи.

Поборниците за човековите права и родовата еднаквост, водејќи се по начелото дека ниедно право не е стекнато засекогаш и борбата мора да е постојана и заедничка, дејствуваат во насока на подигнување на свеста и информираноста на луѓето, промовирање на дијалог во разрешување на конфликтите, како и правна заштита, во чија основа се принципите на еднаквост и почитување на човековите права. Во контекст на горенаведеното, сметаме дека би требало да се вложат истражувачки напори и за анализа на актуелните текови на воспитување на децата и неопходниот придонес кој што родителите, врсниците и наставниците, како социјални агенси, можат и треба да го обезбедат за развојот на родовиот идентитет и однесување.

Значајно е да се спомене дека во високото образование во нашата земја, вложените напори за соодветна наобразба на стручните лица во помагачките професии, сè уште се на почетно ниво. Овој факт загрижува бидејќи токму тие треба да бидат во првите редови во грижата за физичкото и менталното здравје, образованието, развивањето и добросостојбата на сите индивидуи. Иако е за поздравување е тоа што постојат можности за критичко преиспитување на родовите прашања; што има голем број жени психолози кои се јавуваат како авторки на задолжителната стручна литература и научни трудови; и што во овие професионални сфери има доволно можности за кариерен напредок и на жените, останува да загрижува е дека прашањата за родовата сензитивност и рамноправност често се третираат како маргинални и не се генерализиран пристап во обуката и стручната практика на професионалците во помагачките професии.

Конечно, за разбирање на сложеноста на родовиот развој, важно е да се спроведуваат и дополнителни истражувања кои користат повеќедимензионални аспекти на родот. Во тој контекст, може да се говори за мултидимензионални, интердисциплинарни студии, кои се неопходни за да се разбере како конвенционалниот наспроти неконвенционалниот став кон нечиј родов идентитет се поврзува со различни исходи, како што се внатрешни психолошки состојби, интерперсонални односи, академски постигнувања и успеси во кариерата.

**Литература**

Alcof, M. L. (2006). *Visible identities: race, gender, and the self*. Oxford University Press.

Bancroft, J. (2015). *Human sexuality and problems*. Elsevier.

Bandura, A. (1977). Self-efficacy: Toward a unifying theory of behavioral change. *Psychological Review, 84*(2), 191–215. https://doi.org/10.1037/0033-295X.84.2.191

Bem, S. L. (1981). Gender schema theory: A cognitive account of sex typing. *Psychological Review*, *88*(4), 354–364. https://doi.org/10.1037/0033-295X.88.4.354

Bem, S. L. (1993). *The lenses of gender: Transforming the debate on sexual inequality.* Yale University Press.

Benenson, J. E., Morash, D., & Petrakos, H. (1998). Gender differences in emotional closeness between preschool children and their mothers. *Sex Roles*, *38*(11-12), 975–985. https://doi.org/10.1023/A:1018874509497

Blakemore, J. E. O., & Hill, C. A. (2007). The child gender socialization scale: A measure to compare traditional and feminist parents. *Sex Roles*, *58*(3-4), 192–207. https://doi.org/10.1007/s11199-007-9333-y

Brannon, L. (2016). *Gender: Psychological perspectives* (7th ed.). Taylor & Francis.

Bueskens, P. (2020). *Nancy Chodorow and the reproduction of mothering: Forty years on*. Springer Nature.

Bussey, K., & Bandura, A. (1999). Social cognitive theory of gender development and differentiation. *Psychological Review*, *106*(4), 676–713. https://doi.org/10.1037/0033-295x.106.4.676

Butler, J., & Scott, W. J. (1992). *Feminists theorize the political*. Routledge.

Butler, J. (1999). *Gender trouble: Feminism and the subversion of identity*. Routledge. https://selforganizedseminar.files.wordpress.com/2011/07/butler-gender_trouble.pdf

Chodorow, N. (1978). *The reproduction of mothering*. University of California Press.

Connell, R. (2002). *Gender*. Polity Press.

Crenshaw, K. (1991). Mapping the margins: Intersectionality, identity politics, and violence against women of color. *Stanford Law Review, 43*(6), 1241–1299. https://doi.org/10.2307/1229039

Dembroff, R. (2020). Beyond binary: Genderqueer as critical gender kind. *Philosopher's Imprint*, 20: 1–23.

Deutsch, H. (1944). *The psychology of women: A psychoanalytic interpretation* (1st vol.). Grune & Stratton.

DiQuinzio, P. (1993). Exclusion and essentialism in feminist theory: The problem of mothering. *Hypatia, 8*(3), 1–20. https://doi.org/10.1111/j.1527-2001.1993.tb00033.x

Eagly, A. H., & Wood, W. (1999). The origins of sex differences in human behavior: Evolved dispositions versus social roles. *American Psychologist, 54*(6), 408–423. https://doi.org/10.1037/0003-066X.54.6.408

Eagly, A. H., & Wood, W. (2002). A cross-cultural analysis of the behavior of women and men: Implications for the origins of sex differences. *Psychological Bulletin, 128*(5), 699–727. https://doi.org/10.1037/0033-2909.128.5.699

Eagly, A. H., & Wood, W. (2013). The nature–nurture debates: 25 years of challenges in understanding the psychology of gender. *Perspectives on Psychological Science, 8*(3), 340–357. https://doi.org/10.1177/1745691613484767

Faderman, L. (2015). *The gay revolution: The story of the struggle.* Simon & Schuster.

Fausto-Sterling, A. (2000). *Sexing the body: Gender politics and the construction of sexuality*. Basic Books.

Freud, S. (1905). *Three essays on the theory of sexuality* (7th vol.). Hogarth Press.

Fyock, J., & Stangor, C. (1994). The role of memory biases in stereotype maintenance. *British Journal of Social Psychology, 33*(3), 331–343. https://doi.org/10.1111/j.2044-8309.1994.tb01029.x

Grogan, S. (2021). *Body image: Understanding body dissatisfaction in men, women, and children* (4th ed). Routledge & CRC Press.

Grusec, J. E. (1992). Social learning theory and developmental psychology: The legacies of Robert Sears and Albert Bandura. *Developmental Psychology, 28*(5), 776–786. https://doi.org/10.1037/0012-1649.28.5.776

Joel, D., Berman, Z., Tavor, I., Wexler, N., Gaber, O., Stein, Y., Shefi, N., Pool, J., Urchs, S., Margulies, D. S., Liem, F., Hänggi, J., Jäncke, L., & Assaf, Y. (2015). Sex beyond the genitalia: The human brain mosaic. *Proceedings of the National Academy of Sciences, 112*(50), 15468–15473. https://doi.org/10.1073/pnas.1509654112

Hall, C.S., Lindzey, G., & Campbell, J. B. (1997). *Theories of personality*. Wiley.

Hancock, A.M. (2016). *Intersectionality: An intellectual history* (1st ed.). Oxford University Press. https://doi.org/10.1093/acprof:oso/9780199370368.001.0001

Harrison, J., Grant, J., & Herman, J. L. (2012). A gender not listed here: Genderqueers, gender rebels, and otherwise in the National transgender discrimination survey. *Escholarship 2*(1), 13. https://escholarship.org/uc/item/2zj46213

Hergenhahn, B. R., & Olson, M. H. (2007). *An introduction to theories of learning* (8th ed.). Pearson.

Horney, K. (1937). *The collected works of Karen Horney.* Norton.

Kohlberg, L. (1966). Cognitive stages and preschool education. *Human Development, 9*(1–2), 5–17. https://doi.org/10.1159/000270365

Maccoby, E. E. (1988). Gender as a social category. *Developmental Psychology, 24*(6), 755–765. https://doi.org/10.1037/0012-1649.24.6.755

MacKinnon, C. (1989). *Toward a feminist theory of state.* Harvard University Press.

Magnusson, E., & Marecek, J. (2018). Setting the stage: Gener, sex, and sexualities in psychology. In N. K. Dess, J. Marecek, & L. C. Bell (Eds), *Gender, sex, and sexualities: Psychological perspectives* (pp. 3-6). Oxford University Press.

Martin, C. L., & Halverson, C. F. (1981). A schematic processing model of sex typing and stereotyping in children. *Child Development, 52*(4), 1119–1134. https://doi.org/10.2307/1129498

Martin, C. L., Ruble, D. N., & Szkrybalo, J. (2002). Cognitive theories of early gender development. *Psychological Bulletin, 128*(6), 903–933. https://doi.org/10.1037/0033-2909.128.6.903

Martin, C. L., & Ruble, D. N. (2010). Patterns of gender development. *Annual Review of Psychology, 61*(1), 353–381. https://doi.org/10.1146/annurev.psych.093008.100511

Martinez, M. A., Osornio, A., Halim, M. L. D., & Zosuls, K. M. (2020). *Gender: Awareness, identity, and stereotyping*. Elsevier.

Matsumoto, D. (2009). *Culture and psychology* (5th ed.). Cengage Learning.

Matsuno, E., & Budge, S. L. (2017). Non-binary/genderqueer identities: A critical review of the literature. *Current Sexual Health Reports, 9*(3), 116–120. https://doi.org/10.1007/s11930-017-0111-8

Miletic, M. P. (2002). The introduction of feminine psychology to psychoanalysis. *Contemporary Psychoanalysis, 38*(2), 287–299. https://doi.org/10.1080/00107530.2002.10747102

Miller, N. E., & Dollard, J. (1941). *Social learning and imitation.* Yale University Press.

Mischel, W. (1968). *Personality and assessment.* John Wiley & Sons Inc.

Molin, A., Simond, A., Sato, S., Jaeggi, T., Gygax, P. M., & Meuwly, N. (2020). Linking political and feminist ideology with openness towards non-binary gender: The development and initial validation of a scale to measure subjective Openness towards non-binary gender (ONBG). *Journal of Gender Studies, 30*(8), 1–14. https://doi.org/10.1080/09589236.2020.1844644

Ridgeway, C. L., & Diekema, D. (1992). Are gender differences status differences? In C. L Ridgeway, & D. Diekema (Eds.), *Gender, interaction, and inequality* (pp. 157–180). Springer. https://doi.org/10.1007/978-1-4757-2199-7_7

Rippon, G., Jordan-Young, R., Kaiser, A., & Fine, C. (2014). Recommendations for sex/gender neuroimaging research: Key principles and implications for research design, analysis, and interpretation. *Frontiers in Human Neuroscience, 8,* Article 650. https://doi.org/10.3389/fnhum.2014.00650

Risman, B. J. (2004). Gender as a social structure: Theory wrestling with activism. *Gender and Society*, *18* (4), 429–450. https://www.jstor.org/stable/4149444

Ruble, D. N., & Stangor, C. (1986). Stalking the elusive schema: Insights from developmental and social-psychological analyses of gender schemas. *Social Cognition, 4*(2), 227–261. https://doi.org/10.1521/soco.1986.4.2.227

Ruble, D. N., & Martin, C. L. (1998). Gender development. In W. Damon & N. Eisenberg (Ed.), *Handbook of child psychology: Social, emotional, and personality development* (pp. 933–1016). John Wiley & Sons, Inc..

Ruble, D. N., Taylor, L. J., Cyphers, L., Greulich, F. K., Lurye, L. E., & Shrout, P. E. (2007). The role of gender constancy in early gender development. *Child Development, 78*(4), 1121–1136. https://doi.org/10.1111/j.1467-8624.2007.01056.x

Rudman, L. A., & Glick, P. (2008). *The social psychology of gender: How power and intimacy shape gender relations.* The Guilford Press.

Rutherford, A., Marecek, J., & Sheese, K. (2013). Psychology of women and gender. In D. K. Freedheim & I. B. Weiner (Eds.), *Handbook of psychology: History of psychology* (pp. 279–301). John Wiley & Sons, Inc..

Serbin, L. A., Powlishta, K. K., & Gulko, J. (1993). The development of sex typing in middle childhood. *Monographs of the Society for Research in Child Development*, *58*(2), 1–99. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/8474512/

Signorella, M. L. (1987). Gender schemata: Individual differences and context effects. In L. S. Liben & M. L. Signorella (Eds.), *New directions for child development, No. 38: Children's gender schemata* (pp. 23–37). Jossey-Bass.

Signorella, M. L., Bigler, R. S., & Liben, L. S. (1997). A meta-analysis of children's memories for own-sex and other-sex information. *Journal of Applied Developmental Psychology*, *18*(3), 429–445. https://doi.org/10.1016/s0193-3973(97)80009-3

Sommers, H. C. (1994). *Who stole feminism? How women have betrayed women.* Simon & Schuster.

Spelman, E. (1988). *Inessential woman*. Beacon Press.

Stone, A. (2007). *An introduction to feminist philosophy*. Polity.

Stangor, C., & McMillan, D. (1992). Memory for expectancy-congruent and expectancy-incongruent information: A review of the social and social developmental literatures. *Psychological Bulletin, 111*(1), 42–61. https://doi.org/10.1037/0033-2909.111.1.42

Sullivan, N. (2003). *A critical introduction to queer theory*. New York University Press.

Taylor, M. G., Rhodes, M., & Gelman, S. A. (2009). Boys will be boys; cows will be cows: Children's essentialist reasoning about gender categories and animal species. *Child Development, 80*(2), 461–481. https://doi.org/10.1111/j.1467-8624.2009.01272.x

Thorne, B. (1993). *Gender play: Girls and boys in school*. Rutgers University Press.

Turkel, A. R. (2000). Are we still "prisoners of gender"?: An overview of current psychoanalytic theories on women. *The American Journal of Psychoanalysis, 60*(3), 229–241. https://doi.org/10.1023/a:1001921720447

Vygotsky, L. S. (1934). *Thinking and speaking*. MIT Press.

World Economic Forum. (2019, December). *Global Gender Gap Report 2020*. https://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2020.pdf

# A REVIEW OF THE TREATMENT OF GENDER IN PSYCHOLOGY AS A SCIENCE DISCIPLINE

**Anamarija Radulovska**
**Ana Markoska**
**Jetmir Musa**

**Abstract**

The focus of this paper is the presentation of key changes in the understanding of gender and the processes of gender identification from the perspective of several leading psychological theories. In the beginning, gender was conceptualized as a genetic predisposition, and one of the first psychological theories to study it was Freud's psychoanalytic theory, which explained that children develop different gender identities through identification with parents of their sex. It was followed by other psychoanalytically based theories that emphasized the role of the need for social security. In contradistinction, social learning theories posited that the development of gender identity is contingent upon social determinants. Specifically, girls and boys purportedly acquire disparate gender roles through direct encouragement or observational learning within the framework of socialization. Conversely, feminist-oriented psychologists critiqued traditional psychological theories and methodologies, contending that they exhibit biases against women and that gender differences were either exaggerated or completely ignored. In the further course of conceptualizing the development of gender identity, cognitive theories made a significant contribution, suggesting that gender identity is preceded by a cognitive process, which includes actively seeking and organizing information from the environment in which the individual functions. The review concludes with a discussion wherein the authors briefly examine the requisites and possibilities for fostering gender sensitivity while nurturing the ideals inherent in the pursuit of gender-based equality.

**Keywords:** *gender, identity, psychoanalytic, social, feminist, cognitive theories*